**Универзитет „Св. Кирил и Методиј”**

**Филозофски Факултет-Скопје**

**Институт за безбедност, одбрана и мир**

***МАГИСТЕРСКИ ТРУД***

***Тема:***

# *УЛОГАТА НА РАЗУЗНАВАЊЕТО ВО ПРОТИВБУНТОВНИШТВО*

**ИЗРАБОТИЛ:** **Александар Илиев**

**МЕНТОР:** **Проф.д-р Митко Котовчевски**

Скопје, мај 2013 година

# СОДРЖИНА:

## УЛОГАТА НА РАЗУЗНАВАЊЕТО ВО ПРОТИВБУНТОВНИШТВО


1. **ВОВЕД** 5
   1.1 Формулирање на истражувачкиот проблем 5
   1.2 Предмет на истражувањето 10
   1.3 Цели на истражувањето 12
      1.3.1. Општа цел на истражувањето 12
      1.3.2. Посебни цели на истражувањето 12
   1.4 Хипотеза 13
      1.4.1. Генерална (општа) хипотеза 13
      1.4.2. Посебни хипотези 13
   1.5 Варијабли 14
   1.6 Индикатори 16
   1.7 Методи и техники на истражување 17
   1.8 Општествена и научна оправданост 18

2. **БУНТОВНИШТВО** **19**
   2.1. Поим и дефинирање на бунтовништво 19
   2.2. Историја на бунтовништвата 23
      2.2.1 Бунтовништва после Втората светска војна 25
      2.2.2 Бунтовништвото на крајот од 20-от и почетокот на 21-от век 26
         2.2.2.1 Косово 26
         2.2.2.2 Ирак 33
         2.2.2.3 Авганистан 42
         2.2.2.4 Израел 48
         2.2.2.5 Македонија во 2001, бунтовништво или тероризам ? 61
   2.3 Заклучок 78

3. **ПРОТИВБУНТОВНИШТВО** **82**
   3.1 Поим и дефинирање на противбунтовништво 82
   3.2 Принципи за водење на противбунтовништво и основни фактори кои влијаат за успех или несупех на противбунтовништво 83
   3.3.Економски развој и противбунтовништво 89
   3.4. Политика и противбунтовништво 91
   3.5. Безбедност, полициски и воени операции во противбунтовништво 92
   3.6. Меѓународната заедница и противбунтовништво 95
   3.7. Основи на разузнавањето во противбунтовништво 97
   3.8. Операции за информирање 98
   3.9. Разоружување, демобилизација и реинтеграција во противбунтовништво 101

3.10. Реформи на државата во противбунтовништво 102
3.11. Заклучок 103

4. **РАЗУЗНАВАЊЕ** **107**
4.1. Поимот разузнавање 107
4.2. Улога на разузнавањето во процесот на донесување одлуки 108
4.3. Разузнавачки служби 109
4.4. Разузнавачки дисциплини 111
4.5. Собирање на разузнавачки информации 113
4.6. Обработка на податоците и изработка на разузнавачки продукти 115
4.7. Дистрибуција на разузнавачките продукти 116
4.8. Разменување на разузнавачки информации со сродни служби од други држави 116
4.9. Заклучок 118

**5. РАЗУЗНАВАЊЕ ВО ПРОТИВБУНТОВНИШТВО** **120**
5.1 Собирање на разузнавачки информации во Противбунтовништво 120
5.2 Класифицирање на разузнавачките дисциплини за собирање на информации во противбунтовништво 125
5.3 Обработка на податоците и изработка на разузнавачки продукти во противбунтовништво 128
5.4 Дистрибуција на разузнавачките продукти во противбунтовништво 133
5.5 Разменување на разузнавачки информации со сродни служби од други држави 134
5.6 Можен развој на улогата на разузнавањето во противбунтовништво 135
5.7 Заклучок 136

**6. ИСТОРИСКИ ПРЕГЛЕД НА УЛОГАТА НА РАЗУЗНАВАЊЕТО ВО ПРОТИВБУНТОВНИШТВА** **139**
6.1 Косово 139
6.2 Ирак 142
6.3 Авганистан 145
6.4 Израел 147
6.5 Македонија 149
6.6 Заклучок 154

**7. УЛОГА НА ВОЕНАТА СЛУЖБА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И РАЗУЗНАВАЊЕ ВО СПРАВУВАЊЕ СО ПРОТИВБУНТОВНИШТВО** **158**
7.1 Правна регулатива 158
7.2 Моментна организација и способности за подршка на противбунтовништво 159
7.3 Заклучок за улогата на ВСБиР во справување со бунтовништво 160

**8. ЗАКЛУЧОК** **161**

**9. БИБЛИОГРАФИЈА** **172**

# 1. ВОВЕД

## 1.1 Формулирање на истражувачкиот проблем

На почетокот на 21-от век можеби и не постои држава во која не постои етничка или религиозна поделеност меѓу населението, каде нема развиена корупција во државната управа, каде нема развиен организиран криминал, каде се почитуваат сите човековите права и слободи и каде постои економска благосостојба. Денес постојат мултиетнички држави во кои малцинските етнички заедници ја перцепираат поголемата етничка заедница како окупатор. Живееме во време на војни од четврта генерација на која карактеристики се: губење на гранците меѓу цивилите и војниците, губење на границите меѓу војувањето и политиката, децентрализирано војување и присуство на недржавни актери како страна во војната. Глобализацијата како процес, ја поврза економијата во целиот Свет, но исто така силно ги поврза и терористичките и криминалните организации, а ги направи уште покомплексни политичките односи меѓу државите. Економската криза која во 21-от век го зафати скоро целиот Свет, воените конфликти и терористички напади во Европа, Америка, Африка и Азија ги зголемија антагонизмите меѓу најголемите верски групи во Светот. Вистинските како и само перцепираните проблеми на делови од популацијата, во секоја држава, предизвикуваат незадоволство кај истата. Различниот степен на демократизација на државите создава различни можности да на легитимен и ненасилен начин се решаваат проблемите на граѓаните. Во таквиот Свет, во повеќе држави е реална заканата, внатрешни групи кои се незадоволни од состојбата во која се наоѓаат, да се обидат со насилство да ја сменат власта, да предизвикат промени или да спречат промени во државата. Кај слабите држави во кои постојат економски проблеми, корупција, неефикасна власт, етнички и религиозно нехомогено население, нерешени проблеми со соседните држави и слично, постои реална закана за појава на бунтовништво.

Бунтовништвото според членките на НАТО е дефинирано како збир на активности на организирана, често пати идеолошки мотивирана група или движење, која има за цел да предизвика или да спречи политички промени од страна на владеачките авторитети, фокусирајќи се на убедување и заплашување на популацијата користејќи насилство или субверзија. И таканаречените стабилни и силни држави не се изолирани од влијанието на постоење на бунтовништво во другите држави, бидејќи самата безбедност како и се друго во Светот е глобална и комплексно поврзана. Затоа и тие држави од малку поинаков аспект, т.е. како страни кои треба да помогнат на своите послаби и понестабилни сојузници да се справат со бунтовништвото се засегнати со истото. Бунтовничките движења често се испреплетени, во себе вклучуваат елементи на терористички и криминални организации или соработуваат со терористички организации, криминални структури, разузнавачки служби од други држави, невладини организации (НВО) и владини организации (ВО) од други држави. Бунтовништвото од правен аспект е криминална активност во однос на државата во која се води, иако истовремено тоа за други држави може да биде легитимно движење за остварување на барања на одредена популација во државата во која се одвива бунтовништвото. Линијата меѓу бунтовничката организација, терористички групи, криминални структури и разузнавачки служби на странски држави е тешко да се одреди во пракса.

Според публикација на Здружениот штаб на началници на штабови на САД,[1] бунтовништвата имаат четири можни пристапи и тоа:

- Урбан терористички пристап
- Воено фокусиран пристап
- Популистички воен пристап
- Субверзивен пристап.

---

[1] Joint Chiefs of staff, JP 3-24, Counterinsurgency operations, October 2009, стр. xiii

Тероризмот и бунтовништвото делумно се преклопуваат во нивните тактики, техники и цели. Од друга страна во израелска литература се спомнува изразот терористичко бунтовништво.[2] Дефинирањето на бунтовник и бунтовништво од страна на НАТО, поради стратешката политичка, воена и економска насоченост на Р. Македонија, т.е. поради потребата за компатибилност, логично се наметнува да биде репер за дефинирање на поимот бунтовништво и во воените и во разузнавачки структури на Р. Македонија. Тоа секако не значи немање право на расправа и гледање на работите од друг аспект зависно од спецификите и интересите на Р. Македонија.

Бунтовништвата секогаш се појавуваат во слаби, неуспешни или држави кои излегуваат од криза и во кои може да постојат проблеми со: владеење на правото, корупција, непочитување на религиозни, социјални, етнички и други човекови права, меѓуетнички тензии, економска нестабилност, политичка нестабилност, спорна легитимност на Власта и др. Покрај претходноведените причини како најсилна можна причина за бунтовништво е желбата за ослободување од окупација или од перципирана окупација од страна на одредена етничка група. Таков пример на бунтовништво е она на Палестинците против Израел или на косоварите против Србија. Вистинската причина за постоење на бунтовништво се крие во една или повеќе од можните проблеми кои може да постојат во слабите, неуспешни или држави кои излегуваат од криза. Покрај причините, за постоење и успех на бунтовништво се потребни и други услови како: слаба контрола на границата од власта и надворешна подршка за бунтовниците. Бунтовниците се криминалци во однос на државата против која се борат. Поради тоа од правен аспект на државата во која се одвиваат, власта во државата треба да ги идентификува бунтовниците, да собере докази против истите, да ги уапси и да спроведе судска постапка во која ќе ја докаже вината. Уште на прв поглед е јасно дека справувањето со бунтовништво е комплексно од правен, политички, економски и воен аспект,

---

[2] http://americankafir.com/us-eu-counter-terrorism/winning-counterinsurgency-war-the-israeli-experience (пристапено на 01.05.2012 година)

**но очигледно станува и дека самата борба против бунтовништвото почнува со негово откривање, идентификување и собирање докази против бунтовниците во врска со нивните незаконски цели и активности.** Донесувачите на одлуки во државата која се соочува со бунтовништво имаат потреба од сеопфатни, точни и навремени информации за способностите, целите на бунтовниците и изворите на нивна поддршка. Без сознанија за моменталната реалност не може да се донесуваат правилни одлуки за справување со било кој проблем, а најмалку со некој така комплексен како што е бунтовништвото. Потребите за информации од наведениот вид, кои ги имаат лицата кои донесуваат одлуки во рамки на власта, може да ги задоволи само разузнавачка служба.

Разузнавачките служби како свои основни задачи ги имаат: собирање на информации, изработка и дистрибуција на проценки за донесувачите на одлуки. Бунтовништвото како нелегална, а со тоа сосема логично и тајна активност, која се одвива на територијата на државата против чија власт се води како и надвор од неа, исто така бара тајни активности во и надвор од државата водени од страна на власта која се справува со бунтовништво. Разузнавачките служби се едни од ретките инситуции кои организирано делуваат надвор од територијата на својата матична држава, а се единствени кои се способни за изведување на тајни операции во и надвор од своите матични држави. Разузнавачките служби се единствени способни организирано да собираат информации од отворени и тајни извори, да вршат нивна обработка, да вршат објективни проценки и да даваат прогнози. Способноста на разузнавачките служби да собираат информации од човечки извори на организиран и таен начин, во и надвор од државата, е способност која ја нема ниту една друга државна институција. Разунавачките служби се способни да собираат информации користејќи мноштво различни разузнавачки дисциплини. Неспорно е дека способностите на разузнавачките служби е од голема и клучна важност за успех на противбунтовништвата. **Се поставува прашање која е улогата на разузнавањето во противбунтовништвото?**

Ова истражување треба да одговори која е улогата на разузнавањето во противбунтовништво и да ги класифицира по важност потребните способности на разузнавачките служби за поддршка на противбунтовништво. Со класификацијата на потребните способности ќе се овозможи споредба на потребните способности со способностите кои ги има Воената служба за безбедност и разузнавање. Во Р. Македонија не постои литература која посебно ја истражува или разработува улогата на разузнавањето во противбунтовништво. Во перидот од осамостојување на Р. Македонија до денес, во истражувањата на научната јавност акцент се има дадено на борбата против тероризмот како глобална закана, но не и на бунтовништвото и борбата против истото. Со тоа и улогата на разузнавањето во противбунтовништво не е длабоко разгледувана. За разлика од Р. Македонија, во САД тековно се вршат истражувања за бунтовништвото и противбунтовништво и се издаваат публикации и анализи кои се засновуваат на споредби на бунтовништвата и противбунтовништвата во историјата се до денешен ден. Секако дел од истражувањата во САД како и во други држави, кои се однесуваат на разузнавањето во противбунтовништво се класифицирани со национална класификација како класифицирани информации и не се достапни на јавноста. Во истражувањата од страна на САД кои ги опфаќаат и последните големи бунтовништва како што се бунтовништата во Ирак и Авганистан се користи и методот на компарација и историска анализа. Интересни за проучување се и првичните анализи на бунтовништвото во Либија, како и истражувањата кои потекуваат од Израел, како земја која се соочува со ослободително бунтовништво. Во истражувањата е дојдено до ниво на класификација на добри и лоши практики за справување со противбунтовништвото. Како една од добрите практики е наведено "давање акцент на разузнавањето"[3]. Во истражувањата во САД, кои се отворени до јавноста во однос на улогата на разузнавањето во противбунтовништво е дојдено само до ниво на набројување на задачите и принципи кои се однесуваат на разузнавањето во

[3] http://www.au.af.mil/au/awc/awcgate/milreview/sepp.pdf (пристапено на 01.05.2012 година)

противбунтовништво, како и на карактеристики при користење на различните разузнавачки дисциплини на разузнавањето. Клучна разлика меѓу ова истражување и истражувањата во САД и другите развиени земји членки на НАТО е тоа што тие го разгледуваат противбунтовништвото од аспект на земјите кои ги помагаат своите слаби сојузници соочени со бунтовништво како меѓународна активност, а во ова истражување ќе се разгледа улогата на разузнавањето и од аспект на земја која самата може да се соочи со бунтовништво и тоа во најлошата форма на таканаречено ослободително бунтовништво.

## 1.2 Предмет на истражувањето

***Предмет на анализа на оваа истражување ќе биде улогата на разузнавањето во противбунтовништво.***

*Разузнавањето* е процес кој вклучува планирање и насочување, собирање на информации, обработка на информациите, изработка на разузнавачки продукти и дистрибуција на разунавачките продукти до корисниците во соодветна форма.[4]

*Бунтовништво* е збир на активности на организирана, често пати идеолошки мотивирана група или движење, кое има за цел да предизвика или да спречи политички промени од страна на владеачките авторитети, фокусирајќи се на убедување и заплашување на популацијата користејќи насилство или субверзија.[5] (Изразот бунтовништво може да биде користен и за именување на самото движење или група која го врши).

*Противбунтовништво* е збир на политички, социјални, економски, воени, правни, цивилни и психолошки активности кои имаат за цел поразување на

---

[4] Според објаснување на разузнавањето како процес во HQ, Department of the Army, USMC, FM 101-5-1, MCRP 5-2A, Operational Terms and Graphics, Washington, DC, September 1997, глава 1, стр 83.

[5] NATO, Allied Joint Doctrine for Counterinsurgency (COIN) AJP-3.4.4, February 2011, глава 1, стр. 2

бунтовниците и справување со клучните проблеми[6] (проблеми на популацијата, кои се основа и причина за постоење и развој на бунтовништвото)

*Контраразузнавање* е собирање на податоци и превземање мерки за спречување на шпионажа, други разузнавачки активности, саботажа и атентати, извршени од или во име на странски влади или нивни елементи, странски организации, странци или терористички организации.[7]

*Тероризам* е незаконска употреба на насилство или закана за употреба на сила или насилство против поединци, институции или имот со цел принудување или заплашување за постигнување политички, етнички, религиозни или идеолошки цели.[8]

*Криминал* е активност со која се прекршува закон и за која е предвидена казна.[9]

*Саботажа* е намерно уништување, вознемирување или онеспособување на опрема, материјал или користење на капацитетите од страна на/или за сметка на непријателски елементи.[10]

*Субверзија* е активност која ја намалува воената, економска, психолошка и политичка сила или моралот на владата на државната власт.

*Неуспешна држава* е држава која не е способна ефективно да ја заштити и да управува со својата популација.[11]

---

6 http://www.scribd.com/doc/95435851/NATO-Allied-Joint-Doctrine-for-Counterinsurgency-COIN (пристапено на ден 01.05.2012 година)
7 HQ, Department of the Army, USMC, FM 101-5-1, MCRP 5-2A, Operational Terms and Graphics, Washington, DC, September 1997, глава 1, стр. 40
8 Методија Дојчиновски, Фердинанд Оџаков, "Разузнавачки операции и асиметрични закани", Скопје, 2010, страна 249
9 http://oxforddictionaries.com/definition/crime?region=us (пристапено на 30.05.2012)
10 Методија Дојчиновски, Фердинанд Оџаков, "Разузнавачки операции и асиметрични закани", Скопје, 2010 (страна 249)
11 Joint Chiefs of Staff, Joint Publication 3-24, Counterinsurgency operations, USA October 2009, стр. x

*Држава која излегува од криза* е држава која се движи кон нормално функционирање, но сеуште не е способна потполно да го заштити и да управува со своето население. [12]

## 1.3 Цели на истражувањето

### 1.3.1 *Општа цел на истражувањето*

Општата цел на оваа истражување е да се објасни улогата на разузнавање во противбунтовништво.

### 1.3.2 *Посебни цели на истражувањето*

Посебни цели на истражувањето ќе бидат:

- Утврдување и објаснување на можните побарувања кои власта може да ги има кон разузнавачките служби за водење на противбунтовништво.

- Утврдување и објаснување на можните начини за собирање информации од страна на разузнавачките служби.

- Утврдување и објаснување на можните начини за обработка на податоци, изработка на проценки и дистрибуција на информации до донесувачите на одлуки, како и нивна класификација според соодветност за поддршка на противбунтовништво.

- Утврдување и објаснување на способностите кои треба да ги имаат разузнавачките служби за да можат да дадат поддршка на противбунтовништво.

- Класификација на способностите кои треба да ги развиваат разузнавачките служби за ефикасна и ефективна поддршка на противбунтовништво.

- Утврдување и објаснување на потребите од правна регулираност на улогата на разузнавачките служби за поддршка на противбунтовништво.

---

[12] Исто

- Споредба на потребните способности на разузнавачките служби за поддршка на противбунтовништво со моменталните способности на Воена служба за разузнавање и безбедност во МО на Р. Македонија.

## 1.4 Хипотеза

### 1.4.1 *Генерална (општа) хипотеза*

Разузнавањето има клучно влијание врз успешноста на водење противбунтовништво.

### 1.4.2 *Посебни хипотези*

- Успешноста на водење противбунтовништво од страна на власта, зависи од успешноста на собирање информации за клучните фактори: способности , цели и намери на бунтовниците, ставовите и влијанието на меѓународни фактори (држави, меѓународни организации и НВО), влијанието на терористички и криминални организации, ставовите на популацијата, влијанието на географската и цивилната средина).

- Успешноста на водење на противбунтовништво на власта, зависи од добивање проценки како може да се развива состојбата на краток, среден и долг рок, во однос на факторите кои влијаат на противбунтовништвото.

- Успешноста на собирање на информации од страна на разузнавачките служби во противбунтовништво зависи од истовремено користење различни разузнавачки дисциплини.

- Ефектите од разузнавачките продукти зависат од времето кога стануваат достапни, обемот и содржината во која ќе се достапни и од персоналот на кого ќе бидат достапни.

- Успехот на противбунтовништвото зависи од способноста на разузнавачките служби да собираат информации на територијата на матичната држава и надвор од неа.

- Правната регулираност на употребата на разузнавачките служби во противбунтовништво влијае врз ефективноста и ефикасноста на разузнавањето во противбунтовништво.

- Способноста на Воената служба за разузнавање и безбедност во МО на РМ за противбунтовништво влијае врз способноста на Р. Македонија да се справи со потенцијално бунтовништво во Р. Македонија.

## 1.5 Варијабли

Како независна варијабла во главната хипотеза е разузнавањето, а зависна е успешноста на противбунтовништвото.

Независни варијабли во посебните хипотези

*Собирање разузнавачки информации,* е дел од процесот на разузнавање во кој разузнавачката служба на таен или отворен начин, се здобива со информации од различни извори, кои се во врска со побарувањата за информации кои ги имаат одредено донесувачите на одлуки (лица во воени и политички структури на кои им се потчинети разузнавачките служби).

*Користење различни разузнавачки дисциплини* е истовремено или последователно користење на различни разузнавачки дисциплини за собирање на информации и за потврдување на веќе собрани информации.

*Време на достапност на разузнавачкиот продукт* е времето кога истиот ќе му биде достапен на крајниот корисник, т.е. лицето овластено да донесува одлуки (политичар, воено или др. лице).

*Содржина на разузнавачкиот продукт* е застапеноста и соодносот на докази и заклучоци кои се засновани врз основа на доказите во разузнавачкиот продукт, застапеноста на слики, аудио и видео снимки и сл.

*Обем на разузнавачкиот производ* е број на зборови, страни, должината на аудио или видео снимката, број на слики и број на други графички материјали кои се дел од разузнавачкиот продукт.

*Способност на разузнавачите да собираат информации надвор од територијата на земјата* е персонална и техничка способност на разузнавачката служба да се собираат информации користејќи различни разузнавачки дисциплини, на целокупната територија на матичната земја и други земји каде се активни бунтовниците кои дејствуваат против власта на која и се потчинети разузнавачите.

*Правна регулираност на разузнавање во подршка на противбунтовништв* е постоење на правна регулатива која посебно ги објаснува задачите и надлежностите кои ги имаат разузнавачките служби во противбунтовништво.

*Способност на Воената служба за безбедност и разузнавање во МО на Р. Македонија за противбунтовништво* е способноста на истата да планира и насочува, да собира информации користејќи различни разузнавачки дисциплини на територијата на Р. Македонија и надвор од неа, бргу да врши обработка на информациите да подготвува разузнавачки продукти и безбедно и навремено да ги дистрибуира до корисниците со обем и содржина која ќе има позитивен ефект во процесот на донесување одлуки.

Зависни варијабли во посебните хипотези

*Успешност на противбунтовништвото* е степен на постигнување на целта на Власта за поразување на бунтовниците и неутрализирање на основните причини за настанување и развој на бунтовништвото.

*Успешност за собирање на разузнавачки информации* е процент на одговорени приоритети разузнавачки побарувања, со потврдени или високо веројатни информации.

*Ефект од разузнавачките продукти* е влијанието на разузнавачките продукти врз донесување на клучните одлуки од страна на политичарите и воените лица.

*Ефективност на разузнавањето* е создавање на разузнавачки продукти кои се навремени, кои се релевантни и се разбирливи за донесувачите на одлуки.

*Ефикасност на разузнавањето во противбунтовништво* е односот меѓу добиени навремени и релевантни разузнавачки продукти со потрошените ресурси

*Способност на Р. Македонија за* противбунтовништво е способност да навремено и точно ги проценува заканите кои доаѓаат од бунтовништво и да навремено и координирано превзема политички, економски и безбедносни мерки за поразување на бунтовништвото.

## 1.6 Индикатори

Индикатори во ова истражување ќе бидат:

- Број на разузнавачки дисциплини за кои имаат способност разузнавачките служби на земјите кои се справувале или се справуваат со бунтовништво;
- Број на напади на бунтовниците и жртви од истите;
- Времетраење на бунтовништвото;
- Исполнување на целите на бунтовниците;
- Процент на домашното население кое ја подржува власта која се соочува со бунтовништво;
- Процент на домашното население кое ги поддржува бунтовниците;
- Постоење на засолништа на бунтовниците на територија на земјата во која се одвива или во соседна земја;
- Постоење поддршка од надворешен фактор за бунтовниците (државен или недржавен);
- Постоење на контрола на меѓународните граници од страна на земјата која се соочува со бунтовништво;
- Оправдување на главните политички и воени одлуки со разузнавачки продукти, од страна на власта на земјата која се справува со бунтовништво;

- Вршење на реформи на властите за отстранување на причините за бунтовништвото;

- Број на загинати бунтовници;

- Број на заробени бунтовници;

- Број на заробено оружје и муниција од властите;

- Број на уапсени бунтовници;

- Постоење на прецизна правна регулатива во однос на Воената служба за разузнавање и безбедност во МО на РМ, со која се регулира работата на истата во однос на бунтовништво и за собирање информации надвор од територијата на Р. Македонија.

## 1.7 Методи и техники на истражување

Методолошката рамка на ова истражување ја сочинуваат следните научно-истражувачки методи:

- *Дескриптивниот метод*, кој ќе се користи за деталното опишување на улогата на разузнавањето во противбунтовништво.

- *Статистички метод,* ќе се користи за добивање сознанија за правилностите и законитостите за безбедносните појави и за поврзаноста безбедноста со подршката на популацијата, економски раст, степен на сиромаштија, нееднаквост на населението и хуманиот развој.

- *Историско Компаративниот метод,* ќе се користи за откривање на поврзаноста на разузнавањето и успешноста на противбунтовништвото.

- *Методот на анализа на содржина,* ќе биде употребен при анализирањето на правни документи, публикации, изјави на релевантни лица во медиумите, научни трудови кои ја обработуваат проблематиката на разузнавањето во противбунтовништвото и сл.

- *Каузалната метода,* ќе се користи со цел за воочување на причинско-последичната врска меѓу независните и зависните варијабли.

## 1.8 Општествена и научна оправданост

Бунтовништвото несомнено е распространета и сериозна закана за многу држави во Светот. Бунтовништвото е закана за земјата во која се одвива, но и за земјите кои се политички, економски и безбедносно поврзани со земјата во која се одвива бунтовништвото. Македонија со сигурност во иднина ќе биде директно инволвирана во справување со бунтовништво, ако не на своја територија, тогаш со сигурност на територија на друга држава, како дел од меѓународни сили. Објаснување на улогата на сите институции кои се неопходни за справување со бунтовништво, осознавање и класифицирање на способностите кои треба да ги имаат тие институции е од суштинска важност, за да Македонија биде способна за водење противбунтовништво. Разузнавањето како функција е неопходен дел на противбунтовништвото. Објаснувањето на улогата на истото и класификацијата на потребните способности на разузнавачките служби истовремено има научна и практична важност. Способностите на Воената служба за безбедност и разузнавање (ВСБиР) во Министерството за одбрана на Република Македонија, како една од трите разузнавачко-безбедносни служби се од суштинска важност за способноста на Република Македонија да се справи со бунтовништво на своја територија или како дел од мисија за поддршка на противбунтовништво надвор од Македонија. Затоа од голема практична важност е утврдување на влијанието на правната регулираност на работата на ВСБиР, како и класифицирање на потребните способности кои треба да ги развие ВСБиР за да биде способна за учество во противбунтовништво.

# 2. БУНТОВНИШТВО

## 2.1. Поим и дефиниција

Иако со векови во земјите имало оружани судири меѓу властите и внатрешни сили кои сакале да предизвикат политички промени, таквите појави биле именувани со различни термини како востание, ослободителна војна, тероризам, државен удар, граѓанска војна, нерегуларно војување или револуција. Именувањето повеќе зависело од политичкиот интерес отколку од карактеристиките на внатрешниот судир. Така на пример истиот судир од некого бил нарекуван ослободителна војна, а од друга тероризам. И денес постои оваа склоност на различно именување на внатрешните судири, но таквиот пристрасен однос оневозможува реално согледување на природата на внатрешните судири.

Дејвид Галула во својата книга “Противбунтовништво, теорија и пракса“[13], наведува дека термините бунтовништво и противбунтовништво се најсоодветни за именување на процесите од кои се сочинети внатрешните оружани конфликти. Термините револуција и контрареволуција во себе содржат предрасуда за тоа која страна носи прогрес во својата цел. Терминот востание наметнува претстава за масовен и оружан процес. Терминот тероризам може да се користи за именување само на една од тактиките на бунтовништвото, а државен удар може, но не мора да биде дел од бунтовништвото. До 2012 година постојат повеќе дефиниции за тоа што е бунтовништво. Постојат различни дефиниции за бунтовништво во НАТО, САД, Франција, Велика Британија и други земји. САД го дефинираат бунтовништвото како “организирана, долга политичко-воена борба дизајнирана да ја ослабее контролата и легитимноста на воспоставената власт, окупаторските сили или друг политички авторитет, додека истовремено се зголемува контролата од страна на бунтовниците.“[14] Германија го дефинира

[13] David Galula, Counter-Insurgency Warfare Theory and Practice, Frederick A. Praeger, Inc., New York, USA, 1964
[14] HQ Department of the Army, US FM 3-24, Washington DC, USA, 2006, Глава 1, стр. 1

бунтовништвото како "процес на дестабилизација предизвикан од политички, економски и/или социјални незадоволства, кој влијае врз ефективноста и легитимитетот на владиниот систем."[15] Поради потребата за лесно меѓусебно разбирање и координација во заедничките политички, економски и воени активности, дефиницијата на НАТО е најприфатлива за членките на НАТО, членките на Партнерство за мир и другите земји кои се нивни политички и воени сојузници. Според НАТО, ***бунтовништво*** е "збир на активности на организирана, често идеолошки мотивирана група или движење, кое има за цел да предизвика или да спречи политички промени од страна на владеачките авторитети, фокусирајќи се на убедување и заплашување на популацијата користејќи насилство или субверзија".[16] Анализирајќи ја дефиницијата на НАТО може лесно да се согледа дека бунтовништвото како клучни карактеристики ги има постоење на организација која се спротивставува на власта, користењето насилство и субверзија од страна на таквата организација, постоењето политички цели и фокусирање на активностите на бунтовниците кон популацијата.

За јасно да се свати што е бунтовништво не е доволно само да се проучи дефиницијата за истото, туку потребно е да се осознае кои се предусловите за негово појавување, кои се неговите елементи и која е неговата динамика. За да може да се појави бунтовништво потребно е да постои **незадоволство** кај дел од популацијата на државата **и да постојат предуслови** како недостаток на контрола на власта над популацијата, ранлива популација и лидери. Незадоволството кое е потребно да започне бунтовништво може да биде вистинско или само перцепирано. Причини за незадоволство може да бидат: различен етнички идентитет, расна припадност, економски проблеми, религија, корупција, странска окупација или експлоатација, репресија и проблеми во јавни услуги. Според доктрината на НАТО за противбунтовништво,

---

[15] German Army Office, Prelimenary basics for the role of land forces in counterinsurgency, Colougne 2010, стр. 1

[16] NATO, Allied Joint Doctrine for Counterinsurgency (COIN) AJP-3.4.4, February 2011, Глава 3, стр. 1

бунтовништвата имаат пет елементи, шест различни можни стратегии и имаат свои тактики.[17] Петте елементи на бунтовништвото како организација се: лидери, герила, подземје, поддржувачи и популација која дава пасивна поддршка. **Водачите** се лица кои ја формираат идеологијата на бунтовниците, ги одредуваат целите, ја организираат бунтовничката организација и даваат насоки на потчинетите елементи. **Герила** е дел од бунтовничката организација која извршува оружани активности, без разлика дали тоа се терористички напади, герилско војување, криминални активности или конвенционално војување. Многу често герилците се перцепција за бунтовништвото како целина. **Подземјето** е дел од бунтовничката организација кој е таен. Подземјето извршува пропагандни, субверзивни, разузнавачки и контраразузнавачки операции, атентати, транспорт на средства, складирање на средства, обезбедување на скривници, производство на средства потребни за водење на бунтовништвото и други активности за кои герилата не е соодветна. **Поддржувачите** се дел од бунтовничката организација кој дава активна поддршка, но не учествува во борбени активности. Поддржувачите складираат оружје и други средства, пренесуваат информации, пасивно собираат разузнавачки информации, собираат финансиски средства за бунтовништвото на законски или незаконски начини, обезбедуваат лажни или украдени документи, помагаат во дезертирање на припадници на власта, регрутираат и вршат проверка на нови членови на бунтовништвото. **Популацијата која дава пасивна подршка** е дел од популацијата која чувствува сипматии за бунтовништвото, но не дава активна подршка. Цел на бунтовниците е да оваа популација биде придобиена да дава активна подршка и да стане дел од еден од претходно наведените елементи од бунтовништвото. **Динамиката т.е. факторите од кои зависи како ќе се одвива бунтовништвото** се состои од лидери, цели, идеологија, околина и географија, надворешна поддршка,

[17] Исто, Глава 3, стр 12

внатрешна поддршка, фази на бунтовништвото[18], организација и начин на извршување на операции .

Бунтовниците може да користат различни **тактики** како: тероризам, герилска војна, конвенционално војување, саботажа, субверзија, пропаганда, демонстрации и инфилтрирање. Тероризмот како тактика е погоден за бунтовништва на нивниот почеток и во држави каде контролата на власта е доволно силна за бунтовниците да не можат да водат герилска војна. Терористичките тактики како што се атентати на поддржувачи на власта и на високи претставници на власта, напади на клучни инфратсруктурни објекти и слично, се многу ефективно методи и кога бунтовниците имаат можност да водат конвенционална или герилска војна. Водењето герилска војна е многу зависно од географијата и демографијата на земјата. Во држави каде има голем процент на рурално население, лоша инфраструктура, планини, мочуришта и површини под шума, герилското војување е лесно применливо. Наспроти тоа во држави каде многу поголем процент од населението живее во урбани центри, т.е. во градови, каде нема големи површини со шуми или со мочуришта, каде територијата е испресечена со големи водени препреки (езера и реки), бунтовниците тешко може да користат герилска тактика на војување. Саботажата, субверзијата, демонстрациите и инфилтрацијата се тактики кои се лесно применливи од страна на бунтовниците и кои во поголема или помала мерка се користат во секое бунтовништво. Конвенционалното војување се користи од бунтовниците кога бунтовништвото е доволно силно, а власта е доволно слаба за бунтовниците да можат отворено на конвенционален начин да војуваат со безбедносните сили на власта. Бунтовниците за постигнување на своите цели може да користат различни стратегии и тоа: урбана терористичка[19], воена, долга популистичка војна[20], фокусирана на идентитетот,

---

[18] Во Анекс А на Allied Joint Doctrine for Counterinsurgency (COIN) AJP-3.4.4 е наведено дека има три фази: првата е стратешка дефанзива во која бунтовништвото се обидува да е тајно и избегнува судир, втората фаза е герилска војна или стратешка рамнотежа, а третата фаза наликува на конвенционална војна.

[19] Пример бунтовништвото на Ирската републиканска армија во Северна Ирска

конспиративна[21] и композитна стратегија. Која стратегија ќе ја користат бунтовниците зависи од повеќе фактори, меѓу кои и од можноста за примена на претходно наведените тактики. Бунтовништвото е ефтино, а противбунтовништвото е скапо. На бунтовниците им одговара долготрајност на конфликтот кој економски ја исцрпува државата[22]. Бунтовниците собираат пари од населението, преку криминални активности како шверц и кражби, од надворешни државни и недржавни спонзори како и пари од дијаспората. Со опрема се снабдуваат преку шверц и со запленување на опрема од безбедносните сили на власта. Ретко имаат пристап до високо софистицирано оружје и опрема за комуникација. Степенот на обученост им е неизедначен. Бунтовниците за своја клучна активност ја имаат **комуникацијата со популацијата,** бидејќи бунтовништвото зависи од поддршката на популацијата. Тие живеат меѓу популацијата, тие потекнуваат од неа, тие ги знаат проблемите, луѓето и нивните маки, приватни проблеми и фрустрации. Тие можат лесно и отворено да комуницираат. Покрај комуникацијата човек со човек, тие ги користат и другите медиуми како радио, телевизија, интернет, летоци, графити, писма и др. **Во таа комуникација е клучно популацијата да се убеди да верува во идеологијата и целите на бунтовниците, но и да верува дека на крај бунтовниците ќе победат.**

## 2.2. Историја на бунтовништвата

Од крајот на Наполеоновите војни до 2011 година околу 83% од воените конфликти се граѓански војни или војни меѓу безбедносните сили на влада и бунтовнички движења. Во 2006 година од 32 конфликти кои се одвивале ниту еден од нив не бил меѓу две држави.[23] Меѓутоа неразумно е да се смета дека бунтовништвата се новост во историјата на воените судири и се

---

[20] Комунистичката револуција во Кина
[21] Комунистичката револуција во Русија
[22] David Galula, "Counter-insurgency, Theory and practice", Frederick A. Praeger, Publisher, New York, USA, 1964, стр. 8
[23] http://www.regjeringen.no/nb/dep/ud/kampanjer/refleks/innspill/engasjement/prio.html?id=492941 (пристапено на 22.12.2012 година)

појавиле во 19-от век. Од друга страна се поставува прашањето, кој дел од историјата на бунтовништвото е најрелевантен за свакање на бунтовништвото денес. Последните големи промени во Светот настанале по Втората светска војна, но и по завршување на Студената војна од аспект на создавање на нови држави, промени во начинот на владеење во државите, промена на државните граници, развој на начините на комуницирање и патување, поврзување на светската економијата, поврзување на светскиот криминал итн. Поради тоа историскиот преглед на бунтовништвата, ќе биде со акцент на бунтовништвата на крајот од 20-от век и почетокот на 21-от век.

Во различни историски периоди бунтовништвата имале свои карактеристики, согласно развојот на општеството. За многу општествени појави постои тенденција за едноставна временска поделба како: период пред и после Втората светска војна, пред и после Студената војна, пред и после 11-ти септември 2001. Таквата поделба има своја логика. Во рамки на големите и силни империи ретки биле успешните бунтовништва, а и тие кои биле успешни всушност се засновувале на инволвираност на друга голема империја во конфликтот. На пример бунтот на британските колонии во Америка бил успешен пред се поради директната инволвираност на Франција на страната на колониите. Успехот на бунтот на Грците на почетокот на 19-от век против Османлиската империја се засновува на директно мешање на Велика Британија, Франција и Русија итн. Во периодот до Втората светска војна постоела многу посилна контрола на властите врз населението и биле применувани екстремни репресивни мерки. Од друга страна можностите за комуникација, организирање и координирање на бунтовничките групи бил многу потежок. Комуникацијата преку писма и телефон била лесно следена од властите. Медиумите биле малку и лесно контролирани од властите во државите. Таквите состојби ја отежнувале комуникацијата на бунтовниците како и ширењето на нивната идеологија меѓу популацијата. Поделбата на бунтовништвата пред и после одредени политички настани има своја логика, но исто така е потребно да се свати разликата која настанала кај

бунтовништвата со можноста за брза и тешка за следење комуникација[24], лесен пристап до материјали кои може да се користат како оружје[25], можноста за набавка на оружје и др технолошки и социјални промени, а не да се смета дека разликите постојат само поради еден голем светски настан. Може да се заклучи дека бунтовништвата низ историјата делувале во различни услови кои директно влијаеле врз нивната успешност и врз тактиките кои биле користени.

### 2.2.1 Бунтовништва после Втората светска војна

После Втората светска војна бунтовништвата во Виетнам, Авганистан, Куба, Грција и Израел одиграа многу важни улоги во исходот на Студената војна, а извршија промени во меѓународната политика кои траат и до денешно време. Доктрините и прирачниците на употреба во НАТО, САД, Велика Британија и други земји се засновуваат на искуствата од бунтовништвата и противбунтовништвата водени од 1945 година до денес. Според истражувања во САД, најверојатно поради недостаток на историски знаења на ослободителните движења во Европа уште во 19-от век, се има заклучено дека дури во 30-тите и 40-тите години на 20-от век герилските војни станале вистински револуционерни војни кои имале во себе социјален, психолошки, а пред се политички елемент. [26] [27] Она што е вистина е дека после Втората светска војна има драстичен пораст на бројот на бунтовнички движења на повеќе континенти. Тие се одвивале истовремено или со мали временски дистанци меѓу нив и даваат добра основа за проучување на карактеристиките на бунтовништвата, причините кои ги предизвикале и факторите од кои зависи исходот на истите.

---

[24] Интернет комуникација, сателитски телефони и др.

[25] Во Авганистан најчесто користени средства за напад се импровизирани експлозивни направи направени од амониум нитрат, кој е лесно достапен во форма на вештачко ѓубриво

[26] http://www.strategicstudiesinstitute.army.mil/pdffiles/pub592.pdf (пристапено на ден 29.08.2012 година)

[27] Внатрешната македонска револуционерна организација иако формирана во 19-от век има своја идеологија, јасна политичка платформа, има свое лидерство, политички тела, герила, подземје, подржувачи и користи насилство за остварување на политички цели

### 2.2.2 Бунтовништвото на крајот од 20-от и почетокот на 21-от век

Промените во начините на комуникација и патување, распадот на СССР и пропаста на идеологијата на комунизмот, кризата на либералниот капитализам, глобализацијата на економијата и криминалните мрежи, меѓународните медиуми, интенетот и др. технолошки промени кои настанаа на крајот на 20-от век и на почетокот на 21-от век, значително ги смении условите во кои се водат бунтовништвата, а со тоа извршија влијание на начинот на водење на бунтовништвата. Затоа за сваќање на бунтовништвата ќе бидат разгледани во детали бунтовништва кои се одвиваа во последната декада на 20-от век и на почетокот на 21-от век.

#### 2.2.2.1 Косово

Бунтовништво на Албанците од Косово против властите во Југославија, започнува од самото формирање на ФНР Југославија. Незадоволството кое постоело кај Албанците во Косово и кое било основна причина за бунтовништвото е незадоволството од фактот дека Косово не станало дел од Албанија туку повторно станало дел од Југославија. Со останување на Косово како дел од Југославија не била испочитувана одлуката на Антифашистичкото собрание на Косово и Метохија, одржано во Бујан, во 1944 година. На тоа собрание била донесена резолуција Косово да се присоедини со Албанија. Поради отфрлање на оваа резолуција од страна на Комунистичката партија на Југославија, во ноември 1944 година имало демонстрации на Косово. На 8 февруари 1945 година во Косово била прогласена воена состојба. Овие факти укажуваат дека уште во 1944 година, во Косово имало незадоволство и постоеле лидери кои го насочувале незадоволството. Лидерите на Албанците на Косово имале поставено цели и идеологија. Таквите цели и идеологија биле подржани од мнозинството етнички Албанци од Косово и истите се повторуваат како цели на бунтовничките организации во Косово до 1999 година. Целта на бунтовничките организации во Косово било отцепување на Косово од Југославија и негово присоединување кон Албанија. Предуслов кој

не одел во прилог на бунтовничките организации било постоењето на силна држава која била способна да воспостави контрола над населението со голем меѓународен легитимитет и влијание. Во корист на бунтовниците оделе сите други елементи. Косовското население етнички и религиозно било различно од мнозинското население во Југославија. Поради тоа тешко можело да се изврши разузнавачки пробив во нивните редови од страна на југословенските тајни служби. Косово граничи со Албанија која можела да дава помош со обука и опрема, а и да служи како безбедна база за делување. Населението во Косово имало долга традиција на војување и имало претходно војничка обука и искуство. Идеологијата и целта на бунтовниците уште од крајот на 19 век, т.е. од Призренската лига 1878 година била општо прифатена од населението со албанско етничко потекло. Бунтовничките организации кои се формирале во Косово можеле да се инфилтрираат, да делуваат пропагандно, да организираат демонстрации и да извршуваат терористички активности.[28] Она што не можело бунтовничкото движење да изврши е да развие силна герила и да создаде услови за конвенционално војување. **Сосема било јасно дека Косово може да добие независност само доколку е слаба Југославија или со силна странска поддршка.** Од 1948 година до смртта на Сталин таков расплет бил возможен. Југословенската власт на таквата можност одговорила со силна контрола врз Косово, користејќи ги своите контраразузнавачки служби, полицијата и војската. Косовското бунтовничко движење се состоело од многу организации во странство и во Југославија. Тоа било расцепкано, но целта на сите била една иста, отцепување на Косово. Во 1961 година е формирана организацијата Револуционерно движење на обединети Албанци, од страна на Адем Демаци. Прва и последна цел на ова движење било обезбедување на правото на **самоопределување до отцепување** за териториите населени со

---

[28] Според изјава на адмирал Бранко Мамула, од 1981 до 1987 година, во ЈНА биле откриени 217 илегални Албански организации со 1435 членови. Тие подготвувале масовни убиства на офицери и војници, тровање со храна, саботажи, кражби на оружје и муниција. Оваа изјава е објавена во The New York Times, Nov 1 1987, Late City Final Edition (p.14)-"In Yugoslavia Rising Ethnic Strife Brings Fears of Worse Civil Conflict" by David Binder

мнозинско албанско население".[29] СФРЈ со промените во својот устав во 1974 година, на Косово му дало права еднакви со оние на републиките, со една разлика, Косово сеуште се нарекувало Автономна покраина и немало право на отцепување од СФРЈ. Косово имало свое образование, судство, полиција, централна банка, парламент и претставник во Колективното претседателство на СФРЈ. Сепак во 1981 година, во Косово започнуваат масовни демонстрации, од страна на студентите на Универзитетот во Приштина. На тоа било одговорено со прогласување вонредна состојба и ангажирање на ЈНА. Албанците продолжиле со демонстрации, пропаганда и терористички акции.[30] **Иако постојано постоело незадоволство, постоела цел и идеологија, организации и лидери, поради силната контрола на СФРЈ и силните безбедносни структури, албанските бунтовнички организации неможеле да еволуираат во повисоки фази на бунтовништво.** Меѓутоа набргу работите ќе започнат да одат во корист на бунтовничките организации. Собранието на Србија го прогласува Косово за провинција на Србија и ги одзема голем дел од овластувањата, за да во 1990 година го суспендира Собранието на Косово. Истата година е прогласена вонредна состојба на Косово. Распуштеното Собрание на Косово, на 7 септември 1990, изгласало Устав на Р. Косово. Во септември 1991 година во Косово се одржал референдум за независност, на кој етничките Албанци гласале за независнот на Косово. Во мај 1992 година на Косово се одржувале избори на кои победила Демократската Лига за Косово на чело со Ибрахим Ругова.[31] Во 1989 година, кога била формирана и Демократска лига за Косово, била формирана и партијата Народно движење за Косово кое пак промовирало решавање на прашањето со Косово по насилен пат. Ова партија се поврзала со дијаспората и

---

[29] Радошин Рајовић, „Уставни развој од конституисања аутономије до реформе 1989", Косово: Прошлост и садашњост, Међународна политика, Белград, 1989, стр 158

[30] 1983 година во Параќин, припадник на ЈНА, етнички Албанец убил 4 војници на ЈНА, а ранил 5 војници на ЈНА.

[31] Ругова е познат како политичар кој заговарал решавање на прашањето со Косово по мирен и институционален пат.

тајно ги изведувала своите активности.[32] Истовремено со овие настани во 1992 година веќе се формирани првите тајни воени формации. Адем Јашари, подоцна командант на Генералштаб на Ослободителната војска на Косово, ги извршил првите напади во општините Преказ и Србица против безбедносните сили на Србија.[33] Иако до 1992 година Ругова бил најпопуларен политичар, неможноста да профункционира Собранието на Р. Косово, како и Дејтонскиот договор, предизвикале разочарување кај населението во Косово. Масовните отпуштања од работа на Албанците во Косово и губење на инситуциите, резултирало со формирање на **паралелни институции** од страна на Албанците и со **граѓанска непослушност.** Албанците во Косово имале свое образование, судство, здравство и собирале данок.[34] **Листа на Албанци кои не сакале да соработуваат** со инсистуциите на Р. Косово биле објавувани во весникот „Бујку". Со ваквата организација и со ненасилните методи Р. Косово и Ибрахим Ругова добиле добар имиџ и **легитимитет** и во домашната (косовска) и во меѓународната јавност. Сепак после Дејтонскиот договор и после распадот на безбедносните структури во Албанија во 1997 година, состојбата во Косово се сменува во корист на струјата која бара насилно решавање на конфликтот. Претходно, во **1993** година, бил одржан состанок во Прекази, Косово. На овој состанок присуствувале Адем Јашари и Јакуп Красниќи, а била донесена одлука за **формирање на Ослободителната војска на Косово (ОВК).** Формирањето на ОВК било обелоденето во 1994 година. ОВК била формирана како воена формација на чие чело стоел генералштаб, со кој командувал Адем Јашари.[35] До 1996 година Генералштабот на ОВК бил

[32] После јавно покажување на ОВК (UCK) 1997 година, оваа партија се фокусира на финансиска и политичка подршка на ОВК (UCK)

[33]http://sim.law.uu.nl/sim/caselaw/tribunalen.nsf/ae4b0f7b22afa1cdc12571b500329d5e/0f58ad0e96d1e627c12571fe004c8cba?OpenDocument (пристапено на 21.08.2012)

[34] Организирано бил собиран данок со препорачани проценти од приходите. Вработените давале 5% од своите приходи, бизнисмените 8-10%, дијаспората 3% од приходите, а невработените не морале да даваат пари за инситуциите на Р. Косово. Просечната плата на околу 25000 административци на Косово била 100 американски долари.

[35] ОВК е герилата која произлегла од претходно формираната политичка организација Косовско народно движење, легално формирана 1989 година во Југославија. Основите пак за формирање на оваа партија биле поставени уште во 1982 година во Германија, на состанок на

насочена кон развивање на организацијата надвор од Косово. Од 1996 година, започнала фазата на герилска војна од страна ОВК, со извршување на 4 напади на различни места во Косово, на 22 април. Во 1997 година, при судир меѓу ОВК и безбедносните сили на Југославија во С. Љауше бил убиен учител од селото. На погребот на учителот присуствувале неколку илјади луѓе и 3 припадници на ОВК во униформа. Овој погреб бил пренесуван на Косовската телевизија. Со овој пренос ОВК станала позната во цело Косово. Друг одлучувачки момент за ОВК било **убивањето на командантот на ГШ на ОВК, Адем Јашари**, во март 1998 година. При акцијата на безбедносните сили во Доњи Приказ, Косово, биле убиени 58 членови на семејството Јашари, вклучувајќи 18 жени и 10 деца помлади од 16 години. Барем 6 Албанци биле убиени во блиското село Лауса.[36] **Овој настан бил пропагандно искористен од ОВК и за домашната и за меѓународната јавност, за рушење на легитимитетот на властите од Белград, а за зголемување на легитимитетот на ОВК**. Бројот на припадници на ОВК нагло започнал да расте. До крај на 1998 година ОВК започнала со формирање на формации на ниво на баталјон и бригада, како со формирање стабилна линија за снабдување на оружје и опрема од Албанија. До јули 1998 година околу 1/3 од Косово било контролирано од ОВК. Поради тоа безбедносните сили на Југославија извршиле офанзива. Безбедносните сили на Југославија успешно ги зазеле позициите кои претходно биле контролирани од ОВК. Иако во 1998 година безбедносните сили прогласиле победа, реалноста била дека ОВК била уште посилна и поголема. **Убивањето на еден бунтовник не значи победа, бидејќи на местото на загинатиот ќе дојде негов брат, братучед, син, татко, сестра или другар. Напротив, убивајќи еден герилец може да се добијат неколку нови. Овој парадокс очигледно не бил сватен од страна на Југославија.** Поддршката на популацијата во 1998 година веќе била добиена

---

кој е формирана организацијата Косовско народно движење (Lëvizja Popullore e Kosovës). Оваа организација била формирана од албанската дијаспора во Германија, за организирање оружана борба во Косово.

[36] www.hrw.org (пристапено на ден 21.08.2012)

од страна на бунтовниците. Она што на Албанците им било јасно уште за време на СФРЈ е дека без помош од странство тие не можат да ги поразат безбедносните сили на Југославија. Затоа она што им било потребно на бунтовницте била токму таа силна политичка и воена поддршка од странство. Карактеристично за ОВК било тоа што не создало развиено политичко крило, а таа слабост се компензирала со постоење на Демократската лига за Косово. Освен тоа ОВК после Адем Јашари имала свои лидери, но никој индидуално не бил доминантен како што бил Ругова во неговата партија. На 31 март 1998 година, Советот на безбедност на Обединетите нации донел резолуција 1160, со која се вовело воено ембарго кон СР Југославија, а се давало поддршка за зголемување на автономниот статус на Косово. Во септември 1998 година имало нова резолуција 1199, во која се повикувало на прекин на огнот, повлекување на безбедносните сили на СРЈ и обезбедување на меѓународни набљудувачи. На почеток на 1999 година било формирана Партија за демократски прогрес на Косово, на чело со Хашим Тачи, како политичко крило на ОВК. На ова следувале преговори во Рамбује каде од страна на САД и земјите сојузнички бил понуден договор за Косово на СРЈ и претставници на Албанците од Косово. Истиот бил проследен со закана за употреба на сила од НАТО. Договорите не биле успешни, а понудениот договор бил потпишан само од страна Албанците.[37] Пропаднатите договори воделе кон воена интервенција на НАТО против СР Југославија. ОВК предводена од својот воен командант Агим Чеку, поранешен офицер на ЈНА се организирала и соработувала со силите на НАТО, давајќи информации и извршувајќи герилски напади. Една од битките кои укажуваа на големата поврзаност на ОВК со НАТО силите и со Албанија била битката на Кошаре. Оваа битка всушност претставувала копнена офанзива од Албанија, изведена од герилци на ОВК поддржани со артилерија од Албанија и авијација на НАТО.[38] [39]

[37] www.hrw.org/page/stories/sr/story/9/Srbija/42959/Deset+godina+od+Rambujea.html (пристапено на 09.09.2012 година)

[38] http://www.washingtonpost.com/wp-srv/national/daily/sept99/airwar19.htm (пристапено на 08.09.2012 година)

Сликите на бегалците од Косово кои оделе кон Албанија и Македонија доминирале во медиумскиот простор. Бунтовништвото веќе не било бунтовништво. Сега ОВК била на страна на доминантна воена сила во класична војна. Меѓутоа недисциплинираната ОВК, во која имало лица со криминално минато и кои биле со екстремистички убедувања, извршувала и злосторства. После повлекување на силите на СРЈ од Косово, воспоставување на управување над Косово од страна на ООН, биле одржани и избори на Косово во 2001 година, на кои победила партијата на Ибрахим Ругова со освоени 45.65% од гласовите наспроти 26.7% освоени гласови од страна на Демократската партија на Косово на чело со Хашим Тачи, кој бил лидер на политичкото тело на ОВК. Ваквите резултати укажуваат дека ОВК всушност не успеала да ја придобие популацијата на Косово преку политичка програма, а ја искористила идеологијата и целите кои одамна биле прифатени од популацијата, како и фрустрацијата од Дејтон.

Може да се заклучи дека во Косово постоеле две бунтовнички организации. Демократската лига за Косово била со сите развиени делови на бунтовничка организација **освен герила**, додека ОВК ги имала сите делови на бунтовничка организација, но политичкото крило бил најслаб дел на истото. Демократската лига на Косово на чело со Ибрахим Ругова, најверојатно имале проценето дека без одлучна меѓународна поддршка, само со герила не можат да го добијат посакуваниот статус. Затоа Ругова настојувал да добие позитивен меѓународен имиџ и чекал погоден момент. Од друга страна Ругова не сакал да се вклучи во политичките движења во СРЈ. Албанците како гласачко тело можеле да допринесат Милошевиќ да изгуби на избори во СРЈ. Меѓутоа Милошевиќ, со нарушен меѓународен легитимитет му одговарал на Ругова како противничка страна и затоа Албанците биле политички пасивни во СРЈ. Впрочем идеологијата била независно Косово, а не човекови права во рамки на Србија. ОВК не успеала да се наметне како политички лидер меѓу Албанците

[39] http://www.youtube.com/watch?v=2Rl0fhRCiyY&feature=related (пристапено на 08.09.2012 година)

во Косово. Успехот на бунтовништвото во Косово не се засновува на силна герила на ОВК и не се засновува на нивната политичка или воена организација, туку на постоечката организирана емиграција, веќе постоечките подземје и паралелни структури на “Република Косово“, одамна прифатените цели на Албанците за отцепување на Косово, **но пред се на добивањето меѓународна поддршка и директната воена интервенција на НАТО**. Ова бунтовништво покажало дека воените порази на ОВК во 1997, 1998 и 1999 не биле доволни за поразување на бунтовништвото. Поразите и загинатите околу 3800[40] борци на ОВК станувале херои, а Албанците жртви на теророт на Србија. Бројот на жртви од страна на Југославија изнесувале околу 1300 припадници на безбедносните сили и 2500 цивили[41]. Медиумите одиграле значајна улога во придобивање на меѓународен легитимитет на ОВК и Ибрахим Ругова. Бунтовништвото кое постоело во Косово од 1944 до 1999 година, најверојатно немало да згасне уште долг период, но немало ниту да успее, доколку немало надворешна интервенција.

### 2.2.2.2 Ирак

Ирак е бунтовништво кое со сигурност ја обележа првата декада на 21-от век. Ирак е бунтовништво кое започна после интервенцијата на САД и коалиционите сили заради соборување на режимот на Садам Хусеин. Таа интервенција и лошата проценка на политичарите од САД, за тоа што ќе се случува после соборувањето на Садам, создале услови за почеток на бунтовништво. Целосно бил соборен и расформиран претходниот систем. вооружените сили (ВС) на САД, согласно маневарскиот пристап на војување, ги уништиле клучните делови на вооружените сили на Ирак и го контролирале клучниот терен. Со таквата ситуација поголемиот дел од Ирак и популацијата на Ирак биле неконтролирани. Распадот на претходниот систем довел до масовно крадење, а оружјето било лесно достапно и потребно на секого во

---

[40] http://www.deshmoretekombit.com/ (пристапено на 26.12.2012 година)

[41] http://www.b92.net/eng/news/politics-article.php?yyyy=2011&mm=03&dd=24&nav_id=73402 (пристапано на 27.12.2012 година)

создадениот безбедносен хаос. Поразот на Садам и навлегувањето на САД направило голем дел од популацијата на Ирак да биде незадоволно. Незадоволни биле лицата кои биле дел од власта за времето на Садам Хусеин, но и верските екстремисти. Вакумот на власт ги приморале САД да бидат одговорни за владеење со Ирак во одреден период, а тоа створило перцепција дека САД се окупатори. За се лошо што се случувало биле виновни САД. Немало потреба да се чека за да се појават лидери, идеологии и цели. Тие веќе постоеле во Ирак. Една цел ги обединувала сите бунтовнички движења во Ирак, а таа била истерување на окупаторите од Ирак. За претставата за злонамерна странска окупација повторно вина имале и САД. Во април 2003 година, веднаш после окупација на Ирак, демонстранти во Фалуџа барале повлекување на ВС на САД од Ирак. На насилните демонстрации од страна на ВС на САД било одговорено со употреба на сила и биле убиени 13 цивили. После тој настан имало напад врз база на ВС на САД со гранати. Од друга страна фрустрацијата кај народот растела поради неможноста да се свати како најмоќната нација во Светот не може да воспостави ред и јавни услуги во Ирак. Се создало мислење во јавноста дека интервенцијата на САД е со цел да се контролира нафтата на Ирак и да се помогне безбедноста на Израел.[42] На воспоставување на САД на Ирачки внатрешен владеачки совет, составен од истакнати Ирачани од сите делови на Ирак, големиот ајатолах на шиитите во Ирак реагирал со издавање „фатва“[43] против истиот. Најопасниот лидер за САД, меѓу шиитите бил Мохтада ал Садр. Мохтада бргу открил дека спротивставување на Американците заедно со програми за социјална помош создава силна поддршка меѓу шиитската ниска класа. Сепак оние кои биле најагресивни против САД и сојузниците биле сунитските бунтовнички групи. Тие најпрво извршувале несофистицирани напади, за потоа со приклучување на невработените поранешни офицери во ВС на Ирак да извршуваат напади каде биле користени ракети, минофрлачи и подобра тактика. Едни од првите

[42] http://www.strategicstudiesinstitute.army.mil/pdffiles/pub752.pdf (пристапено на ден 21.08.2012 година)
[43] Верска осуда

цели на нападите на бунтовниците биле лицата кои работеле за администрацијата и ВС на САД како и инфраструктурните објекти. Со уништување на инфраструктурата бунтовниците ја истакнувале неспособноста на САД, а фактот дека тие биле оние кои ја уништувале истата бил неважен за перцепцијата на популацијата. За време на летото 2003 година, група на лојалисти на Садам Хусеин се поврзала со Ал Каеда, а шиитите се организирале во движења водени од нивните религиозни водачи. Шиитите биле помагани од Иран[44], а сунитите од меѓународни исламистички мрежи[45]. Во Ирак започнале да доаѓаат борци од други земји, пред се за да ги помагаат сунитите. Стратегијата на бунтовниците во овој период била да се направи што е можно полоша состојбата во Ирак, за да се предизвика револт кон САД кој владеел со Ирак, како и за да се уништи легитимитетот на САД. **Основна тактика на бунтовниците бил урбаниот тероризам.** Во август 2003 година бунтовниците извршиле напад со "возило бомба" врз Амбасадата на Јордан во Багдад, а потоа и врз седиштето на Обединитетите нации во Багдад. После овие напади ОН го напуштиле Ирак. Со нападите во јули 2003 година, бунтовниците покажале дека САД не можат да ја гарантираат безбедноста на никого. За време на првата година на бунтовништвото, многу групи, повеќето мали и локални, се бореле за внимание, признавање, регрутирање и финансиска подршка. Нивните напади биле некоординирани, но бунтовниците започнале да развиваат ефективни психолошки методи.[46] Од почетокот малкумина од бунтовниците ја сваќале моќта на интернетот и глобалноста на медиумите, но наскоро интернетот и арапските медиуми ќе извлечат максимален ефект од нападите на бунтовниците. Стратегијата на бунтовничките групи се базирала на предизвикување постојани загуби кај силите на САД, за намалување на нивниот морал, саботирање на државата за да не може истата да се врати во нормала, напаѓање на Ирачаните кои го

[44] Тие самите ги негирале овие тврдења

[45] Во 2006 година сунитските бунтовнички движења ќе се спојат во организацијата Исламска Држава Ирак. Оваа самопрогласена држава има свои министри и гувернери на области, кои работат во илегала.

[46] http://www.strategicstudiesinstitute.army.mil/pdffiles/pub752.pdf (стр.19)

поддржуваат новиот поредок и повремени спектакуларни напади за да се задржи психолошката иницијатива.[47] На бунтовниците не им било тешко да го придобијат народот против САД. На едно примо-предавање на должноста меѓу командири на чети на ВС на САД, во Ирак, офицерот кој ја предавал должноста изјавил “повеќето од луѓето овде сакаат да сме мртви, тие не мразат и мразат се што ние застапуваме и ќе ја искористат секоја прилика да ни направат лошо“[48]. Следната трансформација на бунтовништвото во Ирак била предизвикана од растот на меѓународното влијание. Странски верски екстремисти и Ал Каеда, иако во мал процент од вкупниот број на бунтовници, со својата спремност за извршување на самоубиствени напади го зголемиле чувството на страв кај Американците и Ирачаните. До есента 2003 година, во Ирак се случувале и по 35 напади дневно. Бунтовниците комбинирале секојдневно насилство со низок интензитет и повремени големи напади. Тие вршеле напади врз високи претставници на САД и Ирак. За време на “Рамаданска офанзива“ 2003 година, за време на борбите бунтовниците покажале подготвеност да бранат делови од град и иако биле воено поразени тие биле псохолошки победници.[49] Заробувањето на Садам Хусеин од САД во декември 2003 година не влијаело многу на бунтовиштвото. Тој не бил вистински лидер, туку само симбол. Во 2004 година започнала честа употреба на импровизирани експлозивни направи на патиштата.[50] До летото 2004 година, бунтовниците сунити, во голема мерка под влијание на Ал Каеда и исламски екстремисти од други земји верувале дека поразот на САД е близу и дека треба да започнат со пресметка со шиитите. Поради тоа наместо спојување на бунтовничките групи започнал раздор меѓу истите. Истовремено противбунтовниците ги подобрувале своите тактики, техники и процедури, а

[47] На пример само во еден напад на 10 февруари 2004 година биле убиени 50 лица
[48] Thomas E. Ricks, Fiasco , 2006, стр 303
[49] Ова била неочекувана офанзива во која бунтовниците извршиле повеќе напади со повеќецевни лансери на ракети, импровизирани експлозивни направи, бомбаши самоубијци, а успеале да соборат и хелихоптери на ВС на САД
[50] http://articles.latimes.com/2004/feb/04/world/fg-insurgency4, Patrick J. McDonnell, „Iraqi Insurgency Is as Lethal as Ever Since Hussein's Capture“,February 04, 2004, (пристапено на 30.08.2012 година)

САД се заложувал за се поголема улога на безбедносните сили на Ирак, кои биле во процес на создавање. Во 2004 година бунтовниците започнале со напади и воспоставиле контрола во повеќе градови. Една од најзначајните борби се одвивала во Фалуџа, меѓу сунитите под водство на Ал Каеда и ВС на САД и Ирак. После брутално убиство врз Американци, ВС на САД започнале со операција за чистење на Фалуџа, меѓутоа во тој случај бунтовниците соработувале, а медиумите и верските водачи исто така имале удел во психолошкиот ефект од овие борби. Американците соочени со можноста за здружување на сунитите и шиитите против САД, престанале со нападот и одговорноста ја предале на ирачка бригада. Оваа битка била голема пропагандна победа на бунтовниците. На медиумите била прикажана херојската одбрана на Ирачаните против ВС на САД, уништените џамии и колатералната штета од американските напади. Народот на Ирак, кој за време на Садам се среќавал само со контролирани медиуми, бил лесно подложен на таквата пропаганда на бунтовниците. Во 2004 година, после затварање на весникот "Ал Хамза", на Мохтада ал Садр и после затварање негови приврзаници, Мохтада ал Садр, се одлучува да со насилство се спротивстави на САД и на Владата на Ирак. Армијата на Махди, која ја создал Мохтада ал Садр во 2003 година, имала задачи да го заштитува шиитското население, но од 2004 година станало герила која серозно го згрозувало владеењето на Владата на Ирак. Во оваа фаза на бунтовништвото станало очигледно дека во водење на истото свое силно влијание одиграле криминални организации, локални вооружени банди и други слични групи, како и невладини организации (НВО), меѓународни организации и меѓународни медиуми. Во 2004 година бунтовниците ја проследиле транзицијата на власта од САД на Ирачкиот внатрешен владеачки совет со ново зголемување на нападите. Она што останало како линија на поделба меѓу бунтовниците била поделбата на шиити и сунити и меѓу Арапи и Курди, како и поделба меѓу сунитите кои имале пред се национален поглед кон работите и ги сметале и шиитите за Ирачани и оние кои предводени од меѓународни исламистички организации се

залагале за уништување на шиитите. Егзекутирањата на заробеници и нападите на верски настани и места на шиитите предизвикало големо медиумско внимание но и зголемување на непријателствата. Во летото 2004 година бунтовниците контролирале повеќе градови во централниот дел на Ирак. Армијата на Махди се борела како урбана герила, но пред се со цел заштита на популацијата која ги поддржува и заштита на своите структури. Идеологијата на Мохтада бил Ирак слободен од окупација и влијание од САД и воспоставување исламска демократија. Во 2005 година се одржале избори во Ирак. Поголемиот дел од шиитите излегле на изборите, додека сунитите во некои делови излегле во мал процент. Радикалните сунитски исламисти не учествувале во политичкиот процес додека Курдите и шиитите преку свои партии се вклучиле во политичките процеси во државата. Мохтада ал Садр на изборите ја поддржувал партијата Национални независни кадри и елита. Изборите биле успешни, а сликите на Ирачаните како гласаат и се радуваат поради првите слободни избори го намалил легитимитетот на бунтовниците. Меѓутоа сунитските бунтовници како одговор се враќаат во Фалуџа, а за странците во редовите на бунтовниците изборите не менуваат ништо во насока на нивна пацификација. Иако бунтовниците биле поддржувани само од малцинство од популацијата во Ирак тие сепак имале доволен број активни поддржувачи. Во 2006 година Багдад бил централно место каде се одвивале нападите на бунтовниците. Овој период се карактеризирал со пресметки меѓу сунитите и шиитите и извршување на многу самоубиствени напади. На северниот дел од Ирак меѓу себе се бореле Курдите и Арапите. Од друга страна новоформираните безбедносни сили на Ирак биле инфилтрирани од бунтовниците, кои извршувале напади врз припадниците на ВС на САД кои ги обучувале.[51] Во Ирак владеела поделба и недоверба. **САД се соочувале со бунтовништво на повеќе лабаво поврзани бунтовнички организации, поврзани со меѓународни терористички организации, кое свесно ја**

[51] Amit R. Paley, "In Baghdad a Force Under the Militias' Sway" Washington Post, 2006, http://www.washingtonpost.com/wp-dyn/content/article/2006/10/30/AR2006103001323.html (пристапено на 01.09.2012 година)

**"осакатувале" државата со терористичко делување и создавале ситуација во која е невозможно да се владее и да се има економски развој.** Психолошкиот и политичкиот ефект бунтовниците го постигнувале со снимки од нивните активности пренесувани преку интернет и меѓународните медиуми. Тие не зависеле од спозорство од држава туку имале разновидни приходи од криминал, од собирање донации од симпатизери и од собирање данок од популацијата. Во 2006 година сунитски бунтовнички организации чија идеологија се засновувала на екстремна форма на Исламот се обединуваат во организација Муџахединска шура, која подоцна во 2006 година се трансформирала во Исламска Држава Ирак. Истата година продолжиле судирите меѓу Бадр која била интегрирана во безбедносните структури на Ирак и Армијата на Махди. Оваа година продолжил трендот на растечко насилство во Ирак. Во 2006 година се објавени резултати од истражување на мислењето на популацијата во Ирак на здружена програма на универзитети од САД[52]. Во истражувањето[53], се наведени следните резултати за ставовите на популацијата во Ирак: **71% сакале силите на САД да го напуштат Ирак**, само 21% сметале дека САД е стабилизирачка сила[54], 53% сметале дека повлекување на силите на САД од Ирак ќе ја зајакне позицијата на Владата на Ирак, 77% сметале дека САД сакаат да имат постојани бази на територија на Ирак, **94% имале негативно мислење за Ал Каеда**. Во истражувањето се утврдиле големи разлики во перцепцијата на сунитите, шиитите и Курдите во однос на смената на Садам Хусеин и тешкотиите кои следеле после тоа. Само 11% од сунитите сметале дека смената на Садам вредела за тешкотиите кои ги поминувале после смената, додека кај шиитите овој процет бил 75%, а кај Курдите дури 81%. Во основа по сите прашања **најнегативен став во однос на САД и Владата на Ирак имале сунитите,** кои за време на Садам Хусеин ја имале главната улога во земјата. Во 2007 година САД го зголемиле своето

---

52 The Program on International Policy Attitudes (PIPA)

53 PIPA,The Iraqi Public on the US Presence and the Future of Iraq, 2006, http://www.worldpublicopinion.org/pipa/pdf/sep06/Iraq_Sep06_rpt.pdf пристапено на 01.09.2012 година

54 Во најголема мерка етничките Курди

военото присуство во Ирак и со силите на Ирак уапсиле над 600 припадници на Армијата на Махди како и министер во Владата на Ирак близок до Мохтада. Мохтада дал инструкции на своите следбеници да престанат со борбени дејствија за период од 6 месеци. Истиот заминал за Иран каде останал до јануари 2011 година.[55] Во 2008 година Мохтада, за време на битката за Басра организирал масовна граѓанска непослушност, меѓутоа во 2008 година Армијата на Махди не можела да се спротивстави на зголемената сила на САД во Ирак и на подобрените безбедносни сили на Ирак. **Мохтада ал Садр се повеќе заземал умерени ставови и се вклучувал во политичките процеси на државата.** Во 2009 година неговата партија добила 9.8% од гласовите на изборите во Ирак. Неговата идеологија од почеток на бунтовништвото до вклучување во политичкиот живот останала да биде истерување на САД и сојузниците од Ирак и воспоставување на исламска демократија. После повлекување на борбените единици на САД во 2010 година, во Ирак продолжиле да делуваат пред се сунитски бунтовнички групи и тоа во Мосул, Дијала, Анбар, Салахудин, Багдад, Бабул и во предградијата на Мосул и Кут. Бунтовничите групи кои продолжиле со борбите биле Ирачкото крило на Ал Каеда, Армијата на луѓето на редот Накшибенди, Исламската армија, Муџахединската армија, Армијата на Рашиден и Ансар ал Сунах.[56] Радикалните сунитски организации кои останале да делуваат се под Исламската Држава Ирак, која има своја влада и гувернери во повеќе области на Ирак, Овие бунтовнички движења, кои застапуваат екстремен Ислам, настојуваат да создадат перцепција дека Ирак е сеуште окупиран или потчинет на САД, врз основа на големата бројка на персонал кој работи во Амбасада на САД и персоналот кој сеуште е присутен во улога на советување и обука. Сепак после 2008 година забележливо е дека дел од бунтовничките движења преку политички процес се интегрираа во општеството, а зголемениот број на

[55] http://www.realclearworld.com/articles/2011/02/09/iran_in_iraq_the_role_of_al-sadr_99386.html (пристапено на 01.09.2012 година)
[56] http://uk.reuters.com/article/2012/02/29/uk-iraq-insurgents-idUKTRE81S0YI20120229 (пристапено на 31.08.2012 година)

припадници на ВС на САД и подобрените безбедносни сили на Ирак воспоставија посилна контрола над популацијата и оневозможија постоење на силни паравоени формации во големите урбани центри. Некои сунитските бунтовнички организации останале да егзистираат и да практикуваат терористичка тактика, но несомнено овие организации немаат капацитет самостојно да ја соборат власта во Ирак.



**Слика 1, Приказ на број на цивилни жртви предизвикани од бунтовниците во Ирак од 2003 до 2011 година,**

извор: http://www.iraqbodycount.org/analysis/numbers/2011/ (пристапено на 30.08.2012 година)



**Слика 2, Приказ на број на цивилни жртви предизвикани од самоубиствени напади на бунтовниците во Ирак од 2003 до 2011 година,**

извор: http://www.iraqbodycount.org/analysis/numbers/2011/ (пристапено на 30.08.2012 година)



**Слика бр. 3, Приказ на број на цивилни жртви предизвикани од силите на САД, Владата на Ирак и коалиционите сили во Ирак од 2003 до 2011 година,**

извор: http://www.iraqbodycount.org/analysis/numbers/2011/ (пристапено на 30.08.2012 година)




Слика бр. 4, Приказ на жртви од САД во војната во Ирак од 2003 до 2008 година (вкупно имало 4409 загинати воени лица од САД),

извор http://www.defense.gov/news/casualty.pdf (пристапено на ден 31.08.2012 година)

### 2.2.2.3 Авганистан

Последното бунтовиштво во Авганистан, против странските сили и Владата на Исламска Република Авганистан, започнало после интервенцијата на САД, Велика Британија и Австралија во 2001 и успешната копнена офанзива на Северната алијанса против талибаните. Операцијата на САД, Обединетото Кралство, Австралија и Северната алијанса која започнала од 7 октомври 2001 година, успеала до 12 ноември да ги натера талибаните да го напуштат Кабул. На 5 декември 2001 година во Бон бил воспоставен Авганистански внатрешен авторитет, со што започнал процес на изградба на новата држава, Исламска Република Авганистан. Истиот месец со ова тело за прв пат претседавал Хамид Карзаи. Во јуни 2002 година заседавал Големиот совет на Авганистан[57], а со него претседавал Хамид Карзаи. Во 2004 година бил прогласен нов Устав на ИР Авганистан, а се одржале и избори на кои победил Хамид Карзаи. Од 2001 во Авганистан има присуство на меѓународни сили предводени од силите на САД, а во Авганистан од 2002 година на власт е Хамид Карзаи. Од самото формирање на Исламска Република Авганистан таа се соочила со бунтовништво, водено од страна на структурите кои управуваа

[57] Голем совет или Loya Jirga

со Авганистан до 2001 година. Во Авганистан уште во 2001 година постоеле структури со изградени идеологии, со познати и етаблирани лидери, имало популација која ги поддржувала и истите имале своја вооружена сила, разузнавачки служби итн. Овие структури имале борбено искуство уште од 1979 година. Најголемите и најважни бунтовничките групи во Авганистан се Талибаните, Хезб е Ислами и Хакани Мрежата. Водачите на овие организации се познати борци кои се бореле и против СССР во 80-тите години од 20-от век. Водач на талибаните е Мула Омар, на Хакани Мрежата е Џалалабудин Хакани и неговите синови, а на Хезб е Ислами и Гулбудин Хекматјар. Сите тие во својата борба против СССР соработувале со ЦИА и сите држале клучни функции во одреден период во пост-Советскиот Авганистан. Во 2001 година веќе постоеле сите услови за почеток на бунтовништво во Авганистан. Постоело незадоволство кај популацијата поради промена на режимот и присуство на странски сили во Авганистан. Никој немал ефективна контрола врз популацијата. Веќе постоеле општо познати, етаблирани и искусни лидери на организации кои имале свои политички тела и јасни политички цели и идеологии. Сите организации имале своја герила и искуство во работа со разузнавачки служби. Ранлива популација која го поддржувало бунтовништвото биле пред се етничките Паштуни. Она што во 2001 и 2002 година не одело во прилог на бунтовниците бил шокот од големиот воен пораз во 2001 година, како и неповолната меѓународна клима, земајќи во предвид дека постоеле силни симпатии за САД како жртва на нападите во 2001 година. Меѓутоа се друго било во корист на бунтовниците. Новопоставената власт во Авганистан немала контрола врз популацијата, истата била корумпирана и не можела да испорача брзи резултати во ниту една општествена област. Досегот на моќ на Карзаи не одел многу подалеку од Кабул. Интервенцијата во Ирак, во 2003, година го свртела вниманието на САД и сојузниците кон Ирак. Вакумот на моќ и контрола веднаш започнал да биде пополнуван од бунтовниците. Талибаните без поголем напор ја вратиле контролата врз пограничните провинции во кои доминираат етничките Паштуни. Тие

воспоставиле свои гувернери на провинциите, свои судии, свои безбедносни сили и свој образовен систем.




**Слика 5, Приказ на територии контролирани од бунтовниците во периодот од 2002 до 2006 година**

До 2006 година бунтовниците го контролирале "Паштунскиот појас" од Авганистан. Како своја цел бунтовничките организации поставиле истерување на "неверниците" од Авганистан и воспоставување на систем на владеење врз основа на Исламот. Пропагандно бунтовниците делувале преку проповеди на верски лица, преку графити, "ноќни писма", радио и со пренесување на порака човек на човек. Во руралните делови применувале герилско војување, а во урбаните центри тероризам но и урбана герилска борба со борци кои биле подготвени и на самоубиствени напади. Талибаните како движење имале за цел да воспостават држава како онаа која функционирала до 2001 година, базирана на Шеријатот. Хакани Мрежата заедно со Ал Каеда ги поддржувале крајните цели на талибаните. Хезб е Ислами има една константна јавно искажана цел, а тоа е истерување на "неверниците" од Авганистан. Поддржувачите на сите три бунтовнички организации се пред се од редовите

на Паштуните . Хакани Мрежата е сојузник со талибаните и нивните водачи се дел од советите (шура) на талибаните во Пакистан. Хезб е Ислами е со различна агенда. Нивниот водач Гулбудин Хекматјар како и водачите на другите две големи бунтовнички организации е Паштун. Тој има соработувано и со ЦИА и со Пакистан, но исто така и со Хазарите[58] и Иран. Тој се има покажано како лице кое може да влезе во сојуз со секого а со цел да ја задржи својата позиција на моќен лидер на племето Гилзаи. Талибаните, Хакани Мрежата и Хезб е Ислами имале свои засолништа и бази во Пакистан. Границата со Пакистан никогаш не била ефективно контролирана. За финансирање бунтовничките организации користеле донации од странство, такси од локалното население, а секако најзначаен извор на приход бил опиумот. Иако претходно опиумот бил забранет од талибаните, новата состојба го сменил нивниот поглед кон опиумот. Со неговото производство тие добивале пари, истовремено труејќи ја популацијата на Западот.




**Слика 6, Приказ на површини засадени со афион во Авганистан во перидот од 1991 до 2007 година,**

извор: Seth G. Jones, Counterinsurgency in Afghanistan, RAND National Defense Research Institute, 2008, стр 81

Во Авганистан всушност имало судир меѓу бунтовништво кое било изградено со сите елементи и држава која само што започнала да ги изградува

[58] Хазарите се етничка група во Авганистан која потекнува од освојувањето на Авганистан од монголите. Тие се единствена етничка група во Авганистан која е со шиитска вероисповед, поради што е подложна на влијание од Иран. Хазарите во Авганистан се сметани како граѓани од втор ред, пред се од Паштуните.

своите институции. Сосема логично во таква ситуација, бунтовничките организации одбивале да започнат политички преговори со Хамид Карзаи и барале повлекување на “крстоносците“ од Авганистан. Искуството од бунтовништвото против СССР од 1979 до 1989 година ги направило бунтовничките движења во Авганистан свесни дека воено не можат да ги поразат вооружени сили на светска супер сила, **но дека е доволно бунтовничките движења да опстанат и да го задржат влијанието во Паштунскиот појас и после повлекување на САД тие ќе бидат во ситуација повторно да дојдат на власт.** Муџахедините тоа веќе еднаш успеале да го направат. За нив се било исто, само наместо СССР сега бил САД. Нарушениот имиџ на САД поради Ирак и радикализацијата на муслиманската популација низ целиот Свет, после 2003 година, исто така одело во прилог на бунтовништвата во Авганистан. Покрај поддршка од Пакистан, Ал Каеда и многу исламистички организации, во Авганистан пристигнувале борци од многу муслимански земји. Посебно значајни биле лицата со искуство од Чеченија и Ирак, кои покрај веќе испробаните тактики против СССР довеле нови искуства во користење на импровизирани експлозивни направи, извршување самоубиствени напади како и во користење на интернет за добивање легитимитет, симпатии и поддршка во муслиманските земји. Најчести цели на бунтовниците биле политичките претставници на Владата на Авганистан, безбедносните сили на Авганистан, цивилите кои соработувале со власта во ИР Авганистан, образовните установи, невладините организации па дури потоа силите на САД и сојузниците. Јасно се гледа од тоа дека иако бунтовниците се залагаат за напуштање на територијата на Авганистан на вооружените сили на САД и сојузниците, сепак тие како основна цел на напад ја имаат Владата на ИР Авганистан. Во својата пропаганда бунтовниците ја напаѓаат Владата на ИР Авганистан за корупција и за служење на САД. **Бунтовниците не нудат на популацијата економски просперитет, туку држава без присуство на странски окупатор, каде нема корупција, каде популацијата ќе е безбедна и каде ќе се владее според правилата на**

**Исламот.** Иако постојано има обиди од страна на САД и Карзаи да ги вклучат бунтовниците во политички процес, тие одбиваат преговори се до повлекување на странските сили од Авганистан. Бунтовништвото во Авганистан станувaа се посилно и поактивно, иако како противник има Влада која секоја година има се поголеми и поспособни безбедносни сили, како и меѓународни сили кои значително ги подобрија своите способности за превземање на својата улога за поддршка на Владата на Авганистан. Тоа е очигледно ако се согледа бројот на напади извршени од страна на бунтовниците, како и површините посеани со афион од кои директно се финасираат бунтовничките организации. Клучен фактор во ова бунтовништво е фактот дека тие имаат засолништа и свои бази за обука во Пакистан. Пакистанската разузнавачка служба е посочувана во повеќе медиуми дека им помага на талибаните. Бунтовниците го искористија фактот дека безбедносните сили на Авганистан се формираат за време на бунтовништвото и бргу растат. Иако нема докази за планска инфилтрација, неспорен е фактот дека растечки е бројот на напади на припадници на безбедносните сили на ИР Авганистан врз припадници на меѓународните сили во Авганистан. Со таквите напади во голема мерка се нарушува легитимитетот на безбедносните сили на Авганистан, а пред се се уништува довербата меѓу нив и меѓународните сили кои се во Авганистан.




**Слика бр. 7, Приказ на број на напади од бунтовниците во Авганистан, по месеци од јануари 2008 до март 2012 година,**
извор:http://www.isaf.nato.int/images/media/PDFs/20120725_niu_isaf_monthly_data-release_final.pdf (пристапено на 01.09.2012 година)




**Слика бр. 8, Број на загинати припадници на коалиционите сили во Авганистан по месеци од 2002 до 2012 година,**
извор:http://en.wikipedia.org/wiki/File:Coalition_military_casualties_in_afghanistan_by_month.svg
(пристапено на 02.09.2012 година)

Иако групи и индивидуи од бунтовниците се приклучиле на процесот на демобилизација, разоружување и реинтеграција, организиран во ИР Авганистан, бунтовничките организации не покажуваат знаци на слабост. Тие го чекаат повлекувањето на меѓународните сили од Авганистан за да во 2014 година се обидат во нови стратегиски услови ги остварат своите поставените цели, а до тогаш имаат за цел задржување на влијанието во Паштунскиот појас користејќи ја стратегијата на долга популистичка војна.

### 2.2.2.4 Израел

Судирот меѓу државата Израел и Арапите, постоел од моментот на создавање на државата Израел во 1948 година. Овој судир кој постои до денешно време е судир меѓу државата Израел и Арапите кои живеат во Израел, Арапите кои живеат во окупираните територии и Арапите кои се насилно протерани или се потомци на протераните Арапи од териториите кои ги контролира Израел. Палестинците во Израел и окупираните територии се незадоволна популација која како решение за својата ситауција посакува

воспоставување на Палестина како држава доминирана од Арапи. Овој судир трае повеќе од 60 години, се одвива меѓу две страни со различна етничка и религиозна припадност. И двете страни се повикуваат на бибилиското право над исти територии. Уште на самите почетоци и двете страни имале силна меѓународна поддршка. Израел бил постојано помаган од САД, Палестинците имале постојана помош од Арапските земји, а на периоди од СССР и други земји. Овој судир, како никој друг, бил и е комплексен поради историскиот и географскиот контекст во кој се одвивал и сеуште се одвива. Израел се наоѓа во реон богат со нафта, во непосредна близина на Суецкиот канал и има огромно историско и религиозно значење за христијаните, муслиманите и Евреите.

Бунтот на Арапите против државата Израел започнал од формирањето на државата Израел. Всушност на самиот почеток Арапите воопшто не ја признавале државата Израел и нејзиното право да постои. Уште во 1948 година Палестинците сакале да живеат во држава управувана од Арапи. После победата на Евреите во 1948-49 година, Палестинците ги водела идеологијата за независна Палестина, а цел им била ослободување од Евреите. Друга цел била уништување на Израел, а идеологија која се поврзала со основната националистичка идеологија била исламската религија. Со ова започнал еден од најбруталните судири во историјата. На почетокот борбата на Палестинците била предводена од постоечките соседни арапски држави, а многубројните палестински организации немале водечка улога и не биле самостојно меѓусебно координирани. Борбата на Палестинците за ослободување, од самиот почеток, била доминирана од меѓународните односи и воените судири на Израел со соседните земји, како Египет, Сирија и Јордан. Воените победи на Израел во 1948, 1967 и 1973 допринеле кај Палестинците да доминира мислењето дека соседните арапски земји не се способни со воена сила да го поразат Израел. Клучен момент за борбата на Палестинците против Израел било формирањето на Палестинската ослободителна организација (ПОО) во 1964 година. Оваа организација била формирана под туторство на Арапската

лига и иако била формирана со цел за ослободување на Палестина, самите арапски држави кои ја помагале не и дозволиле да воспостави своја власт на териториите на Палестина кои биле контролирани од нивна страна. ПОО била формирана како организација со политички тела и герила, а имала и свое подземје и широка маса на поддржувачи меѓу Палестинците. ПОО користела герилска и терористичка тактика. Оваа организација немала силна централизација и се случувало да одредени организации излегуваат од нејзино членство. ПОО од формирањето ги имала сите елементи на бунтовничка организација, како политичко тело, герила, подземје, маса на поддржувачи, политичка цел итн. Легитимитетот на оваа организација со времето растел, така да во 1974 година ПОО добила статус на набљудувач во Организацијата на обединетите нации, а 1993 година и Израел ја признал ПОО. Во Осло 1993 и 1995 година биле постигнати договори меѓу Израел и ПОО според кои ПОО се откажала од целта да го уништи Израел и се откажала од користење насилство против Израел. Од друга страна Израел ја признал ПОО како претставник на Палестинците и се согласил со предавање на власта во Западниот брег и Газа на ПОО.[59] Овие договори дефинитивно означуваат крај на една фаза на бунтовништво на Палестинците, а нивното неисполнување до 2000 година го означуваат почетокот на една нова фаза која сеуште трае. Во 2000 година, за време на преговорите во Кемп Дејвид, САД, преставници на Палестинците и Израел не успеале да постигнат политички договор за повеќе клучни прашања. Како најпроблематични прашања за кои не се постигнал договор биле статусот на Ерусалим, статус на одделни територии и враќање на Палестинците бегалци. Она што било исто така различно во 2000, во однос на 1993 година е сменетиот статус на САД. Во 2000 година САД ја немале истата доминантна позиција во Светот. За разлика од 1993 година кога САД била доминантна сила, а ПОО била со нарушен меѓунарден статус поради поддршка на Ирак во Првата заливска војна, во 2000 година, ништо не било исто. Светот веќе бил

---

[59] После Првата заливска војна било утврдено дека контрола над копнена територија не е гарант за безбедност, туку поважна е супериорноста во воздух и општата технолошка супериорност.

мултиполарен, а САД не биле семоќни. Покрај тоа важно за неуспехот било и тоа што Палестинците и Израелците во периодот од 1993 до 2000 не го почитувале договорот од Осло во целост. Сеуште имало голем број терористички напади против Израелците, а Израел продолжил со населување на Евреи во окупираните територии. Таквата состојба укажувала дека поместување од тогашната ситуација на Палестинците е тешко веројатно да се очекува. Кај Палестинците постоело незадоволство од својот политички статус како и од економската состојба. Како повод за Втората интифада[60] била искористена посетата на Ариел Шарон, тогаш водач на опозицијата во Израел, во септември 2000 година, на едно од најсветите места за муслиманите и Евреите, Храмот на Карпата во Ерусалим. Веднаш после посетата започнале демонстрации од страна на Палестинците во Ерусалим, поради посетата на светото место за муслиманите од Ариел Шарон, кој бил сметан за виновен за масакр врз муслиманите во Либан во 1982 година[61]. На демонстрациите безбедносните сили на Израел одговориле со сила, предизвикувајќи жртви. Следниот ден демонстрациите продолжиле, а од страна на медиумите било документирано убиство на 12 годишниот Мухамед ал Дурах, Палестинец. Иако е оспорувано кој го има истрелано куршумот кој го убил малолетниот Палестинец, додека се криел позади својот татко, таа снимка довела до радикализација на односите меѓу Палестинците и Израел, како и осуда на Израел во светските медиуми. Првите денови на Втората интифада, имало многу демонстрации во Израел и од Евреите и од страна на Палестинците, во кои биле напаѓани цивилите од другата етничка припадност и имало судири со полицијата. Настан кој на почеток на Интифадата ја зголемил тензијата меѓу Евреите и Палестинците било крајно бруталната ликвидација на двајца резервисти на Израелските одбранбени сили од страна на Палестинци во Рамалах на 12 Октомври 2000 година. Резервистите најпрво биле заробени од

---

[60]Интифада на арапски значи протресување

[61] Ариел Шарон бил Министер за одбрана на Израел за време на воената операција на Израел во Либан во 1982 година, кога бил извршен масакр врз муслимани од страна на Христијанската фаланга за кој Израел имал индиректна одговорност

страна на палестинската полиција, за потоа толпа Палестинци да ги превземат од полициската станица и пред камера брутално да ги убијат. Мртвите тела на Евреите биле фрлани и удирани од толпата Палестинци. Овие снимки и бруталноста предизвикале воен напад од страна на Израел врз објекти на Палестинците истиот ден, 12 Октомври 2000 година. [62] [63]

Во јануари 2001 година на преговори во Таба, Ехуд Барак, Премиер на Израел и Јасер Арафат, Претседател на Палестинците, не успеале да дојдат до заеднички договор. Следниот месец на власт во Израел преку избори дошол Ариел Шарон, кој одбил средба со Јасер Арафат. Палестинските герилци во следниот период извршувале сурови напади врз Израелци. Во месец март 2001 година, снајперист убил бебе, Израелец, старо само десет месеци[64]. Во мај 2001 година, две малолетни момчиња, Евреи, биле киднапирани од Палестинци, биле брутално убиени и фрлени во пештера.[65] Следувале и самоубиствени напади на Палестинците на територија на Израел. Насилството било постојано и брутално. Според известување од страна на Amnesty Intenational,[66] насилството станало дел од секојдневниот живот на Израел и окупираните територии, после почетокот на Интифадата која почнала на 29 септември 2000 година. И од двете страни голем процент од убиените биле деца. Израелските сили убивале Палестинци кои демонстрирале, а Палестинците поставувале експлозивни направи со цел да убијат израелски цивили, или отварале оган врз цивили. Имало напади врз цивили во Израел во пицерии, пред дискотеки и на други јавни места. Израел превземал мерки за колективно казнување врз сите Палестинци во окупираните територии и ги одвоил од Израел со физичка бариера и со контролни точки на своите вооружени сили. Забрани за движење

---

[62] http://news.bbc.co.uk/2/hi/middle_east/969778.stm (пристапено на 10.10.2012 година)

[63] Овој настан многу потсетува на убиството на припадници на МВР и АРМ кај Вејце во 2001 гоина, од страна на ОНА

[64] http://books.google.mk/books?id=9FTxoncXDwwC&pg=PA443&dq=Shalhevet+Pass&hl=en&ei=JUCBTejXGJK8sAPv3tmDAg&sa=X&oi=book_result&ct=result&redir_esc=y#v=onepage&q=Shalhevet%20Pass&f=false (пристапено на 10.10.2012 година)

[65] http://www.guardian.co.uk/world/2001/may/09/israel1 (пристапено на 10.10.2012 година)

[66] http://www.amnesty.org/en/library/asset/MDE15/083/2001/en/0ac91c49-d8e7-11dd-ad8c-f3d4445c118e/mde150832001en.html (пристапено на 10.10.2012 година)

ги оневозможувале Палестинците да излегуваат од своите домови. После интензивирање на нападите на Палестинците во март 2002 година израелските одбранбени сили превзеле воена офанзива под име Одбранбен штит. Со оваа операција требало да бидат уапсени терористи, да бидат запленети количества на оружје и муниција, да се уништат простории каде се произведува оружје и експлозивни направи и други инсталации на Палестинците кои ги користеле за подготвување напади против Израелците. Иако оваа операција на израелските одбранбени сили била тактички успешна и предизвикала голем процентуален пад на извршени напади во следните 12 месеци во 2002 и 2003 година, сепак Палестинците преку медиумите се обиделе и делумно успееле да прикажат дека за време на оваа операција Израел извршил масарк врз околу 500 Палестинци.[67] Во 2003 година откако израелски разузнавачи доставиле известување дека Јасер Арафат има дадено пари за извршување самоубиствени напади на Ал Акса маченичките бригади[68], врз Арафат бил извршен притисок за поставување премиер на Палестинците кој е понезависен од него и поумерен. Арафат го поставил за премиер Махмуд Абас. САД побарале Палестинските Власти да превземат мерки да се сопрат нападите врз Израел од страна на Палестинците, а Израел да прекине со градба на нови населби на Евреи во окупираните територии. Меѓутоа палестинските организации биле децентрализирани и не делувале координирано. Премиерот на Палестинците немал контрола над Палестинците. Хамас продолжил да извршува самоубиствени и герилски напади против Израел. После давање на оставка од страна на Абас во септември 2003 година, Израел се откажал од обидите да преговара со Палестинците. Израел се насочил кон физичко одделување на окупираните територии со Палестинци од териториите населени со Евреи и од Израел, т.е. да кон засилување на контролата на границата. Израелските сили запленувале помош која кон окупираните територии била испраќана од Либан, Сирија и Иран. Палестинците донесувале оружје и опрема и од Египет,

[67] http://en.wikipedia.org/wiki/Jenin,_Jenin (пристапено на 10.10.2012 година)

[68] Организација на Палестинците која подготвувала и извршувала самоубиствени напади во Израел

користејќи тунели кои поминувале под границата, меѓу Египет и Газа. Од септември 2000 до мај 2004 година, 90 тунели[69] од Египет до Газа биле откриени од израелските одбранбени сили и биле уништени.[70] Палестинците продолжиле со насилство кое предизвикувало желба за одмазда кај Израелците, како убиство на бремена жена и нејзините 4 ќерки во мај 2004 година[71] и напади врз израелските безбедносни сили. На 11 ноември 2004 година, во Париз починал Јасер Арафат. Истата година на 12 декември Фатах и Хамас извршиле напад врз објект на израелските одбранбени сили користејќи меѓу другото и 1.5 тони експлозив. Нападот бил одмазда за "убиството" на Јасер Арафат од Израел.[72] Во јануари 2005 година биле одржани избори за Претседател на Палестинските Власти. На изборите победил Махмуд Абас. Абас под притисок на Израел превзел мерки за спречување на ракетните напади врз Израел кои довеле до големо намалување на истите. На самитот во Шарм ел Шеик во 2005 година Абас и Шарон постигнале договор за прекин на непријателствата, но договорот не бил прифатен од Хамас. Во 2005 година Хамас продолжил со ракетни и минофрлачки напади врз Израел, а имало и судири меѓу припадници на Хамас и полицијата на палестинските власти. Сепак после смртта на Јасер Арафат нападите спласнале. Започнала борба меѓу Фатах и Хамас, како и во самите редови на Фатах. Со смртта на Јасер Арафат и политичкиот договор меѓу Абас и Шарон завршила Втората интифада. На изборите во 2006 година Палестинците ја дале својата доверба на Хамас. Тоа биле први избори во кои Хамас се борела за места во законодавното тело на Палестинските Власти. Поради доминантната терористичка тактика која ја користела Хамас, после победа на Хамас, САД и Израел блокирале финансиски средства кои требало да го поддржат функционирањето на Палестинските Власти. Со победата на Хамас станал уште покомплициран

---

[69] Некои тунели биле поврзани и воделе кон еден тунел кој преминувал кон границата, а некои не биле завршени

[70] http://web.archive.org/web/20060324012233/http://www.hrw.org/campaigns/gaza/ (пристапено на 10.10.2012 година)

[71] http://www.mfa.gov.il/MFA/Terrorism-+Obstacle+to+Peace/Memorial/2004/Tali%20Hatuel (пристапено на 10.10.2012 година)

[72] Припадници на ФАТАХ обвинувале дека Јасер Арафат бил отруен од агенти на Израел

мировниот процес меѓу Палестинската ослободителна организација и Израел, бидејќи на чело на ПОО бил Абас, кој бил и претседател на палестинските власти, а Хамас која победила на изборите воопшто не била член на ПОО. Со таквата состојба политички договор станал уште подалечен. Победата на Хамас на изборите во 2006 година придонеле за повеќе промени во состојбата. Од една страна Израел полесно можел да наоѓа изговор да не преговара бидејќи Хамас го немала признаено Израел. Од друга страна Хамас од страна на Европската унија и САД била сметана за терористичка организација и немала легитимитет кај нив. Хамас имала врски со земји како Либан, Иран, Сирија и други. Хамас сега била во ситуација да е одговорна за начинот на владеење на окупираните територии.



**Слика бр. 9**, Слика на 12 годишен Палестинец и неговиот татко убиени вториот ден од Втората интифада

Извор: http://ispeak4palestine.wordpress.com/2012/12/16/a-look-back-at-muhammad-al-durrah-a-12-year-old-palestinian-boy-shot-to-death-in-his-fathers-arms-by-israeli-military-force-during-the-second-intifada/

Во 2007 година Хамас успеала да ги порази целосно силите на Фатах во појасот Газа, а со тоа и географски да ги подели бунтовничките организациии на Палестинците Фатах и Хамас. Од 2007 година до 2012 година Хамас постојано извршувала напади врз Израел, после чие интензивирање Израел извршува политички, економски и воен притисок и интервенции. На пример во 2007 година после истрелување на над 220 ракети кон Израел од појасот Газа, за временски период помал од две недели, Израел го скратил снабдувањето со гориво и струја во појасот Газа.[73] Во февруари 2008 година конфликтот меѓу

[73] http://in.reuters.com/article/2007/10/29/idINIndia-30214320071029 (пристапено на 20.12.2012 година)

Израел и Палестинците во Газа ескалирал. Хамас истрелувала голем број ракети кон Јужен Израел, а Израел со процизни ракети напаѓал селектирани цели. Израел бил осуден за употреба на непропорционална сила од муслиманските земји, а и од Европската унија. Посебно загрижувало што Израел бил остро осудуван не само од Иран туку и од Турција и Египет. Во 2009 година како резултат на копнена офанзивна операција на Израел во Газа биле убиени над 1300 Палестинци и 13 Израелци. Сепак и покрај воениот успех на Израел ништо посебно не се сменило на политички план. Се воениот успех само времено биле нарушени способностите на Хамас да изведува напади од повисок интензитет против Израел. Во 2012 година после големо интензивирање на нападите на Хамас врз Израел, од Газа кон Израел, израелските одбранбени сили повторно извршиле офанзивна операција против Хамас во Газа. Порастот на нападите од Газа кон Израел е покажан со анализа на разузнавачката служба Шабак, за месец номври 2012 година, каде е покажано дека во ноември имало 598 напади со ракети, наспроти 72 напади со ракети во месец октомври 2012 година.[74] Нападот на Израел почнал со прецизен напад во кој бил убиен лидерот на военото крило на Хамас, Ахмед Џабари погодувајќи го неговото возило во движење.[75] Ахмед Џабари бил сметан за најодговорен за извршување на ракетните напади на Хамас кон Израел. После случувањата во ноември 2012 година и двете страни објавиле победа. Иако Израел имал 2 воени жртви, а Хамас барем 55, бројките не одиграле улога за исходот. После оваа офанзива Хамас времено има уништена инфраструктура, загинато лидери, но тие на своја страна ги имаат Иран, Египет и Турција, а Израел САД и ЕУ. Судирот каде спорот се територии, градот Ерусалим, прашањето за над 4.4 милиони бегалци, правото на Израел да постои и во кој од двете страни стојат регионални и светки сили не може да се реши само со воената сила на Израел.

---

[74] http://www.shabak.gov.il/SiteCollectionImages/english/TerrorInfo/reports/nov12report-en.pdf (пристапено на 24.12.2012 година)

[75] http://www.youtube.com/watch?v=P6U2ZQ0EhN4&feature=player_embedded (пристапено на 24.12.2012 година)

| Табела бр. 1 | Статистички податоци за жртви во Израел и окупираните територии за периодот од септември, 2000 година до 2008 година | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Настани во периодот од 29.9.2000-26.12.2008** | | **Окупирани територии** | | | **Израел** |
| | **Просек по година** | **Газа** | **Западен брег** | **вкупно** | |
| Палестинци убиени од израелските одбранбени сили (ИОС) | 598 | **2999** | **1790** | **4789** | **69** |
| Палестинци убиени од израелски цивили | 5.6 | **4** | **41** | **45** | **2** |
| Израелски цивили убиени од Палестинци | 29.8 | **39** | **200** | **239** | **492** |
| Припадници на ИОС убиени од Палестинци | 30.3 | **97** | **146** | **243** | **89** |
| Странски државјани убиени од Палестинци | 2 | **10** | **7** | **17** | **37** |
| Странски државјани убиени од ИОС | 1.25 | **4** | **6** | **10** | 0 |
| Палестинци убиени од Палестинци | 76 | **474** | **134** | **608** | **0** |
| Палестинци убиени од Палестиските Власти | 1.25 | **8** | **2** | **10** | **0** |
| Извор: http://old.btselem.org/statistics/english/Casualties.asp?sD=19&sM=01&sY=2009&filterby=event&oferet_stat=after (пристапено на 10.10.2012 година) | | | | | |

| **Табела бр. 2** | Статистички податоци за жртви во Израел и окупираните територии за периодот од 2009 до август 2012 година | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Настани во периодот од 19.1.2009 до 31.8.2012** | | **Окупирани територии** | | | **Израел** |
| | **Просек по година** | **Газа** | **Западен брег** | **вкупно** | |
| Палестинци убиени од израелските одбранбени сили (ИОС) | 102 | **263** | **43** | **306** | 0 |
| Палестинци убиени од израелски цивили | 1.6 | 0 | **5** | **5** | **1** |
| Израелски цивили убиени од Палестинци | 5 | 0 | **15** | **15** | **5** |
| Припадници на ИОС убиени од Палестинци | 1.6 | **4** | **1** | **5** | 0 |
| Странски државјани убиени од Палестинци | 0.3 | **1** | 0 | **1** | **3** |
| Странски државјани убиени од ИОС | 0.7 | **2** | 0 | **2** | 0 |
| Палестинци убиени од Палестинци | 15 | **45** | 0 | **45** | **0** |
| Палестинци егзекутирани од Хамас | 4.6 | **14** | 0 | 14 | **0** |
| Извор: http://old.btselem.org/statistics/english/Casualties.asp?sD=19&sM=01&sY=2009&filterby=event&oferet_stat=after (пристапено на 10.10.2012 година) | | | | | |




**Слика бр. 10, Број на загинати лица од терористички напади во Израел, по години од 1948 година до 2011 година,**
извор:http://www.shabak.gov.il/English/EnTerrorData/decade/Fatalities/Pages/default.aspx
(пристапено на 08.09.2012 година)

Од статистиката се гледа дека Израелско-Палестинскиот конфликт после 2000 година се има многу заострено, што кореспондира со пропаѓањето на политичкиот договор и почетокот на Втората интифада. Иако бројот на загинати Палестинци е над 10 пати поголем од бројот на загинати Израелци тоа не значи и пораз на бунтовничките движења, туку напротив после одреден период следува нова поголема кулминација на насилство.




**Слика 11, Број на загинати од терористички напади во Израел од 29.09.2000 година до 2009 година,**

извор:http://www.shabak.gov.il/English/EnTerrorData/decade/Fatalities/Pages/default.aspx
(пристапено на 08.09.2012 година)




[76]

**Слика 12,** Приказ на структура на напади на Палестинците врз Израел,

извор: http://www.shabak.gov.il/English/EnTerrorData/decade/Fatalities/Pages/default.aspx
(пристапено на 08.09.2012 година)

Од статистиката се гледа дека 43% од загинатите Израелци од терористички напади се жртви на самоубиствени напади, после што следуваат жртвите од престрелки. Тоа е показател дека супериорноста на Израел не значело прекин на борбата туку користење на порадикални методи на делување на бунтовниците, кои доминанатно ја користат терористичката стратегија. Може да се заклучи дека палестинското бунтовништво против Израел е поделено, но и двете фракции имаат свои политички тела, идеологии, воени формации, подземје и поддржувачи. Израел не може да го контролира населението во Газа и Западниот брег. Хамас во својата идеологија покрај национална независност го содржи и владеењето во согласност со Исламот, додека Фатах е пред се за национална независност. Доминантна стратегија во борбата на Палестинците во 21-от век е терористичката стратегија. Надворешната поддршка на бунтовниците доаѓа со променлив интензитет од

[76] http://www.shabak.gov.il/English/EnTerrorData/decade/Fatalities/Pages/default.aspx (пристапено на 08.09.2012 година)

Египет, Либан, Иран, Турција и други муслимански земји. Бунтовниците сеуште ги немаат постигнато своите цели. Големиот број на жртви од двете страни не допринесувале за доаѓање до решение. После, од воен аспект, успешни операции на Израел, бунтовниците преку успешни операции за информирање уште повеќе ја засилувале поддршката од популацијата, и после одреден временски период се случувале нови кулминации на насилство. Она што ги оневозможува Палестинците да ги остварат своите цели е супериорноста на безбедносните сили на Израел и рамнотежата во меѓународната поддршка.

### 2.2.2.5 Македонија во 2001, бунтовништво или тероризам ?

Македонија во 2001 година доживеа насилство на својата територија кое многумина го формулираат на различни начини. Од различни политичари и стручни лица се користат различни термини како: тероризам, агресија од Косово, борба за права на Албанците, вооружен конфликт итн. Доколку некој пребарува на најголемата интернет енциклопедија "Википедија", за состојбата во Македонија во 2001 може да го сретне насловот на статијата на англиски јазик "Insurgency in the Republic of Macedonia[77]",[78] додека доколку се отвори верзијата на Македонски јазик насловот е "Воен конфликт во Македонија, 2001 година" . Се наметнува прашањето "Дали активностите и насилствата сторени од страна на Ослободителната национална армија (ОНА) може да се категоризираат во бунтовнички активности?" и "Дали Македонија во 2001 година се соочи со бунтовништво предводено од ОНА?". За да се одговори на ова прашање ќе треба да се даде одговор на прашањата: "Дали постоеле предуслови за бунтовништво во Македонија во 2001 година?", "Дали ОНА била организирана како бунтовичка организација?", "Дали ОНА имала свои политички цели и идеологија?" и "Дали ОНА користела бунтовничка стратегија и тактики?". За да ја согледаме состојбата со постоењето услови за

[77] Во превод бунтовништво во Република Македонија
[78] http://en.wikipedia.org/wiki/Insurgency_in_the_Republic_of_Macedonia (пристапено на 08.09.2012 година)

бунтовништво треба да се утврди: „Дали постоело незадоволство кај популацијата во Македонија?", „Дали имало лидери кои го насочувале незадоволството?" и „Дали имало недостаток од контрола на власта врз популацијата?". Одговори на тие прашања може да се добијат со хронолошко согледување на повеќе настани поврзани со односите меѓу албанската етничка популација во Македонија и Власта во Р. Македонија.

Февруари , 1990 година, 2000 Албанци демонстрирале во Тетово против третманот над Албанците од страна на мнозинската македонска популација. Демонстрантите повикувале за независност на региони од Западна Македонија каде Албанците биле мнозинство. Август, 1990 година, Невзат Халили ја формирал Партијата за демократски просперитет на Албанците. Основна цел на партијата била пропорционална застапеност на етничките Албанци во власта. Во 1990 година во Македонија се одржувале парламентарни избори во кои Албанците со свои партии зеле активно учество. Во 1991 година политичките претставници на Албанците го бојкотирале гласањето за новиот Устав на Р. Македонија бидејќи во истиот Р. Македонија била дефинирана како "национална држава на македонскиот народ", а не како претходно на "македонскиот народ и албанските и турските народности". Во 1992 година, етничките Албанци организирале референдум за автономија. На референдумот според Радио Белград излегле 90% од гласачите Албанци, **од кои 99% гласале за автономија**. Македонските власти ги оспорувале ваквите резултати како и нивната легитимност. Март, 1992 година, околу 40000 Албанци демонстрирале во Скопје, барајќи меѓународната заедница да не ја признае Македонија, се додека етничките Албанци не добијат право на автономија во регионите каде се мнозинство. Јуни, 1992 година, во селото Радолиште, во близина на границата со Р. Албанија, полицијата окрила оружје, експлозиви и униформи кои имале албански амблеми со двоглав орел. Септември, 1992 година, во САД бил најпрво вербално нападнат, а потоа бил извршен и обид за атентат врз Невзат Халили, поради соработка со македонските власти, а најверојатно од страна на екстремистичка емигрантска група "Бали Комбетар". Ноември, 1992

година, во Скопје, полицијата се судрила со етнички Албанци, при што имало 4 загинати и 36 повредени лица. Меѓу Албанците имало гласини дека млад Албанец бил брутално претепан од полицијата. Во јуни 1992 година, во две села со доминантно албанско население, биле пронајдени 2000 летоци кои ги повикувале Албанаците на борба за независност. Летоците биле потпишани од организација која се именувала како „Илирида албанско младинско движење". Ноември 1992 година, над 20000 етнички Албанци присуствувале на погребот на етнички Албанец кој загинал во немирите во Скопје (Бит Пазар). На погребот присутни го вееле знамето на Албанија. Ноември 1992 година, во врска со немирите на Бит Пазар, медиумите во Албанија ја обвиниле полицијата во Македонија за прекумерна употреба на сила. Април 1993 година, партиите на етничките Албанци во Собранието на Р. Македонија го бојкотирале гласањето за употребата на привременото име ПЈР Македонија, за да се овозможи влез во Обединетите нации. Ноември 1993 година, Заменик министерот за одбрана во Владата на РМ, Хисен Хикај и Заменик министер за здравство Имер Имери, биле уапсени и обвинети за развој на албански паравоени формации. Покрај нив биле уапсени и неколку други лица, етнички Албанци, во Тетово и Гостивар, под обвиненија за шверц на оружје и сепаратизам. Хисен Хакај бил обвинет за шпионирање и соработка со странски разузнавачки служби за внесување на оружје во Македонија и планирање на создавање на се-албанска армија со јачина од околу 20000 борци. Партијата за демократски просперитет (ПДП), тврдела дека апсењата се наместени со цел да се легитимизира понатамошно обесправување на Албанците во Македонија. Декември 1993 година, имало расправа помеѓу умерените и екстремните припадници на ПДП. Претседателот на партијата, Невзат Халили и целото претседателство дале оставка. Јануари, 1994 година, Митхад Емини, поранешен генерален секретар на ПДП, бил уапсен заедно со други 9 етнички Албанци поради сомнение за сепаратистички активности. Групата била обвинета за шверц на оружје. Во февруари 1994 година, партијата ПДП се поделила на два дела. Новата партија на чие чело биле поекстремните

припадници на ПДП, Арбен Џафери и Мендух Тачи, ја напаѓала политиката на властите кон Албанците. Пред поделбата на ПДП имало раст на незадоволството кај етничките Албанци од политиката на ПДП во Владата. Во јуни 1994 година, меѓутеничките тензии кои биле високи уште повеќе пораснале после убиство на Македонец од етнички Албанци. Јули 1994 година, ПДП ја напуштила работата на Собранието на Р. Македонија. Како причина за оваа постапка биле истакнати осудувањето на етнички Албанци поради сепаратистички активности и малите права на Албанците во земјата. Меѓу осудените лица биле двајца високи претставници на ПДП, Митхад Емини и Хисен Хакај. Во 1994 година Албанците повторно зеле активно учество во изборите. Во октомври 1994 година, медиумската куќа „Reuters" објавила вест дека Албанците во Македонија бараат повеќе права во областа на образованието, повеќе претставници во локалната и централната власт, универзитет на кој ќе се учи на албански јазик како и промени на Уставот во кој тие ќе се изедначат со Македонците. Во 1994 година албанските партии ги отфрлиле резултатите од пописот според кој Албанците биле 22.9% од населението. Во декември 1994 година властите го прогласуваат универзитетот во Тетово за нелегален и подоцна ја рушат зградата на универзитетот. Во 1995 година албанските претставници во Собранието започнале расправа за двојазичност на личните карти на граѓаните на Р. Македонија. Во 1995 година 2000 Албанци присуствувале на отварање на универзитет на кој ќе се изучувало на албански јазик. Полицијата го затворила универзитетот, поради што имало немири. Во немирите загинало едно лице. Како реакција на загинување на едно лице на протестите во Тетово, 2000 студенти во Тирана протестирале против насилството на полицијата на Р. Македонија. Во февруари 1995 година околу 2000 студенти етнички Македонци протестирале против отварање на универзитет на коо би се учело на албански јазик. Истиот месец сите етнички Албанци во Собранието на РМ, ја напуштиле работата во истото и побарале право за користење на албанскиот јазик во Собранието и одобрување за формирање на универзитет во кој ќе се

изучува на албански јазик. **Во март 1995 година во извештај на Државниот оддел на САД за човекови права се изнесува дека во Македонија има форми на етничка дискриминација против етничките Албанци во врска со медиуми на албански јазик, образование на албански јазик, застапеност по работни места во јавниот сектор, слаба застапеност во полицијата, слаба застапеност меѓу старешините во Армијата на РМ, одбивање за добивање на државјанство на Албанци кои долго живеале во Македонија како и во процесот за добивање државјанство и несоодветно одредување на изборни области за да се намали нивната гласачка моќ.** Во мај 1995 година неколку албански радио и ТВ станици биле затворени од власта, а деканот на нелегалниот универзитет во Тетово бил осуден на 30 месеци затвор. Во 1996 година во **извештај на Државниот оддел на САД за човекови права било изнесено дека етничките Албанци во Македонија се дискриминрани во процесот на добивање државјанство, во застапеноста во безбедносните сили и во можноста за посетување на образование на мајчин јазик.** Во јули 1996 година, 3000 Албанци демонстрирале за ослободување на осудените лица одговорни за нелегалниот универзитет во Тетово. Демонстрантите носеле албански симболи, ја обвинувале Владата и барале меѓународна подршка. Во 1996 година парламентарна група на Албанците од Македонија испратиле про-меморандум до Европскиот парламент во кој барале да се изврши притисок врз Македонија, **да се откаже од националистичкиот концепт и да ја прифати реалноста на мултиетничка држава.** Во мај 1997 година градоначалниците на Тетово и Гостивар се спротивставиле на законот за знамиња. На 9 јули 1997 година полицијата извршила операција во Гостивар. Како последица од операцијата било загинувањето на двајца млади Албанци, а уште едно лице подоцна починало како резултат од тепање од полицијата. Неколку полицајци имале прострелни рани, што укажувало дека меѓу демонстрантите имало вооружени лица. Биле уапсени 312 лица, вклучувајќи го и градоначалникот на Гостивар. На состанок на Демократската партија на Албанците во Струга, на 22 август 1997 година, Илјаз Халити ги повикал сите Албанци да формират

обединет фронт. Тој повикал ПДП да излезе од владеачката коалиција. Халити изјавил дека настаните во Тетово и Гостивар се сценарио на Владата да ги заплаши Албанците. Лидерот на Демократската партија на Албанците, Арбен Џафери на негова средба со премиерот на Албанија во септември 1997 година побарал поддршка за Албанците во Македонија од страна на Албанија. Во април 1998 година, илјадници етнички Албанци протестирале во Гостивар барајќи ослободување на Руфи Османи и прекин на дискриминацијата над Албанците. Во мај 1998 година, Арбен Џафери изјавил дека на Албанците во Македонија им е подобро отколку во другите земји на Балканот, но во август 1998 година, Џафери изјавил дека не се согласува со ставот на премиерот на Албанија дека Албанците во Македонија треба да се задоволни со нивната позиција во земјата, изнесувајќи ги проблемите со образованието, затворените градоначалници и карактеризирањето на Албанците во медиумите во Македонија како терористи. На изборите 1998 година албанските партии зеле активно учество, а во владата партиципирала ДПА на чело со Арбен Џафери. Во јануари 1999 година, во Собранието бил изгласан закон со кој биле амнестирани градоначалниците на Тетово и Гостивар. Февруари 1999 година, Арбен Џафери изјавил дека тој ја поддржува независноста на Косово постигната со политички средства. За време на посета на Бугарија, Џафери изјавил дека ситуацијата на Албанците во Македонија е различна од состојбата на Албанците во Косово и дека не е можно да се зборува за менување на границите на Македонија. Од друга страна Претседателот на Македонија во 1999 година, Киро Глигоров после средба со Амбасадорот на Југославија во РМ, изјавил дека е против признавање на Косово и Метохија како независна држава. **Јасно било дека меѓу албанскиот и македонскиот политички блок имало суштински разлики за прашањето на статусот на Косово.** Во февруари 1999 година, Џафери изјавил дека појавата на Ослободителната војска на Косово помогнало да неговата партија и нејзините политики, посериозно бидат земени во обзир, а истиот месец изјавил и дека **предвидува дека на долг период ќе се формира една се-албанска држава.** На 24 март

1999 година започнал нападот на НАТО врз Југославија, а во Македонија пристигнал голем број на бегалци од Косово. Во април 1999 година имало медиумски известувања дека политичките партии на етничките Албанци во Македонија активно помагале во регрутирање на Албанци кои биле упатувани на обука во центри за воена обука во Албанија, како и дека во селото Порој, Тетово, имало регрутен центар на Ослободителната војска на Косово.[79] За време на војната меѓу НАТО и Југославија, Мендух Тачи, потпретседател на ДПА изјавил дека Албанците не смеат да ја дестабилизираат Македонија бидејќи тоа ќе е во интерес на Милошевиќ. Во мај 1999 година лидерите на ПДП и ДПА објавиле заедничка изјава во која повикувале дека политичките сили на Албанците од Косово треба да продолжат со своите напори за независност. На 9 јуни во Куманово бил потпишан Кумановскиот договор со кој завршиле нападите на НАТО врз Југославија. Во август 1999 година имало чести известувања за шверц на оружје од Косово во Македонија и дека немало никаква контрола на границата меѓу Македонија и Косово. Во ноември 1999, на изборите во Албанија изгубил дотогашниот премиер Пандели Мајко, кој се залагал против промена на границите на Балканот. На претседателските избори во Македонија, лидерите на Албанците изјавувале дека го поддржале кандидатот кој ќе се заложи за признавање на независноста на Косово. Во 1999 година била формирана Ослободителната национална армија и Ослободителната војска на Прешево и Бујановац. Тие биле формирани од поранешни борци на Ослободителната војска на Косово и требало да оперираат во Македонија и Јужна Србија. Во 2000 година Танушевци преку случајот на Џавит Хасани станало медиумски познато. На 2 април 2000 година, еден офицер и тројца војници на АРМ биле заробени од вооружена група која барала ослободување на Џавит Хасани. Македонските медиуми истакнувале дека Џавит бил припадник на ОВК. Џавит Хасани бил ослободен со кауција, а припадниците на АРМ ослободени. Македонската влада подоцна признала

---

[79] Уште во СФРЈ Албанците од Македонија биле тесно поврзани со политичките организации на Албанците во Косово. На пример во организацијата Народно движење за Косово биле активни Албанците од Македонија и подоцнежни лидери на ОНА, Фазли Велиу и Али Ахмети

дека се договорила со претставници на вооружената група. На 31 јули 2000 година, оклопно возило на АРМ налетало на мина во близина на Танушевци, а на 13 септември и второ возило на АРМ налетало на мина во реонот на Танушевци. Во вториот случај имало 4 повредени припадници на АРМ. Поставувањето мини во воени цели се користи во одбрана и кога се сака да се спречи или ограничи движење на противничките сили. Гледајќи на ваков начин, најверојатно вооружените Албанци во реонот на Танушевци сакале да го спречат движењето на АРМ во реонот. Во есента 2000 година, мали герилски групи започнале да регрутираат лица во Западна Македонија. Есента 2000 година биле одржани избори во Косово каде политичарите кои произлегувале од ОВК доживеале пораз од партијата на Ругова. Тоа со сигурност предизвикало незадоволство во редовите на припадниците на поранешната ОВК. Лидерите на ПДП и ДПА давале изјави да биде решено прашањето со правата на Албанците бидејќи бунтовнички сили би можеле да ги земат работите во свои раце. Ваквите постапки укажуваат дека есента 2000 година, ОНА била во фаза на создавање на својата герила која сеуште не била распространета ниту пак била обучена за почеток на борба. **Во јануари 2001 година албански герилци нападнале полициска станица во Македонија при што убиле еден полицаец и раниле тројца полицајци.** Арбен Џафери дал изјава дека овој напад е против интересите на Албанците во Македонија, а одговорноста на нападот ја презела организацијата **Ослободителна национална армија. На 23 јануари 2001 година ОНА испратила коменике бр.4 до весникот „Дневник“**, во кој пишувало: “ На 22 јануари специјална единица на Ослободителната национална армија, поддржана од група на набљудувачи, со автоматско оружје и фрлачи на гранати нападнаа полициска станица на македонската полиција. Во нападот противничките сили беа брзо парализирани и не пружаа отпор додека другите македонски сили од други правци не пријдоа кон локацијата. Нападот беше ограничен и беше предупредување за македонските окупатори и нивните албанофонски соработници. Униформираните македонски окупатори ќе продолжат да бидат

напаѓани се додека албанскиот народ не е ослободен. Ги повикуваме полицајците да се вратат кај своите фамилии и да не си ги жртвуваат своите животи залудно за илузорните македонски планови да доминираат врз мнозинството Албанци.“[80] Од коменикето јасно се гледа дека организацијата како **цел** си го има **поставено “ослободување на Албанците од Македонците“**, што може да се толкува само како борба за отцепување на територии. Нападот бил против безбедносни сили и е искористен за медиумско промовирање и напаѓање на моралот на безбедносните сили, истакнувајќи ја неспособноста на реакција на безбедносните сили и фактот дека никој не им помогнал на полицајците. Според коменикето од нападот немало поголеми последици бидејќи бил само предупредување, а не поради способноста на полицајците да се бранат.

Несомнено насилството од ОНА започнало. Прашање е “дали условите за бунтовништво постоеле?“. До 2001 година, било јасно дека Албанците во Македонија изразуваат незадоволство од нивниот статус и права, а уште при отцепување на Р. Македонија од СФРЈ, Албанците гласале за автономија. Државата немала своја контрола во пограничните делови кон Србија бидејќи шверцот преку границата ја корумпирал полицијата и го криминализирал населението. Секако и географијата одиграла своја улога. Состојбата на Косово и тампон зоната меѓу Србија и Косово во 2000 уште повеќе ја влошувале контролата на границата и пограничните реони во Македонија. Во овие делови локалните лидерите на популацијата не ја поддржувале Владата на РМ. Доказ за тоа е состојбата во Танушевци. Може да се заклучи дека постоело незадоволство кај поголемиот дел од популација на етнички Албанци во Македонија, а во пограничните региони немало контрола од Владата и немало локални лидери кои ја поддржувале Владата на РМ. Лидерите кои се појавиле биле испратени од Косово, после поразот на изборите во Косово во 2000 година и појав на незадоволството меѓу припадниците на ОВК. Постоеле сите

[80] ICR Balkans Report 109, The Macedonian Question, Reform or Rebellion, April 2001, Skopje/Brusseles, стр. 3

предуслови за почеток на бунт во пограничните делови кон Косово, со потенцијал да се прошири меѓу целата популација на етнички Албанци.

Другите прашања на кои веќе можело да се даде одговор во април 2001 година се "Дали ОНА била организирана како бунтовичка организација?" и "Дали ОНА имала свои политички цели и идеологија?" ОНА дефинитивно имала своја герила, а во своето коменике бр. 4 има изнесено политичка цел, "ослободување на Албанците". Меѓутоа иако имале политичка цел за ослободување таа не била прецизна од аспект што ќе следува после тоа. Дали би следувало обединување со Албанија или со Косово? Како ќе биде тоа изводливо меѓународно, инстуционално итн. Фактот дека уште во 2000 година ОНА организирала регрутација укажува на постоење на подземје кое логистички ги обезбедувало и кое пружало засолништа. Протестите во Тетово во март од околу 5000 лица, а на кои се давало поддршка на герилците укажува на постоење на активна поддршка од популацијата. Веќе од 1992 година, од референдумот за автономија било јасно дека скоро целата популација на етнички Албанци во Македонија ги симпатизира обидите за стекнување на автономија или независност на делови од Западна Македонија. **ОНА немала политичко крило формирано како политичка партија со своја програма.** Имало политички организации кои повеќе или помалку биле под влијание на одлуките на ГШ на ОНА. Ваквата позиција е многу слична со онаа на ОВК во Косово. Во почеток на 2001 година Националната демократска партија била политичка организација која давала политичка поддршка на ОНА. Идеологијата која првично ја истакнала ОНА била ослободување на Албанците. Меѓутоа ОНА никогаш не истакнала своја политичка програма. ОНА го користела незадоволството кај популацијата и неуспехот на легитимните политички водачи на Албанците да се изборат за повеќе права на демократски начин. Покрај тоа успехот на Албанците на Косово со сила да се дојде до успех против Србија, исто така им одел во прилог. На почетокот ОНА користела воена стратегија и пред се герилска тактика. Првите цели на напад биле безбедносните сили на Р. Македонија.

Може да се заклучи дека на почеток на 2001 година во Македонија имало услови за бунтовништво и имало организација која била сеуште во почетоци на своето формирање, со свои лидери, герила, поддржувачи и подземје, но немала свои политички тела и програма. **Друг важен фактор за оваа организација е нејзината силна врска со Ослободителната војска на Косово. На тоа укажува и фактот дека на интернет страната на Википедија, за ОНА на Албански јазик, се наведени имиња на 69 припадници на ОНА кои загинале и кои се од Македонија, а дури 15 загинати припадници на ОНА биле од Косово.**[81]

На 16 февруари 2001 година, тројца новинари од А1 телевизија биле времено задржани од вооружени лица во Танушевци. Овие лица ги одзеле камерите и мобилните телефони на новинарите, а потоа ги пуштиле. После овој настан граничари од АРМ влегле во селото при што имало вооружен контакт. Од припадници на АРМ бил убиен Музафер Џафери. На 19 февруари 2001 година, етнички Албанци се судриле со патрола на АРМ. Албанците носеле ознаки на Ослободителната национална армија. Настаните кај Танушевци биле искористени од ОНА да го издаде своето петто коменике во кое известила дека **ќе испрати свои борци во Танушевци за "да го заштити населението".** Со ова ОНА повторно покажува дека има за цел да го придобие населението, прикажувајќи слика дека Албанците се загрозени од безбедносните сили на РМ, а ОНА е единствена која ги заштитува. На 25 февруари 2001 година, македонски воени извори истакнале дека водачот на ОВК, Рамуш Харадинај организира навлегувања на територија на Македонија, како и дека НАТО не го контролира движењето на луѓе и оружје од Косово. Непостоечката контрола на границата и одела во прилог на ОНА, чија логистика и бази за засолнување биле на Косово. Арбен Џафери признал дека е можно индивидуи и мали групи да се активни во Македонија но тврдел дека нема организирана кампања против Македонија. На 25 февруари 2001

---

[81] http://sq.wikipedia.org/wiki/Ushtria_%C3%87lirimtare_Komb%C3%ABtare (пристапено на 09.09.2012 година)

министри од Македонија и Србија разговарале за заеднички активности против албанските герилци. На 26 февруари Мендух Тачи побарал демократско решавање на проблемот со Танушевци.[82] На 28 февруари било одлучено од НАТО да ја укине тампон зоната меѓу Србија и Косово, а истиот ден вооружени формации од Танушевци отвориле оган кон припадници на АРМ. На 2 март 2001 година, Собранието на Р. Македонија го ратификувало договорот за заедничката граница со Србија. Дел од ПДП била против ратификација, бидејќи партиите од Косово не биле консултирани. На 2 март НАТО ја повикал Македонија да се воздржи од воена офанзива против албанските герилци. На 5 март била најавена мобилизација на АРМ. На 7 март 2001, МО на Р. Македонија ја известило јавноста дека позиции на АРМ се нападнати со минофрлачки оган. На 8 март конвој кој се движел кон Танушевци, во кој биле Министерот за внатрешни работи на РМ и неговиот заменик биле нападнати. Во нападот загинал еден полицаец. На 9 март имало известувања за активности на албански вооружени групи и во Кумановско. Во март 2001 година, АРМ успева да воспостави контрола над Танушевци и Малино Маало. Во март 2011 година, во Македонија се формирала Национална демократска партија, на која голем број членови биле **поранешни затвореници. Оваа партија се очекувало да биде политичко крило на Ослободителната национална армија.**[83] После судирите на албанските герилци во Танушевци, судирите се рашириле во Куманово и Тетово. На 15 март 2001 година премиерот на Р. Македонија, Љубчо Георгиевски, изјавил дека од терористичките активности се надзираат политички мотиви, **а дека извор на кризата е Косово.** На 18 март 2001 година, ОНА изјавила дека имаат одредено претставник за разговори со Владата на РМ. На 21 март 2001 година, Владата на РМ издала ултиматум барајќи вооружените албански групи да се распуштат и да ја напуштат Македонија во следните 24 часа. Само

[82] ICR Balkans Report 109, The Macedonian Question, Reform or Rebellion, April 2001, Skopje/Brusseles

[83] Лидерот на НДП, Кастриот Хаџиреџа и се приклучил на Демократската унија за интеграција во 2003 година

три часа пред истекувањe на ултиматумот ОНА објавила прекин на огнот. Сепак на 24 март бил извршен голем напад на АРМ кон позициите на ОНА, после што ОНА ги повлекла силите. **На 28 април 2001 година, кај селото Вејце, во заседа биле убиени 8 припадници на МВР и АРМ.** Начинот на кој биле убиени и третирани телата на припадниците на безбедносните сили на Р. Македонија во Вејце предизвикаа демонстрации во Скопје, Битола и Велес и уништување на имоти на Албанците од страна на Македонци. **Овој настан со сигурност е настанот кој носи пресврт во нагло зголемување на спремноста на Албанците за активна поддршка на ОНА.** Во мај вооружени формации на ОНА навлегле во села во Куманово. Како водач во овие групи бил **Фадиљ Нимани, Албанец од Косово**. На 3 мај ОНА извршила напад на патрола на АРМ, при што биле убиени 2 војници, а бил заробен еден војник. Истиот ден започнала операција на АРМ против ОНА во Кумановско. ОНА успеала да се одржи во селата во Кумановско и покрај притисок од АРМ. Што е најважно ОНА се обидувала, **користејќи свои офицери одговорни за медиумите и своето подземје да привлече странски медиуми кои ќе известуваат дека населението се плаши од безбедносните сили на Р. Македонија и се крие во подруми и дека АРМ сака да изврши етничко чистење.**[84] Успехот на ОНА да не дозволи на безбедносните сили да навлезат и да ги контролираат селата во Кумановско и уништувањето на џамии од безбедносните сили на Р. Македонија, како и големото уништување на селата во Кумановско од артилерски оган им одело во прилог на ОНА. ОНА се обидувала да се прикаже пред меѓународната јавност и пред Албанците како заштитник на Албанците, кои се способни да и се спротистават на безбедносните сили на РМ. Доколку Вејце со немирите после Вејце предизвикале пораст во активната поддршка за ОНА, тогаш борбите во Слупчане, Ваксинце, Оризаре, Матејче и другите села во Кумановско допринеле ОНА да добие меѓународна поддршка. На 12 јуни ОНА со своја

---

[84] http://books.google.mk/books?id=SB1OrH8iZtcC&pg=PA95&lpg=PA95&dq (пристапено на 09.09.2012 година)

вооружена формација влегла во Арачиново. Изјавата дека ОНА има минофрлачи 120мм, со кои може да гаѓа клучни објекти во Скопје, ја направила ситуацијата во Арачиново крајно сериозна. Арачиново било опколено и врз истото бил извршен напад од безбедносните сили на РМ. Иако припадниците на ОНА пружале силен отпор, а истите биле помогнати и од 26 Американци[85], најверојатно воени советници, тие биле во целосно опколување и поразот бил неизбежен. Нападот на безбедносните сили бил сопрен под закана од страна на НАТО и САД за напад врз Македонија. Станало потполно јасно дека ОНА има силна меѓународна поддршка. На 5 јули 2001 година безбедносните сили на РМ потпишале договор за прекин на огнот со претставник на НАТО, а потоа претставник на НАТО потпишал договор за прекин на оган со претставник на ОНА, **во Призрен, Косово**. Но наместо мир состојбата продолжила да се влошува. ОНА повторно навлегла во Тетово и контролирала дел од градот. **Водач на ОНА во Тетово повторно бил Албанец од Косово, Рахим Беќири.** Во Тетово се одвивале интензивни борби во кои имало загинати припадници од двете страни. На 7 август 2001 година, во Скопје биле убиени 5 припадници на ОНА, а 5 биле уапсени. Оваа единица требало да изврши напади во Скопје. Следниот ден ОНА извршила напад на воен конвој, при што биле убиени 10 припадници на АРМ. На 9 август биле киднапирани 5 цивили, Македонци биле мачени од припадници на ОНА. На 10 август ОНА започнала офанзива во околината на Радуша, најверојатно насочена кон освојување на Рашче. **Нападот кај Радуша бил изведен од Косово со околу 600 борци,** па дури после интервенција на воздухоплови од АРМ нападот бил одбиен. Истиот ден 8 војници на АРМ загинале од мина, во близина на Скопје. Следувала операција на безбедносните сили во Љуботен, која ОНА ја искористила да ги обвини безбедносните сили за убивање невини цивили.[86] На 13 август 2001 година бил потпишан Охридскиот рамковен договор. После потпишување на истиот ОНА учествувала во процес на

---

[85] http://en.wikipedia.org/wiki/Glenn_Nye (пристапено на 09.09.2012 година)

[86] Заради оваа операција во Хаг е осуден Тарчуловски Јохан, во 2001 година припадник на МВР на РМ

демобилизација и разуружување на својата герила. Но ОНА покрај своите напад на легитимни цели имала извршено и киднапирања и малтретирање на цивили Македонци, што укажува дека ОНА сакала Македонците да се исселат од одредени области, доминирани од етничките Албанци т.е. да спроведе етничко чистење.[87] Во операцијата за разоружување било предадено од страна на ОНА: два оклопни транспортери, еден тенк Т-55, седумнаесет лансери за против воздушна одбрана, сто шеесет и еден минофрлач, 483 митралези, еден мал против-оклопен лансер и 3210 пушки.[88] Овие бројки не укажуваат дека ОНА целосно била разоружана. Со тоа завршил судирот меѓу ОНА и безбедносните сили на Р. Македонија.

Во 2002 година водачот на ОНА ја формирал партијата Демократска унија за интеграција, која на изборите во 2002 година добила 70% од гласовите на етничките Албанци. Резултатите од изборите покажуваат колку Албанците ја поддржувале ОНА, нејзиниот начин на борба и постигнатите резултати т.е. колку ОНА била успешна во придобивање на популацијата, за време и после вооружениот судир во 2001 година.

Може да се заклучи дека ОНА била организација која своите корени ги има во Ослободителната војска на Косово. ОНА имала герила, подземје и поддржувачи, но немала свое политичко тело. Иако ОНА делумно успеала во своите цели, ако се разгледува од аспект на бунтовничка организација од организационен аспект била во основна фаза, **но и недостига и една значајна карактеристика. ОНА е организација која била доминирана од интересите на политичкото тело на ОВК од Косово, а не од Албанците од Р. Македонија.** Тоа се гледа од големиот процент на Албанци кои потекнувале од Косово, а кои биле на клучни позиции во ОНА. Покрај тоа самиот Али Ахмети како лидер на ОНА до 2001 година бил активен политички и воено во Косово, што било случај со голем број од командантите на ОНА. Недостатокот

---

[87] http://www.internal-displacement.org/idmc/website/countries.nsf/(httpEnvelopes)/4C85C4592B20413E802570B8005AA88E?OpenDocument (пристапено на 09.09.2012 година)

[88] www.geetha.mil.gr/media/.../14_Operation_EssentialL_HARVEST.d... (пристапено на 09.09.2012 година)

на јасна политичка програма освен декларираната цел за отцепување, но без изјаснување со кого потоа би се формирала заедничка држава укажува дека ОНА не е бунтовничка организација туку организација која првично имала за цел исполнување интереси на надворешен фактор, за потоа поради развојот на настани и меѓународен притисок да изврши преформулација на своите цели. Во Македонија постоеле услови за бунтовништво во пограничните делови на Македонија со Косово. ОНА започнала со герилски напади уште во 2000 година, и немала намера за брза ескалација на состојбата се додека АРМ не интервенирала во Танушевци, Малино Маало, Кодра Фура и други позиции на границата со Косово. Првата битка во Тетово и заседата кај Вејце биле најверојатно наменети да го придобијат албанското население од страна на ОНА. После првите контакти со полицијата и АРМ, ОНА добила сознанија за способностите и тактиките на АРМ и полицијата. Користејќи ја Скопска Црна Гора, Шар Планина и распоредот на селата во близина на Тетово и Куманово ОНА успеала да започне со урбано војување и да држи позиции спротивставувајќи се на АРМ и полицијата. После придобивање на популацијата, ОНА се насочила кон придобивање на меѓународната јавност и придобивање на САД и влијателни членки на ЕУ. Преку медиумските слики на разрушени села, колони на цивили кои се иселуваат, слики на деца, жени и старци кои се кријат во подруми, тие се обидувале да ја придобијат меѓународната јавност. Сосема е логично дека некои од политичарите во ЕУ и САД го прават она што го поддржува јавноста и што е во интерес на нивните држави. Покрај мислењето на јавноста, САД уште во 1995 година, а во 2001 година и Меѓународната кризна група посочиле дека Владата на Р. Македонија мора да изврши реформи за подобрување на правата на Албанците. Претходните факти, а можеби и тајни политики придонеле веќе во **мај 2001 година, ОНА да има клучна меѓународната поддршка.** Друг клучен фактор за успесите на ОНА било тоа што ОНА како засолниште и логистичка база го имал Косово. Поголем дел од борците на ОНА биле од Македонија, но голем дел од борците биле од Косово и Албанија. Тоа наведува дека Косово и

Албанија биле вмешани во напад на Македонија, меѓутоа факт е дека се чести семејните врски на Албанците од Македонија, со Албанци од Косово и Јужна Србија, а и дека во ОВК се бореле многу Албанци од Македонија. ОНА користела стратегија базирана на идентитет, а како тактики користела герилска војна но и терористички активности кон Македонците, најверојатно да предизвика нивно трајно иселување од делови на Македонија. **ОНА не ја исполнила целта за "ослободување"**, што подразбира отцепување од Македонија. **Рамковниот договор всушност скоро во целост е она што уште во 1995 година го посочување Стејт департментот на САД, како потреба за реформа на Македонија. Фактот дека ОНА не беше дел од потпишувањето на Рамковниот договор укажува на фактот дека ОНА не беше бунтовничка организација која се стекна со меѓународен легитимитет. ОНА не е бунтовничка организација, туку структура создадена, поддржувана и насочувана од Косово и други странски фактори.** На тоа укажува големиот број Албанци од Косово кои биле во нејзините редови, како и фактот дека многу од водачите на ОНА биле од Косово или биле припадници на Ослободителната војска на Косово и многу години не живееле во Македонија, туку во Косово, Германија, Швајцарија и други земји. Водачите на ОНА биле поранешни припадници на ОВК која пак тесно соработувала со НАТО и разузнавачките служби од НАТО земјите. Ваквата поврзаност ја докажува и инволвираноста на државјани на САД во операцијата на ОНА во Арачиново. Она што дава слика дека ОНА е бунтовничка организација е фактот дека **во северниот дел на Македонија постоеле предуслови за бунтовништво, а безбедносните сили на Р. Македонија и политичари од Македонија со свои погрешни постапки овозможиле пораст на поддршката на ОНА кај популацијата во Македонија.** Сепак ОНА не успеала да добие активна поддршка кај етничките Албанци во Струга, Охрид, Дебар, Кичево и Гостивар и да ги прошири вооружените активности и во тој дел на Македонија. Исто така немало успех и за почеток на вооружени судири во големите урбани центри како Скопје и Куманово. Вооружениот судир во

Македонија, во 2001 година не е бунтовништво бидејќи е започнат од странски извор, а не од домашната популација. Конфликтот траел во период помал од една година. ОНА во тој период имала убиено 9 цивили, измачувала 20 цивили, а киднапирани и најверојатно убиени биле уште 32 цивили. Како резултат на судирите со ОНА биле убиени 43 припадници на АРМ и 15 припадници на МВР[89]. Од ОНА биле искористени условите во Македонија кои биле поволни за почеток на бунтовништво. Охридскиот рамковен договор, како исход на конфликтот во себе ги содржи политичките ставови на САД искажувани уште во 90-тите години на 20-от век, а не првично изнесената цел на ОНА „ослободување на Албанците". Како клучен меѓународен фактор за развојот на настаните во 2001 година и крајниот исход несомнено биле САД. Она што припадниците на ОНА и ОВК го добија после 2001 година е раст на политичкото влијание во Македонија и Косово. Овој конфликт од аспект на противбунтовништво е значаен да се разгледува бидејќи покажува дека постоењето услови за бунтовништво може да бидат искористени од странски фактори за предизвикување криза.

## 2.3 Заклучок

Бунтовништвото после 2001 година интензивно се проучува во САД и членките на НАТО, додека во остатокот од Светот сеуште доминираат термините „тероризам", „герилско војување", „војна од низок интензитет" и др. Земјите на НАТО се имаат согласено за една заедичка дефиниција, но имаат и свои посебни дефиниции за бунтовништво, кои не се меѓусебно контрадикторни. За Македонија е најприфатлива, поради политичката и безбедносна насоченост, дефиницијата на НАТО „***бунтовништво*** е збир на активности на организирана, често пати идеолошки мотивирана група или движење, кое има за цел да предизвика или да спречи политички промени од страна на владеачките авторитети, фокусирајќи се на убедување и

[89] Дадени се збирни информации кои се табеларно изнесени во книгата на Иван Бабановски, „ОНА терористичка паравојска во Македонија", ВЕДА-Скопје, 2002 година, стр. 365-377

заплашување на популацијата користејќи насилство или субверзија". Бунтовништвото како активност е насочено кон придобивање на популацијата. За да може да се појави бунтовништво потребно е да постои **незадоволство** кај дел од популацијата на државата **и да постојат предуслови** како недостаток на контрола на власта над популацијата, ранлива популација и лидери. Елементи на бунтовништвото како организација се: лидери, герила, подземје, поддржувачи и популација која дава пасивна поддршка. Бунтовниците може да користат различни **тактики** како: тероризам, герилска војна, конвенционално војување, саботажа, субверзија, пропаганда, демонстрации и инфилтрирање. Која тактика ќе доминира зависи од повеќе фактори. Доколку власта има способни безбедносни сили, а популацијата живее пред се во урбани средини најпогодна ќе биде терористичката тактика, додека доколку безбедносните сили на власта се помалку способни, а популацијата е доминантно во рурална средина најпогодна за примена е герилската тактика. Бунтовниците за постигнување на своите цели може да користат различни стратегии и тоа: урбана терористичка[90], воена, долга популистичка војна[91], фокусирана на идентитетот, конспиративна[92] и композитна стратегија. Бунтовниците е тешко да се откријат, бидејќи тие потекнуваат од населението и живеат меѓу населението. Бунтовниците лесно може да се инфилтрираат во структурите на власта и да ги осознаат способностите и намерите на власта. Бунтовниците не се обврзани со почитување на закони, доктрини ниту пак имаат некоја цврста формална организација која би ги направила предвидливи. На бунтовниците им одговара долготрајност на конфликтот.

Покрај предностите, бунтовниците имаат и очигледни слабости. Тие мора да имаат своја безбедна база од каде ќе ги водат операциите. Помошта од странство е суштински важна, бидејќи бунтовниците мора од некаде да добиваат обука, оружје и опрема. Тоа ги прави бунтовниците предвидливи и

---

[90] Пример бунтовништвото на Ирската републиканска армија во Северна Ирска
[91] Комунистичката револуција во Кина
[92] Комунистичката револуција во Русија

зависни. Бунтовниците немаат стабилен буџет и зависат од различни начини за собирање пари, како криминални активности, донации од популацијата, од НВО, други држави и други извори. Бунтовничката организација обично не е строго централизирана и тоа наметнува можност за нејзино фракционирање како и за нарушување на безбедноста на информациите кои тие сакаат да ги заштитат. Бунтовниците се ранливи на разузнавање преку прислушкување и следење на комуникација. За ширење на пропаганда, бунтовниците се ограничени кои медиуми може да ги користат. Комуникацијата човек на човек е клучен начин на ширење на пропаганда и придобивање на популацијата.

Анализирајќи ги исходите од внатрешните конфликти во Косово, Ирак, Авганистан, Македонија и Израел, може да се заклучи дека во случаевите кога една од страните нема на своја страна светска или регионална сила која активно ја помага, таа страна најверојатно ќе биде поразена. Таков беше случајот со Србија. Од друга страна кога бунтовниците имаат активна поддршка од соседна земја скоро да е невозможно тие целосно да бидат воено поразени, без разлика на воената сила на противбунтовниците. За тоа е најочигледен доказ Авганистан и Ирак, а таквиот заклучок го поткрепуваат и конфликтите во Македонија, Косово и Израел.

Бунтовниците не успеваат само поради своите паметни одлуки, туку пред се преку експлоатирање на грешките на противбунтовниците. Бунтовниците со своите првични акции се обидуваат да предизвикат погрешна реакција на противбунтовниците која тие ќе може да ја експлоатираат за добивање внатрешна и надворешна поддршка. Тие не мора да нудат решенија, доволно е да ги истакнат недостатоците на власта. Поради големата зависност од поддршка од барем една соседна земја, власта во земјата која ги поддржува може да влијае врз целите на бунтовничката организација. Доколку зависноста е голема, соседната земја може да има целосна контрола врз целите и активностите на бунтовничката организација. **Воените победи не** се клучни.

Многу е поважно кој ќе победи во медиумскиот простор и во надворешната политика.

# 3. ПРОТИВБУНТОВНИШТВО

## 3.1 Поим и дефинирање на противбунтовништво

Противбунтовништвото е реакција на бунтовништвото. Тоа почнува тогаш кога властите во земјата каде се појавила бунтовничка организација стануваат свесни дека таа постои и дека истата претставува реална закана. Како реакција на бунтовништвото, противбунтовништвото мора да најде одговор на стратегијата и тактиките кои ги користи бунтовничката организација, но истовремено и да ги смени факторите[93] кои довеле да бунтовништвото настане и воопшто да биде можно. Само со промена на тие фактори се доаѓа до долгорочно справување со бунтовништвото. НАТО во својата публикација AJP 3.4.4 од септември 2011 година[94], го дефинира противбунтовништвото како „збир на политички, економски, социјални, воени мерки, спроведување на закон, цивилни и психолошки активности, со цел **да се порази бунтовништвото и да се одговори на клучните причини за незадоволство**". Многу слично со дефиницијата на НАТО е дефиницијата на САД[95] за противбунтовништво во која истото се дефинира како „сеопфатни цивилни и воени напори превземени **да се порази бунтовништвото** и да се одговори на **клучните причини за незадоволство**".

Дефиницијата на противбунтовништво јасно укажува дека тоа не е само воена активност и не се состои во уништување на бунтовниците, туку е сепфатна активност која треба да се справи со проблемите кои довеле до појавување на бунтовништвото. НАТО земјите тргнувајќи од своите искуства имаат заклучено дека протувбунтовништвото се засновува на три столба и тоа:

---

[93] причини за незадоволство, постоење ранлива популација, лидери и недостаток на контрола над популацијата

[94] http://www.scribd.com/doc/95435851/NATO-Allied-Joint-Doctrine-for-Counterinsurgency-COIN (пристапено на ден 10.08.2012 година)

[95] DoD, JP 1-02-Dictionary od Military Associated Terms, USA, 2010, стр. 85

безбедност, политика и економија[96]. Согласно тие три столба НАТО ги има дефинирано линиите на делување на противбунтовништвото[97] и тоа:

1. Цивилна безбедност,
2. Поддршка на безбедносните сили на земјата домаќин[98],
3. Поддршка на владините инситуции[99],
4. Воспоставување цивилна контрола,
5. Воспоставување на основните јавни услуги[100],
6. Поддршка на развојот на економијата и инфраструктурен развој,
7. Информирање.

Важно е да се свати дека противбунтовништвото не е процес предводен од безбедносните сили. Тоа е процес на чиј врв се политичарите. Најважно е да биде сватено, од страна на сите кои учествуваат во процесот на противбунтовништво, дека во својата суштина **тоа е борба за популацијата, а не против неа.**

## 3.2 Принципи за водење на противбунтовништво и основни фактори кои влијаат за успех или несупех на противбунтовништво

Од историски анализи на противбунтовништвата е дојдено до одредување на принципи кои треба да се почитуваат за успешно водење на противбунтовништвото[101]: сваќање на оперативната средина, легитимитет на власта, единство на напорите , политичарите се најважни, операциите треба да бидат водени врз основа на разузнавачки информации, бунтовниците мора да

---

[96] http://www.au.af.mil/au/awc/awcgate/uscoin/3pillars_of_counterinsurgency.pdf (пристапено на 20.10.2012 година)

[97] HQ Department of the Army, FM 3-24.2, Tactics in Counterinsurgecy, Washington DC, USA, 2009, глава 3, стр. 8

[98] Во НАТО се разгледува противбунтовништвото како активност во која членките би давале поддршка на нивни сојузник

[99] На земјата домаќин во која би се одвивала мисијата на НАТО за поддршка на истата

[100] Под основни јавни услуги се мисли на здравство, образование, комунални услуги, снабдување со вода и електрична енергија и сл.

[101] HQ Department of the Army, US FM 3-24, Washington DC, USA, 2006, глава 1, стр. 20

бидат изолирани од нивната цел и од поддршката која ја добиваат, безбедност и почитување на законите, менацирање на изјавите на авторитетите и очекувањата на популацијата, употреба на соодветно ниво на сила, учење и адаптирање, давање на овластувања на најниско ниво и поддршка на домашната власт.

Во истражување на Нацианалниот безбедносен институт RAND, од САД, со наслов „Противбунтовништвото во Авганистан", од 2008 година е наведено дека има 3 варијабли од кои зависи успехот, т.е. неуспехот на противбунтовништвата. **Тие фактори се: способноста на безбедносните сили, начин на владеење и надворешна поддршка на бунтовниците со постоење засолниште за истите.**




**Слика бр. 13, Приказ на успех/неуспех на противбунтовништвата во зависност од способноста на безбедносните сили,**

извор: Seth G. Jones, Counterinsurgency in Afghanistan, RAND National Defense Research Institute, 2008, стр. 16

**Figure 2.4**
**Government Popularity and Success**




**Слика бр. 14, Приказ на успех/неуспех на противбунтовништвата во зависност од популарноста на Владата,**

**извор:** Seth G. Jones, Counterinsurgency in Afghanistan, RAND National Defense Research Institute, 2008, стр. 20

Во друго **истражување на противбунтовништво**, од страна на Националниот истражувачки инсиут за одбрана, **RAND**[102], со наслов „Победата има илјада татковци- Извори на успех во противбунтовништво"[103], од 2010 година, **наведени се 15 добри и 12 лоши практики за противбунтовништво. Тие се резултат на проучување на 30 случаеви на водење противбунтовништво, меѓу кои е анализиран и случајот со Косово 1996-1999 година.** Во истражувањето е заклучено дека во случаевите кога од збирот на добри практики се одземал збирот на лоши практики користени од противбунтовниците и се добивал позитивен број, противбунтовништвата биле успешни. Во случаевите кога се добивал резултат нула или негативен број, противбунтовништвата биле неуспешни.

[102] http://www.rand.org/pubs/monographs/2010/RAND_MG964.pdf (пристапено на 22.10.2012)

[103] Victory has thousand fathers-Sources of success in counterinsurgency

Како **лоши практики** на противбунтовниците се наведени:

1. Противбунтовничките сили користеле колективно казнување и ескалирачка репресија.

2. Главните сили за противбунтовништво биле од странски окупаторски сили.

3. Противбунтовничките сили или владини активности придонеле за значајни нови причини за незадоволство искажани од бунтовниците.

4. Противбунтовничките сили извршиле преместување или отстранување на цивилната популација за контрола над популацијата.

5. Противбунтовничките сили предизвикале колатерална штета која од популацијата во областа била перцепирана како поголема од онаа предизвикана од бунтовниците.

6. Во реонот каде се одвива конфликтот противбунтовничките сили се перцепирани како полоши од оние на бунтовниците.

7. Противбунтовничките сили не успеале да се адаптираат на стратегијата на противникот, на нивните операции или тактики.

8. Противбунтовничките сили повеќе користеле заплашување отколку бунтовниците.

9. Бунтовничките сили биле индивидуално супериорни во однос на противбунтовничките сили во однос на професионалност или мотивираност.

10. Противбунтовничките сили или нивни сојузници зависеле од разграбување за снабдување, одржување.

11. Противбунтовничките сили и власта имале различни цели или ниво на посветеност.

12. Паравоени сили работеле за цели кои се разидувале со оние на противбунтовничките сили или на Владата.

Како **добри практики** на противбунтовниците се наведени:

1. Противбунтовничките сили почитувале неколку принципи за стратегиска комуникација.

2. Противбунтовничките сили значително ја редуцирале реалната поддршка на бунтовниците.

3. Владата воспоставила и одржала легитимитет во областа во која се одвивал конфликтот.

4. Формата на владеење во земјата била барем делумна демократија.

**5. Противбунтовничките сили имале разузнавање адекватно да даде поддршка за ефективно ангажирање или нарушување на бунтовништвото.**

6. Противбунтовничките сили биле доволно силни да ги приморат бунтовниците да се борат како герилци[104].

7. Владата била компетентна[105].

8. Противбунтовничките сили избегнувале предизвикување прекумерна колатерална штета, непропорционална употреба на сила и друга нелегитимна употреба на сила.

9. Противбунтовничките сили се обидувале да воспостават позитивни односи со популацијата во областа на конфликтот.

10. Краткорочни инвестиции, подобрувања во инфраструктурата или развојот или пак реформи на сопственоста се случиле во областа на конфликтот, контролирана или за која било тврдено дека е контролирана од противбунтовничките сили.

11. Мнозинството од популацијата во областа на конфликтот ги поддржувале или фаворизирале противбунтовничките сили.

---

[104] Бунтовниците да не можат да контролират територии и да не можат да водат конвенционална војна

[105] Ја свакала природата на конфликтот, т.е. на противбунтовништвото

12. Противбунтовничките сили воспоставувале, а потоа ги ширеле безбедните зони.

13. Противбунтовничките сили имале и ја користеле целосната доминација во воздух.

14. Противбунтовничките сили пружале или овозможувале снабдување со основни услуги во обласа која ја контролирале или тврделе дека ја контролираат.

15. Перцепција за безбедност била создадена или одржувана меѓу популацијата во области каде противбунтовничките сили тврделе дека имаат контрола.

Во истото истражување била проверувана успешноста на одредени противбунтовнички пристапи. За некои пристапи кои водат кон успех. Такви пристапи се:

1. насоченост кон развој,
2. пацификација,
3. легитимност на владата,
4. трошење соодветно на придобивките,
5. контролирање на границите на државата,
6. стратешко комуницирање,
7. поседување на прирачници за противбунтовништво,
8. противбунтовничките сили да се движат меѓу популацијата (борбените единици и полицијата да се движат пешки и да комуницираат со локалната популација),
9. безбедносни сили блиски со популацијата,
10. редуцирање на реалната подршка на бунтовниците (од населението и од странски фактори),

**11. давање акцент на разузнавањето,**

12. флексибилност и адаптирање на ситуацијата.

Од друга страна биле утврдени пристапи кои со сигурност носат негативен исход на противбунтовништвото како пристап за насилно уништување на бунтовништвото со прекумерна употреба на сила и преселување на популацијата за да се воспостави контрола над истата.[106] Користењето на силна репресија врз популацијата дава моментални резултати, но не води кон конечен позитивен исход за противбунтовниците.

## 3.3 Економски развој и противбунтовништво

Сите бунтовништва, освен ослободителните[107], се случуваат во земји каде постојат економски проблеми или во земји каде има голема неизедначеност во поделбатата на капитал и пристапот до јавни услуги. Некои бунтовништва се базираат пред се на незадоволства од класни нееднаквости, на економска сиромаштија, корупција[108] и слично. Други пак се базираат на комбинација на претходните економски проблеми но и на расни, верски или етнички проблеми[109]. Економските проблеми и кога не се основната причина за незадоволство за започнување на бунтовништвото секогаш создаваат плодна почва за брз развој на бунтовништвото. Генерал Стенли Меккристал[110] го објаснува бунтовништвото како нешто кое треба да се разгледува од аспект на индивидуа и на едно семејство. Секоја индивидуа и поединечно семејство

---

[106] Дејвид Галула во својата книга "Counter-insurgency-Theory and practice", изнесува мислење дека преселба на населението е опција за контрола на границата. Според Галула таквата преселба на население од граничниот појас треба да се изведе доколку не е можно на друг начин да се овозможи контрола на границата, а истото треба најпрво да се тестира на мал дел од границата.

[107] Пример бунтовништвото на ИРА во Северна Ирска, се случува во високо развиена земја, но и тоа се има обидено да ја искористи економската криза и нееднаквата распределба на капиталот меѓу етничките и религиозни групи.

[108] Такви биле комунистичките револуции во 20-от век

[109] Такви биле ослободителните војни против колонијалните сили

[110] Командант на силите на ИСАФ од 2009 до 2010 година, кој во своите предавања за противбунтовништво пред припадници на ИСАФ го објаснува противбунтовништвото на најниско ниво, т.е. а ниво на индивидуа од популацијата и на ниво на припадник на безбедносните сили.

имаат потреби кои мора да ги задоволат, а кои зависат директно од економската состојба и од пристапот до јавни услуги. Доколку власта во државата на било која индивидуа не и пружа можност за достоен живот, т.е. можност да има дом, да има пристап и да може да плати за потребната храна, вода, електрична енергија, здравствени услуги, образование и други основни потреби, тогаш таа индивидуа е отворена за соработка со секого кој ќе му вети и пружи задоволување на претходните потреби. Во Авганистан многу момчиња се приклучуваат на талибаните бидејќи со тоа тие добиваат плата, оружје, мотор и можност да се женат, додека истовремено власта не им нуди можност за вработување. Во Авганистан е нелогично да се бара од луѓето да престанат да произведуваат опиум, без да им се овозможи друг начин на кој ќе заработуваат пари да ги издржуваат своите фамилии. Во Алжир една од социјалните групи кои ги поддржувале противбунтовниците биле оние кои земале пензија од Франција, а во Косово имало Албанци кои биле на функции и кои соработувале со властите иако биле објавувани на "листа на срамот". Луѓето обично постапуваат според свој личен интерес и се многу рационални. Противбунтовништвото е војна за придобивање на популацијата, а економскиот интерес е важен за секоја индивидуа. Но проблемот иако е едноставно да се констатира, лежи длабоко во структурите на државата во која започнало бунтовништвото. Доколку и пред да започне бунтовништвото власта не била способна да се справи со економските проблеми или не сакала рамномерно да ги распореди економските средства, како после почнување на бунтовништвото, со зголемена потрошувачката за безбедносните сили и мерки и нарушена безбедност, ќе бидат најдени пари за рамномерен економски развој? Економски развој не е возожен ако се нема безбедност и ако се водат борбени дејствија. Држава која се справува со бунтовништво за справување со економските проблеми мора најпрво да ги признае своите грешки во економијата и да ги отстрани систематски, да ја минимизира корупцијата во своите редови, да создаде безбедна средина за економијата и да добие финансиска помош од странство. Без да бидат направени сите овие чекори

заедно, подобрување на економската состојба не е возможна. Власта мора да има во предвид дека противбунтовништвото е процес кој е долг, а со тоа и многу скап. Едно е сигурно, подобра економска состојба, значи и помала веројатност да популацијата се бунтува против власта со насилни методи, **но таа сама по себе не е решение за проблемот, бидејќи во суштината на бунтовништвото лежи идеологија и политичка цел, а не само желба за економски профит.**

| **Табела бр. 3** | **Податоци за економски индикатори, распоред на економските средства и човекови права за 2006 година** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Држава** | **Авганистан** | **Ирак** | **Србија и ЦГ** | **Израел** | **Македонија** |
| **Економски раст и степен на сиромаштија** | **7.5** | **8.2** | **6.5** | **3.8** | **6.0** |
| **Нееднаковост на населението** | **8.0** | **8.7** | **8.0** | **7.0** | **7.5** |
| **Човекови права** | **8.2** | **9.7** | **5.6** | **7.0** | **5.3** |
| **Извор:** http://www.fundforpeace.org/global/?q=fsi-grid2006 (пристапено на 20.12.2012 година). Вреднувањето е од 1 до 10, со тоа што **повисоките бројки покажуваат поголеми проблеми во областа** | | | | | |

Од показателите може да се забележи дека во земјите во кои имало бунтовништва заедничко им е тоа што имале проблеми во почитување на човековите права и во распределба на ресурсите во земјата, а иако во поголемиот дел има и сиромаштија тоа не е случај во сите земји.

## 3.4 Политика и противбунтовништво

Бунтовништвото е директно насочено против власта во земјата. Тоа сака да ја придобие популацијата против власта. Бунтовниците нудат идеологија и политички цели на популацијата. Идеологијата и политичките цели на бунтовниците не се убиваат со оружје. Одговор на нив е алтернативна идеологија и цел која може да ја придобие популацијата да застане на страна на власта. **Таа алтернативна идеологија и цели треба да бидат понудени од политичарите на власт.** Сето ова звучи толку логично, меѓутоа има еден

очигледен проблем. Политичарите кои се на власт тешко ги признаваат своите политички грешки. Тие претходно правеле проценки и донесувале одлуки кои ја довеле состојбата да биде поволна за почеток на бунтовништво. Често политичарите јавно признаваат дека постои бунтовништво дури откако ќе почне насилство од таков степен, да не можат да го игнорираат. Оние кои први им кажуваат на политичарите дека постои бунтовничка организација, со одредени цели и способности се разузнавачките служби. Кога и колку политичарите ќе станат свесни за проблемот со бунтовништвото зависи од способноста на разузнавачките служби да го откријат бунтовништвото како и од довербата меѓу политичарите и разузнавачките служби. Од моментот кога ќе станат свесни за заканата од бунтовништвото, политичарите имаат пред себе многу предизвици како: задржување на легитимитетот во земјата и во странство, обезбедување безбедност и економски развој, придобивање на сојузници кои ќе им помогнат економски и во контрола на меѓународните граници како и во намалување на поддршката на бунтовниците во странство.[111] Ова укажува дека политичарите се на врвот од сите три столба на кое се засновува противбунтовништвото, т.е. на чело на политиката, економијата и безбедноста. За да бидат успешни во тоа, **политичарите треба да се лица кои се запознаени со противбунтовништвото од теоретски аспект.** Доколку политичарите не сватат дека се борат за популацијата и почнат да ја третираат популацијата како непријател тие самите се имаат осудено на пораз. Во случај на бунтовништво во кое цел на бунтовниците е сецесионизам на етничка група, третирање на ранливата популација како непријател од политичарите води кон граѓанска војна.

### 3.5 Безбедност, полициски и воени операции во противбунтовништво

Безбедноста на граѓаните и клучната инфраструктура е основна потреба која секоја држава мора да ја задоволи. Без задоволителна безбедност од заканите не е возможно да постои економски развој. Самото постоење на

---

[111] Под поддршка за бунтовниците се одразбира: финансиска помош, пропагандна помош, засолништа, набавка на оружје и опрема

закана кон животот на граѓаните или кон опстанокот на државата не значи и немање економски раст или нормално функционирање на државата. За тоа пример е Израел кој е опколен со непријателски земји, а постојано е и цел на терористички напади. И покрај тоа Израел е земја која е економски развиена. Но тоа се засновува на тоа што Израел е исто така пример на земја со високо способни безбедносни сили. Израел е земја чии разузнавачки служби имаат извршувано успешни тајни операции низ целиот Свет, а израелските одбранбени сили се познати по постојани иновации во опрема и тактики. Примерот со Израел покажува дека воените и полициските сили може времено да компензираат во недостаток на политичко решение за конфликтот. Меѓутоа Израел е и показател дека тоа е можно само со постигнување на голема супериорност на безбедносните сили над бунтовниците и со големо вложување во безбедносните сили, кое во случајот на Израел е постојано финансиски поддржувано и од САД. Власта може да влезе во сопствена замка доколку смета дека преку супериорноста на своите воени и полициски сили може да го реши крајниот исход на конфликтот. Воените и полициските активности како дел од противбунтовништво, доколку не се соодветни, може да дадат легитимитет на бунтовниците и да го унапредат бунтовништвото да премине во следна фаза. За тоа пример е случајот со убивањето на Адем Јашари во Косово. Понекогаш да се направи помалку е подобро отколку да се направи повеќе. **Политичарите, воените и полициските раководители треба добро да проценат дали со убивање на 10 бунтовници ќе има 10 бунтовници помалку или ќе има 1000 повеќе.** Дали гранатирање на село ќе ги натера бунтовниците да се предадат или ќе им даде меѓународен легитимитет и ќе ја засили поддршката од популацијата кон бунтовниците? Од друга страна граѓаните, клучната инфраструктура и економијата мора да бидат безбедни, а со тоа да се даде и легитимитет на власта. Офанзивните активности на полицијата и војската против бунтовниците се потребни, но нивната употреба мора да биде внимателно направена и придружена со операции за информирање на популацијата и меѓународната јавност. Не смее да се

заборави дека **успехот на противбунтовништвото зависи од прецепцијата на популацијата.** Друг проблем кој постои при изведување на активности во кои се инволвирани разузнавачките служби, полицијата и војската е координацијата. Доколку не постои заедничка цел, единствен команден авторитет и јасно разграничување на правата и одговорностите како и заедничка информативна порака, активностите на разузнавачките служби, полицијата и војската ќе имаат мал или можеби дури и негативен ефект. „Се додека бунтовниците немаат успеано да изградат регуларна армија, противбунтовниците имаат мала корист од тешки, софистицирани сили дизајнирани за конвенционално војување“.[112] Противбунтовничките полициски и воени сили треба да бидат организирани во два дела: мобилни (за специјални операции) и статични кои ќе бидат блиски со локалната популација и ќе ја знаат состојбата на терен. Полициските и воените сили треба да бидат одговорни за откривање и апсење на лидерите на бунтовничката организација, како и за обезбедување докази за нивно судење и информации за водење ефективни операции за информирање. Апсењата и испрашувањето на уапсените е многу осетлив дел од водењето противбунтовништво. Полициските и воените сили не смеат да ги прекршуваат законите. Доколку законите не се соодветни за ефикасно и ефективно водење противбунтовништво, потребно е да се донесат закони кои ќе го овозможат тоа. Полициските и воените сили соодветни за водење противбунтовништво треба да не се одмаздуваат кога ќе загине нивен припадник во некое населено место, да не ја навредуваат популацијата и да се обидуваат да ја придобијат истата. Противбунтовништвото е конфликт во кој победник не е оној кој убил повеќе, **туку оној кој ќе ја убеди популацијата дека ќе победи и дека со нив ќе им биде подобро.** Полициските и воените сили во противбунтовништво ќе бидат институции на државата кои ќе бидат најприсутни на терен и меѓу луѓето, тие ќе даваат изјави на медиуми и ќе бидат снимани и фотографирани.

[112] David Galula, Counter-Insurgency Warfare Theory and Practice, Frederick A. Praeger, Inc., New York, USA, 1964, стр 68.

Популацијата ќе им се обраќа ним за помош, ќе им се поплакува и против нив ќе демонстрира. Сите лица во униформа, од оној со најнизок чин до генералите, може да нанесат огромна штета само со една своја постапка. Во Авганистан имаше многу такви настани, како објавувањето слики од уринирање на припадници на вооружените сили на САД врз мртви бунтовници, а такви примери имаше и во Ирак, како сликите од физичко и психичко измачување од затворот Абу Граиб[113]. Со претходнонаведеното се наметнува фактот дека полициските и воените сили не само што треба да се опремени и обучени за борбени операции, туку тие треба исто така и да ја сватат природата и карактеристиките на противбунтовништвото. Секој припадник на овие сили со своја погрешна постапка може да нанесе стратегиска штета на противбунтовниците.

### 3.6 Меѓународната заедница и противбунтовништво

Меѓународна заедница е термин кој може различно да се свати. Зборот заедница можеби остава претстава дека државите имаат заеднички став кон бунтовниците и противбунтовниците, меѓутоа во пракса државите и меѓународните организации може да имаат различни, а не многу ретко и контрадикторни ставови кон противбунтовниците. Секоја држава може да има различен став, согласно своите национални интереси. Државите и меѓународните организации не застануваат од страна на правдата и меѓународното право, туку се однесуваат во согласност со своите интереси. За тоа показател е случајот со Косово, Авганистан и Израел. Косово дури ги подели и земјите членки на НАТО, а односот кон Израел е сосема различен од страна на муслиманските земји и САД. Бунтовниците и противбунтовниците ќе се борат за добивање на меѓународна поддршка. Клучна е поддршка од соседните земји, поради обезбедување контрола на границата. Доколку бунтовниците ги изгубат своите бази и патишта за снабдувања во соседните земји, тие се скоро осудени на пропаст и обратно. Клучна улога на соседи кои

---

[113] http://www.independent.co.uk/voices/comment/georgias-abu-ghraib-the-horrific-stories-of-prisoner-abuse-8160286.html (пристапено на 22.12.2012 година)

обезбедуваат бази и логистика на бунтовниците одиграа Албанија во случајот на Косово, Пакистан во случајот со Авганистан, Иран и Сирија во случај со Ирак, а Египет и Сирија во случајот со Израел. Покрај соседите важни фактори во меѓународната средина се светските и регионални сили како САД, Кина, Русија, Турција, Индија, Велика Британија, Франција и други. Доколку противбунтовниците немаат поддршка од барем една светска или регионална сила, туку поддршката е на страна на бунтовниците, тогаш тие се во тешка позиција и им е потребен брз успех. На пример Србија беше осамена во борбата против ОВК во Косово, а од друга страна Владата на Исламска Република Авганистан има силна меѓународна поддршка. Можно е и двете страни да имаат силна меѓународна поддршка. Неспорно е дека улогата на соседните земји, светските и регинални сили и на меѓународните организации имаат важна улога во исходот на противбунтовништвото. Противбунтовниците треба да обезбедат колку е можно посилна меѓународна поддршка, а пред се поддршка од соседите, бидејќи од таа поддршка директно зависи исходот на противбунтовништвото.

**Figure 2.5**
**External Support for Insurgents and Success**




**Слика бр. 15, Приказ на успех/неуспех на противбунтовништвата во зависност од надворешна подршка на бунтовниците,**

**извор:** Seth G. Jones, Counterinsurgency in Afghanistan, RAND National Defense Research Institute, 2008, стр. 21




**Слика 16, Приказ на успех/неуспех на противбунтовништвата во зависност од постоење на засолниште за бунтовниците,**

**извор:** Seth G. Jones, Counterinsurgency in Afghanistan, RAND National Defense Research Institute, 2008, стр. 23

## 3.7 Основи на разузнавањето во противбунтовништво

Разузнавачката заедница би требало да биде првата структура на државата која би ја открила и осознала заканата од бунтовништвото и од бунтовничката организација. Се наметнуваат прашања како: „Дали разузнавачката заедница имала откриено дали постоеле предусловите за почеток на бунтвништвото?“ и „Дали разузнавачите пред почеток на користење на насилство ја откриле заканата од бунтовничката организација?“. Доколку на прашањата може да се даде позитивен одговор тогаш станува збор за способна разузнавачка заедница, но **доколку одговорот е негативен тогаш станува збор за разузнавачка заедница на која и е потребна реформа.** Разузнавањето како и самото противбунтовништво треба да биде водено од земјата која се соочува со бунтовништво, а во соработка со надворешни сојузници. Разузнавачките служби на државата која се соочува со бунтовништво треба да бидат способни да собираат информации за предусловите за постоење на бунтовништво и факторите кои влијаат врз

истото, како и за самата бунтовничка организација. Бунтовништвото ги опфаќа сите области на општествениот живот, па логично разузнавачите треба да собираат информации од сите области на општествениот живот кои влијаат врз успехот на бунтовништвото. Разузнавачката заедница на државата треба да има брз пристап до сите податоци достапни на државната администрација (статистички и лични податоци), а да биде способна да собира информации чие задржување на тајноста е важна за успех на бунтовниците како нивната локација, активност, намери и др. Само такво разузнавање може да има доволно податоци за изработка на релевантни проценки врз основа на кои политичарите, воените и полициски лидери ќе може да донесуваат правилни и навремени одлуки. Доколку разузнавањето е расцепкано и има долги процедури за добивање на информации од другите државни институции тоа ќе биде неспособно за реализиција на својата улога во противбунтовништво. Неспособно разузнавање ќе оневозможи да лицата кои донесуваат одлуки да ги донесуваат истите врз објективни проценки за реалноста, туку сосема обратно одлуките ќе бидат донесувани врз нецелосни или погрешни проценки.

### 3.8 Операции за информирање

Противбунтовништвото не се состои само од постапки, туку и од креирање на перцепции кај популацијата, бунтовниците, противбунтовниците и кај меѓународните фактори. Како дел од секоја операција на противбунтовниците треба да биде и операцијата менаџирање со информации. Како цели за извршување влијание на операциите за информирање (ОИ), се локалната популација (пред се ранливата популација), бунтовниците, противбунтовниците и надворешната јавност. Целта на ОИ кон локалната популација е да се информира истата на таков начин за да се упатат пораки кои се однесуваат на клучните причини за незадоволство кај популацијата, да се дадат инструкции и предупредувања за претстојните операции, а со цел безбедност на популацијата, да се мотивира популацијата да дава разузнавачки информации, да се дадат информации кои услуги ќе бидат пружани од

противбунтовниците на популацијата и во камповите со расселени лица, да се потенцираат разликите во идеологијата, економските и други погледи меѓу популацијата и бунтовниците, да се нагласат себичните мотиви на поддржувачите на бунтовничкото движење и др. Целта на ОИ кон бунтовниците е да се демотивираат и деморализираат со објаснување на можноста да се дезертира од организацијата, со убедување дека не можат да победат, да бидат поделени, да се развие верба во можно предавство во редовите на бунтовниците, да се направи јавен теророт и други слични практики од страна на герилците или нивни странски платеници, да се нагласи ривалството меѓу бунтовничките лидери, да се нагласат лошите услови за живот на герилците, недостатокот кој го имаат во оружје и муниција како и злоупотребата на жени и деца од нивна страна и др. Операциите за информирање насочени кон противбунтовниците имаат за цел да ги мотивираат истите преку посочување на примери на јунаштво, другарство, служење на нацијата и популацијата, нагласување на успесите, публикување на терористичките и други несоодветни тактики на бунтовниците кои го нагласуваат легитимитетот на противбунтовничките сили, промовирање на употреба на соодветно ниво на сила согласно заканата и др. Целта на употреба на ОИ насочени кон меѓународна јавност се со цел оправдување на операциите на противбунтовниците. Со овие ОИ треба да се посочи дека тактиките и целите на бунтовниците не се праведни, истовремено покажувајќи дека противбунтовниците имаат за цел ослободување, демократија, реформи, брза реконструкција и слично. Многу е важно да се свати дека свои ОИ ќе имаат и бунтовниците, а медиумите ќе известуваат од двете страни. Бунтовниците со сигуност ќе имаат новинари кои ќе спијат во нивните бази одреден период, подготвувајќи репортажа или документарец за нивното движење, а кои потоа ќе бидат емитувани на глобален медиум. Бунтовничките организации поставуваат снимки и пораки на интернет, испраќаат снимки и писма до медиумите итн. Меѓународните медиуми не може да се контролираат, тие бараат приказни кои ќе им донесат профит. Една од стапиците во кои може да

влезат противбунтовниците е самите да си створат перцепција дека против нив има заговор и дека медиумите од другите земји се пристрасни кон бунтовниците. Доколку изгледа така, тоа може да е резултат на нивната политика, постапки на безбедносните сили како и немање добри ОИ. Медиумите од Западот сакаат да известуваат за злосторства и угнетувања на властите, за борба за слобода на угнетена популација во недемократка земја и слично, бидејќи тоа ги продава нивните медиуми. Таква приказна сакаат да прикажат сите бунтовништва, па дури и талибаните во Авганистан. Обвинување на медиумите, од страна на противбунтовниците е признавање на пораз во ОИ, а со тоа и пораз во борбата за перцепцијата на одредена целна група. Меѓународната јавност и ранливата популација се клучни цели на ОИ. Веќе претходно беше изнесено дека противбунтовништвото се состои во придобивање на популацијата, а успехот на истото директно зависи од постоење меѓународната поддршка за бунтовниците. **Пораз во ОИ може да значи и пораз на целото противбуновништво.** Затоа тие треба да бидат водени од професионалци и да бидат дел од секоја операција, без разлика дали е воена, економска или политичка. **За секоја операција на противбунтовниците потребно е паралелно со нејзино планирање, да се подготви и план за информирање на сите целни групи, од страна на противбунтовниците**. Можна грешка на противбунтовниците е да наместо ОИ започнат да водат пропаганда. Пропагандата е мешавина на вистини и лаги која доколку стане замена за ОИ истото може да даде силни негативни резултати. Ефективните ОИ се базираат на факти, парираат на пропагандата на бунтовниците и се непристрасни. Друга грешка која може да ја направат противбунтовниците во нивните ОИ е да создадат нереални очекувања кај популацијата.[114] Противбунтовничките лидери мора да имаат единствена клучна порака која ги експлоатира негативните аспекти на бунтовништвото, која ќе биде доминантен наратив во нивните изјави. ОИ не се операции за

[114] Joint Chiefs of Staff, Joint Publication 3-24, Counterinsurgency operations, USA October 2009, глава 3, стр. 17

односи со јавноста, тие се нешто повеќе. Како клучни способности за изведување ОИ се психолошките операции, воената измама, оперативна безбедност, електронска војна и операции на компјутерските мрежи. Способности кои ги поддржуваат ОИ се информациска безбедност, физичка безбедност, физички напади (на непријателски елементи поврзани со пренос и пласирање пропаганда и информации), **контраразузнавањето** и борбените камери (камери на противбунтовниците, составен дел од борбените единици)

### 3.9 Разоружување, демобилизација и реинтеграција (РДР) во противбунтовништво

РДР има за цел долгорочно стабилизирање на средината. Тоа е процес кој го организираат противбунтовниците со или без договор со лидерите на бунтовниците. Овој процес има своја културолошка, политичка, безбедносна, хуманитарна и социо-економска димензија. РДР во некои противбунтовништва се користи после потпишување на некаков договор со бунтовниците или после поразување на бунтовниците, но во случајот на Авганистан, овој процес трае со години иако ниту постои договор за прекин на борбите ниту пак бунтовниците се целосно поразени. Овој процес дава шанса на бунтовниците, самоволно да станат член на општеството, кој ја признава власта и законите во државата. Тој се состои во собирање на оружјето од бунтовниците но и во нивно повторно реинтегрирање во општеството, како суштински дел и основна цел на овој процес. Демобилизацијата[115] и разоружувањето на бунтовниците може да биде резултат на одлука лидерите на бунтовниците но и одлука само на дел од герилците. Авганистан е пример каде овој процес е шанса на поединечни бунтовници или на цели герилски формации да престанат со борбите, да го предадат оружјето, а за возврат да добијат шанса да бидат реинтегрирани во системот и да добијат работа од Владата на ИР Авганистан. Во Сиера Леоне на пример, покрај економскиот аспект на поранешните борци се мислело и на аспектот на образование на поранешните деца бунтовници,

[115] Распуштање на бунтовничка воена формација

како и на лечење на зависниците од дрога. Во некои земји ваквите процеси се водени со земање биометриски податоци на демобилизираните и разоружените, а во други земји, како што беше и во Македонија, лицата кои го предавале оружјето биле анонимни. Амнестирање на бунтовниците кои ќе престанат со борбите и кои сакаат да се реинтегрираат во општеството, нудење можност за репатриација на странски борци и друг слични закони се потребни за да единствен излез за бунтовниците од ситуацијата во која се наоѓаат да не биде само победа или смрт. Таквите можности комбинирани со воени успеси на бунтовниците може да резултираат со дезертерство и недоверба меѓу бунтовниците. Поранешните бунтовници кои се вклучиле во процесот на РДР, можеби тоа го имаат направено и со некои скриени намери, па во некои случаеви е потребно истите да бидат безбедносно согледувани. Но она што дезертери од бунтовниците го нудат со самоволно вклучување во ваков процес е одлична можност за собирање разузнавачки информации од нивни интервјуа и испрашувања. Процесот на РДР се организира според спецификите на бунтовништвото, но како процес е суштински важен да овозможи во тек или на крај од конфликтот, расформирање на бунтовничките воени формации, собирање на нелегалното оружје и повторно реинтегрирање на бунтовниците во општеството. Неуспех во овој процес и покрај поразување на бунтовништвото, може да води кон ново насилство во форма на оружан криминал или ново бунтовништво.

### 3.10 Реформи на државата во противбунтовништво

Држава која се соочува со бунтовништво несомнено ќе се соочи со потребата за промени во повеќе сектори. Владата мора да се соочи со реалноста дека бунтовништвото е резултат на внатрешни проблеми кои мора да се поправат. Трите столба на противбунтовништвото се политика, безбедност и економија, а предусловите за почеток на бунтовништво е постоење на незадоволство, недостаток на контрола и постоење на лидери на бунтовниците. Со тоа се подразбира дека во тие три сектори ќе бидат потребни

реформи кои на крај би довеле до пораз на бунтовништвото и отстранување на основните причини поради кое тоа почнало. **Реформите во безбедносниот сектор се првите кои треба да се направат, а реформите во политиката се најважни.** Реформите во безбедносниот сектор е збир на политики, планови, програми и активности кои ги превзема Владата за да го подобри начинот преку кој таа пружала безбедност, сигурност и правда. Реформите во безбедносниот сектор треба да го направат да биде ефективен и легитимен систем кој е транспарентен, кој одговара пред цивилен авторитет и кој одговара на потребите на народот. Овие реформи во себе може да вклучат реформи на вооружените сили, на цивилниот менаџмент и контрола над безбедносниот систем, на судството, на казнениот систем, на разузнавачката заедница, на контролата над границите и др. Во статија за влијанието на економските алатки врз бунтовништвото[116], се заклучува дека **"парите не може да купат успех, се е во политиката"**, како и "Најосновната и најпотребната алатка за противбунтовништво, поради тоа е широко прифатена политичка рамка, проследена со широко распространети одбранбени безбедносни мерки, или во случај на постоење на страна која го негира легитимниот политички процес, заплашувачки безбедносни мерки. Сето тоа заедно овозможува економски развој, кој пак води кон циклус на севкупна стабилност и прогрес. Ова може да се случува скоро истовремено, но **добро политичко помирување без економска помош може да води кон стабилност, додека никаков степен на макроекономска подршка не може да доведе до стабилност во отсуство на валиден политички процес"**.

### 3.11 Заклучок

Од историски анализи на противбунтовништвата е дојдено до одредување на принципи кои треба да се почитуваат за успешно водење на

[116] Keith W. Mines, Economic Tools in Counterinsurgency and Postconflict Stabilization: Lessons Learned (and Relearned) in al Anbar, Iraq, 2003–04, http://www.fpri.org/enotes/20060928.military.mines.economictoolscounterinsurgency.html (пристапено на 30.08.2012 година)

противбунтовништвото[117]: свaќање на оперативната средина, легитимитет на власта, единство на напорите, политичарите се најважни, операциите треба да бидат водени врз основа на разузнавачки информации, бунтовниците мора да бидат изолирани од нивната цел и од поддршката која ја добиваат, безбедност и почитување на законите, менаџирање на изјавите на авторитетите и очекувањата на популацијата, употреба на соодветно ниво на сила, учење и адаптирање, давање на овластувања на најниско ниво и поддршка на домашната власт.

Има 3 варијабли од кои зависи успехот, т.е. неуспехот на противбунтовништвата. **Тие фактори се: способноста на безбедносните сили, начин на владеење и надворешна поддршка на бунтовниците со постоење засолниште за истите.** Политичарите се на врвот на сите три столба на кое се засновува противбунтовништвото, т.е. на чело на политиката, економијата и безбедноста. За да бидат успешни во тоа**, политичарите треба да се лица кои се запознаени со противбунтовништвото од теоретски аспект.** Воените и полициските сили може само времено да компензираат во недостаток на политичко решение за конфликтот. Успехот на противбунтовништвото зависи од прецепцијата на популацијата. Противбунтовништвото е конфликт во кој победник не е оној кој убил повеќе, **туку оној кој ќе ја убеди популацијата дека ќе победи и дека со нив ќе им биде подобро.** Полициските и воените сили треба да ја сватат природата и карактеристиките на противбунтовништвото. Секој припадник на овие сили со своја погрешна постапка може да нанесе стратегиска штета на противбунтовниците. За исходот на противбунтовништвото голема улога имаат и меѓународните фактори. Секоја држава може да има различен став, согласно своите национални интереси. Државите и меѓународните организации не застануваат од страна на правдата и меѓународното право, туку се однесуваат во согласност со своите интереси. Клучна е поддршка од соседните земји, поради обезбедување контрола на границата. Доколку бунтовниците ги

[117] HQ Department of the Army, US FM 3-24, Washington DC, USA, 2006, глава 1, стр. 20

изгубат своите бази и патишта за снабдувања во соседните земји, тие се скоро осудени на пропаст и обратно. Покрај соседите важни фактори во меѓународната средина се светските и регионални сили. Разузнавачката заедница би требало да биде првата структура на државата која би ја открила и осознала заканата од бунтовништвото и од бунтовничката организација. Разузнавањето како и самото противбунтовништво треба да биде водено од земјата која се соочува со бунтовништво, а во соработка со надворешни сојузници. Разузнавачките служби на државата која се соочува со бунтовништво треба да бидат способни да собираат информации за предусловите за постоење на бунтовништво и факторите кои влијаат врз истото, како и за самата бунтовничка организација. Доколку разузнавањето е расцепкано и има долги процедури за добивање на информации од другите државни институции тоа ќе биде неспособно за реализиција на својата улога во противбунтовништво. Неспособно разузнавање ќе оневозможи да лицата кои донесуваат одлуки, да ги донесуваат истите врз објективни проценки за реалноста, туку сосема обратно одлуките ќе бидат донесувани врз нецелосни или погрешни проценки. Противбунтовништвото не се состои само од постапки, туку и од креирање на перцепции кај популацијата, бунтовниците, противбунтовниците  и кај меѓународните фактори. Како дел од секоја операција на противбунтовниците треба да биде и операцијата менаџирање со информации. Свои ОИ ќе имаат и бунтовниците, а медиумите ќе известуваат од двете страни. Меѓународните медиуми не може да се контролираат. Една од стапиците во кои може да влезат противбунтовниците е самите да си створат перцепција дека против нив има заговор и дека медиумите од другите земји се пристрасни кон бунтовниците. Доколку изгледа така, тоа може да е резултат на нивната политика, постапки на безбедносните сили како и немање добри ОИ. **За секоја операција на противбунтовниците потребно е паралелно со нејзино планирање, да се подготви и план за информирање на сите целни групи, од страна на противбунтовниците**. Како клучен процес за успешно противбунтовништво е процесот на разоружување, демобилизација и

реинтергарција. Овој процес дава шанса на бунтовниците, самоволно да станат член на општеството, кој ја признава власта и законите во државата. Тој се состои во собирање на оружјето од бунтовниците но и во нивно повторно реинтегрирање во општеството, како суштински дел и основна цел на овој процес. Неуспех во овој процес и покрај поразување на бунтовништвото, може да води кон ново насилство во форма на оружан криминал или ново бунтовништво. Држава која се соочува со бунтовништво несомнено ќе се соочи со потребата за промени во повеќе сектори. Трите столба на противбунтовништвото се политика, безбедност и економија, а предусловите за почеток на бунтовништво е постоење на незадоволство, недостаток на контрола и постоење на лидери на бунтовниците. Со тоа се подразбира дека во тие три сектори ќе бидат потребни реформи кои на крај би довеле до пораз на бунтовништвото и отстранување на основните причини поради кое тоа почнало. Реформите во безбедносниот сектор се првите кои треба да се направат, а реформите во политиката се највважни. Добро политичко помирување без економска помош може да води кон стабилност, додека никаков степен на макроекономска подршка не може да доведе до стабилност во отсуство на валиден политички процес.

# 4. РАЗУЗНАВАЊЕ

## 4.1 Поимот разузнавање

За разузнавање постојат многу дефиниции. Тие обично се разликуваат во степенот на општост, како и во тоа дали го разгледуваат разузнавањето како процес, продукт или организација. Според една од најопштите дефиниции на Американската Централна разузнавачка служба (CIA), "Разузнавањето е знаење или потребното знаење за светот околу нас-вовед во одлучувањето и делувањето на креаторите на политиката на САД".[118]

Според Марк Ловентал, постојат неколку начини на кои разузнавањето може да се разгледува, односно дефинира, и тоа:

- Разузнавањето како процес-неопходност од одредени потребни и побарани информации, кои се собрани, анализирани и доставени, односно како начин на кој конкретни видови на тајни дејства се планирани и реализирани.

- Разузнавањето како продукт-продукт од претходно наведените процеси како што се анализата на разузнавачките податоци или самите разузнавачки операции, и

- Разузнавањето како организација-единици или организации кои планираат и реализираат различни функции.[119]

Според професорот од Институтот за безбедност, одбрана и мир при Филозофскиот Факултет во Скопје, Проф-др Митко Котовчевски, разузнавачката дејност се врши преку собирање, анализа и проценка на разузнавачките податоци и информации за другите држави, за нивните воени и економски потенцијали, за политичката состојба, за следење на намерите на другите држави, за научните откритија, за посредување помеѓу државите (и тајна дипломатија) и други податоци од витален интерес за успешно

---

[118] Central Intelligence Agency, *A Consumers Guide to Intelligence*, Office of Public Affairs, 1999 , стр. Vii.
[119] Lowenthal M. Mark, *Intelligence, From Secret to Policy*, CQ Press, Washington DC 20037, 2006, стр.9.

функционирање на државата.[120] Очигледно е дека постојат повеќе дефиниции за разузнавањето, кои меѓу себе не се контрадикторни. Во ова истражување со терминот разузнавањето ќе се именува "процес кој вклучува планирање и насочување, собирање на информации, обработка на информациите, изработка на разузнавачки продукти и дистрибуција на разузнавачките продукти до корисниците во соодветна форма".[121]

## 4.2 Улога на разузнавањето во процесот на донесување одлуки

Процесот на донесување одлуки во различни државни институции е формализиран во различен степен и начин. Во вооружените сили улогата на разузнавањето во процесот на донесување на одлуки е високо формализиран. Во вооружените сили е регулирано во кои фази, кои разузнавачки продукти треба да бидат подготвени и доставени. Регулирана е прецизно и нивната форма како и содржината на истите. Во цивилните државни институции разузнавањето е исто така регулирано на начин кој соодветствува со процесите на донесување одлуки во истата. Разузнавачите изработуваат различни безбедносни продукти кои може да се периодични[122] или вонредни. Целта на разузнавањето[123] е да им обезбеди на командантите и нивните штабови навремени, релевантни, точни, предвидувачки и насочени разузнавачки информации за непријателот и средината во соодветно време. Разузнавањето го поддржува процесот на планирање, подготовка, извршување и оценување на мисијата. Разузнавањето како процес започнува од побарување за информации од страна на лицата кои се одговорни за донесување одлуки како претседател, премиер, министри, команданти и др. Разузнавачкиот процес завршува со доставувањето на разузнавачките продукти на побарувачите на информации и лицата кои се овластени да донесуваат одлуки. Помеѓу побарувањето за информации и одговор на истото е процес на собирање, обработка, проценка и

[120] Исто, стр. 57.
[121] Според објаснување на разузнавањето како процес во HQ, Department of the Army, USMC, FM 101-5-1, MCRP 5-2A, Operational Terms and Graphics, Washington, DC, September 1997
[122] Дневни, неделни, месечни, тримесечни, полугодишни и годишни
[123] Се мисли на военото разузнавање

изработка на завршните разузнавачки продукти. Овој процес е сложен и побарува професионализам, тајност во работата и отсуство на политичко влијание. Во историјата има многу примери каде политичарите поради политички мотиви вршеле притисоци за промена на содржината на разузнавачки известувања, за отфрлање на веродостојноста и на валидност на истите и слично. Таков јасен пример со огромни последици бил односот на политичарите на САД во случај за оправдување на нападот врз Ирак во 2003 година.[124] Лицата на кои им одговараат разузнавачките служби и органи, имаат удел и во одредување на разузнавачките побарувања и во планирање на одредени ресурси за собирање на информации, меѓутоа тие никако не смеат да се мешат во делови на разузнавачкиот циклус како собирање информации од тајни извори, обработка, анализа и создавање на разузнавачки продукти. Контролата над разузнавачите заради можна злоупотреба не смее да се помеша со можноста на политичарите или командантите да влијаат врз собирањето на информации, нивната обработка и изработка на проценки.

### 4.3 Разузнавачки служби

Разузнавачките служби се дел од националниот систем за безбедност на секоја модерна држава. Разузнавачките служби не ја креираат политиката на државата, во однос на безбедноста, но се неопходни за креирање на политика која се базира на реалната состојба, а не на субјективни желби и претстави на политичарите. Тие се подредени на политичарите и командантите, а имаат за должност објективно да им ја прикажат сегашноста и да им дадат проценка за веројатната иднина, без разлика дали реалната сегашноста и веројатната иднина им одговара на политичарите и командантите или не. Улогата на разузнавачката служба во државите вообичаено е уредена со закон. Различни држави во различни периоди имаат различни пристапи кон улогата на разузнавачките служби кои ги развиваат. Разузнавачките служби може да се разликуваат по различни критериуми, како што се по основа на територијата

[124] http://osgoodcenter.org/policymakersvsintelligence.pdf (пристапено на 07.09.2012 година)

на која работат, според систем на кој припаѓат[125] итн. Според Котовчевски "разузнавачката служба претставува значајна државна специјализирана организација која врши собирање, анализа и проценка на разузнавачките податоци и информации за другите држави, за нивните воени и економски потенцијали, за политичката состојба, за следење на намерите на другите држави, за научните откритија, за посредување помеѓу државите (и тајната дипломатија) и други податоци од витален интерес за успешно функционирање на државата.[126] Земајќи ја во предвид потребата за поддршка на противбунтовништво, разузнавањето треба да има улога и во собирање податоци и изработка на проценки за сотојбата во земјата не само од аспект на тероризам и организиран криминал туку и од аспект на состојби кои може да доведат до започнување на бунтовништво. Разузнавачките служби не се бават со историјата за да ја утврдат истата, туку имаат задача да ја предвидат иднината, т.е. идните случувања и состојби кои се од важност. Самиот факт дека разузнавањето треба да делува надвор од територијата на својата држава, наметнува законски проблеми. Делувањето надвор од територијата на матичната земја често не е во согласност и од интерес на земјата на чија територија ќе се врши. Затоа разузнавачките служби се организации кои се обвиени со висок степен на тајност. Методите за доаѓање до информации и обученоста на персоналот за разузнавачки активности се специфични и сложени. Заштитата од непријателски активности на странските разузнавачки служби е исто така задача на разузнавањето. Може да се заклучи дека разузнавачките служби се организации воспоставени и регулирани со закон, кои извршуваат тајни, сложени и специфични активности. Разузнавачките служби имаат потреба од посебно обучен персонал и средства за работа. Тие се подредени на политичарите и командантите во различен степен. Цел на разузнавачките служби е преку осознавање на минатото и сегашноста да се предвиди иднината, т.е. идните закани.

[125] Цивилни или воени.
[126] Митко Котовчевски, Современи разузнавачки служби, Македонска цивилизација, Скопје, 2002, стр 41.

## 4.4 Разузнавачки дисциплини

Научно гледано зборот “дисциплина“, во англискиот јазик меѓу другото се користи како гранка во науката, стручно гледиште, насочување во истражувањето, специфичен начин на добивање резултати, професија, струка и слично.[127] Разузнавањето е поделено на дисциплини. Секоја дисциплина користи различни аспекти на подршка и насочување наречени техички канали.[128] Армиски разунавачки дисциплини се разузнавање од сите извори, контраразуанавање, разузнавање од човечки извори (HUMINT), географско разузнавање (GEOINT), разузнавање од слики (IMINT), разузнавање со мерење и препознатливи знаци/потпис (MASINT), разузнавање од отворени извори (OSINT), разузнавање на сигнали (SIGINT) и техничко разузнавање (TECHINT). Разузнавање од сите озвори е дефинирано како разузнавачки продукти, организација и активности кои ги вклучуваат сите информации и разузнавачки информации, вклучувајќи го разузнавањето од отворени извори во изработката на разузнавачки производи. Контраразунавање е собирање на податоци и превземање мерки за спречување на шпионажа, други разузнавачки активности, саботажа и атентати, извршени од или во име на странски влади или нивни елементи, странски организации, странци или терористички организации.[129] Контразузнавањето (CI-КРз) помага во идентификување на информации за сопствените сили кои треба да бидат заштитени како и на можните начини на кои противничкото разузнавање може да дојде до нив. Разузнавање од човечки извори (HUMINT-ХУМИНТ) е собирање на информации информации од обучен човечки колектор, кој ги собира информациите од луѓе, при тоа користејќи различни методи. Географското разузнавање (GEOINT-ГЕОИНТ) е експлоатација и анализа на слики и географски информации за опишување, проценување и визуелно прикажување

[127] Методија Дојчиновски, Фердинанд Оџаков, Разузнавачки операции и асиметрични закани, Скопје, 2010, стр 58.
[128] US FM 2-0, 2010, стр. 1-28
[129] HQ, Department of the Army, USMC, FM 101-5-1, MCRP 5-2A, Operational Terms and Graphics, Washington, DC, September 1997

на физичките географски карактеристики на Земјата. Разузнавањето со користење на слики (IMINT-ИМИНТ) е разузнавање кои ги користи визуелните фотографии, инфрацрвени слики, повеќе-спектарски сензори и радари. Разузнавањето од отворени извори (OSINT-ОСИНТ) претставува собирање на секоја некласифицирана, јавна информација која би можела да има разузнавачка вредност. Најчести извори на информации се сите печатени и електронски медиуми, книги, комерцијални и статистички бази на податоци, фотографии, слики, комерцијални сателитски снимки, разни академски истражувања, извештаи од симпозиуми итн. Разузнавање со мерење и препознатливи знаци/потпис (MASINT-МАСИНТ) е технички изведено разузнавање кое ги открива, лоцира, следи, идентификува и опишува специфичните зрачења-емисии на статичните и динамичните предмети и извори на зрачење кои се цели на истото. Системите за собирање податоци за МАСИНТ вклучуваат, но не се лимитирани само на, радари, спектар-радиометрија, електро-оптика, детекција на радио фреквенции, нуклеарна детекција, сеизмички сензори и техники за собирање на НХБ (нуклеарни, хемиски и биолошки) и други примероци. Сигналното разузнавање (SIGINT-СИГИНТ) претставува разузнавање со искористување на пресретнатите комуникациски сигнали. Обично, СИГИНТ-от има три поддисциплини: Разузнавање на комуникаците (Communications Intelligence-COMINT), Електронско разузнавање (Electronic Intelligence-ELINT) и Разузнавање на сигнали кои потекнуваат од странски инструменти (Foreign Instrumentation Signals Intelligence-FISINT). Како резултат на брзиот развој на технологијата, СИГИНТ-от вклучува уште една поддисциплина позната како Проформа (Proforma), а која претставува разузнавање со пресретнување на сигналите кои се користат за трансмисија на податоци меѓу современите компјутери. Техничко разузнавање е разузнавање кои произлегува од собирање и анализа на закани од странска воена опрема и поврзани материјали со цел спречување на технолошко изненадување, проценка на странските научни и технички

способности и развивање на контрамерки дизајнирани да ја неутрализираат непријателската технолошка предност.

## 4.5 Собирање на разузнавачки информации

Собирање на разузнавачки информации е дел од разузнавачкиот процес. Тој иако шематски е прикажан дека започнува после побарување за разузнавачки информации, а по него следува процесот на обработка на собраните информации, тој е всушност процес кој постојано трае. За собирање на разузнавачки информации се користат веќе претходно наведените разузнавачки дисциплини. Големиот број на разузнавачки дисциплини кои и самите се делат на поддисциплини покажува колку високо ниво на стручна оспособеност треба да имаат разузнавачите. Погрешно е да се смета дека разузнавачките дисциплини се меѓусебено одвоени. Напротив тие се надополнуваат. На пример добиена информација од човечки извор дека во одредена населба постојат герилски групи, може да се надополни со собирање информации од ИМИНТ, т.е. со испраќање на беспилотни летала или со сателитски снимки кои би донеле дополнителни информации, за потврдување или негирање на информацијата добиена од ХУМИНТ. Потоа може да се користи и КОМИНТ т.е. прислушкување на комуникацијата со мобилни телефони и од тоа населено место итн. После утврдување на идентитетот на герилците може да се побараат податоци за тие лица од повеќе министерства или доколку се странски државјани од ИНТЕРПОЛ или од нивните матични земји. Од ОСИНТ може да се соберат податоци за демографска, етничка и социјална структура, шеми на изградените објекти во селото, наведени проблеми во селото, слики и снимки од селото итн. Еден ваков едноставен пример укажува дека само една разузнавачка дисциплина не може да ни даде сеопфатен и сигурен одговор на одредено прашање и на него поврзани прашања. Од едноставно прашање како “Дали има герилци во селото X?“ произлегуваат низа сложени разузнавачки постапки за собирање на податоците. Собирање на разунавачките податоци е сложен процес кој опфаќа

користење на повеќе разузнавачки дисциплини и различни ресурси, истовремено и последователно. Таквиот сложен процес на собирање е планиран и менаџиран од разузнавачите, а користење на одредени оперативни методи и средства мора да бидат одобрени од авторитети надвор од разузнавачките служби. На пример за собирање на разузнавачки податоци преку КОМИНТ, т.е. преку следење на комуникација, за претрес на простории и слично во демократските земји е пропишано дека е потребно одобрување од авторитет која е надвор од разузнавачката служба, како претседател, премиер, министер или судија. За користење на летала, сателити, лаборатории и др. ресурси кои органски не и припаѓаат на разузнавачката служба исто така треба да постои процедура за побарување и одобрување на тој ресурс. Планот за собирање на разузнавачки информации во себе содржи: прашање на кое треба да се најде одговор, потпрашања чие одговарање ќе овозможи одговарање на основното прашање, индикатори кои може да се мерат со расположивите ресурси и ресурси кои ќе бидат користени за собирање информации т.е. извор на информации. **Но она што е најважно за собирањето на разузнавачки податоци е тајноста.** Разузнавачката служба не е институт кој прави јавни истражувања и кој ги објавува резултатите на истото, иако делови од проценките може да бидат јавни. Таа потреба за тајност во собирањето на информации е клучна разлика која наметнува карактеристики во изработката на планот за собирање на информации, ресурсите кои можат да бидат користени, начинот на користење на ресурсите, обученоста и карактерните особини кои треба да ги имаат лицата инволвирани во овој процес. Техничките ресурси кои се користат како уреди за тајно снимање, сликање и прислушкување, имаат свои технички карактеристики кои им овозможуваат да бидат тајно користени. **Проблемот со тајност пред се лежи кај човечкиот фактор.** Може да се заклучи дека собирањето на разузнавачки информации **е таен и сложен процес** во кој последувателно и истовремено се користат повеќе разузнавачки дисциплини.

## 4.6 Обработка на податоците и изработка на разузнавачки продукти

Преку процесот на собирање на информации се добиваат сирови, необработени информации кои сами по себе не даваат одговор на прашањето поставено од побарувачите на разузнавачки информации. Од процесот на собирање информации се добиваат слики, аудио снимки, видео снимки, електронски записи, пишани текстови, документи итн. Некои од текстовите може да се на странски јазици, аудио снимките може да се со траење од неколку часови, а сликите може да бидат со стотици и да бидат слики кои за необучено лице не покажуваат ништо. Затоа е потребно класифицирање, преведување, толкување и други постапки на обработка преку кои стручни лица ќе ја претворат сировата информација во разбирлива и употреблива информација. Во оваа фаза се врши и проценка на кредибилитетот на изворот и веродостојноста на информацијата. Со обработка на сировите информации тие всушност треба да бидат подготвени во форма во која ќе можат да бидат понатаму разгледувани од аналитичарите. После првичната обработка информацијата веќе станува разузнавачка информација. За да бидат полесни за обработка потребно е да разузнавачките информации се изработуваат користејќи стандардизирани обрасци, исти термини за прецизно дефинирани поими и прецизни и јасни степени за одредување на кредибилитет на изворот и веродостојност на информацијата. Аналитичарите користејќи ги таквите разузнавачки информации и научни методи доаѓаат до заклучоци и до предвидувања за идните случувања кои ги рангираат со различни степени на веројатност. Крајните разузнавачки продукти може да бидат текстови, слики со објаснувања, видео снимки со додадени објаснувања, графички прикази во различна форма и др. Истите се изработуваат во форма во која едноставно, прецизно и точно, на начин кој е најсоодветен за разбирање од страна на лицата кои треба да ги добијат разузнавачките продукти и кои врз основа на нив треба да донесат одлуки. **Разузнавачките продукти не се наменети за разузнавачите туку за политичарите и командантите.**

## 4.7 Дистрибуција на разузнавачките продукти

После произведување на разузнавачките продукти тие се доставуваат до лицата кои врз основа на нив треба да донесат одлуки и до други лица кои го имаат побарано продуктот. На пример одреден разузнавачки продукт може да се побара од сродна служба или од персонал од истата служба, на кого разузнавачкиот продукт му е потребен за процес на проценка и изработка на друг, нов разузнавачки продукт или за водење на друга постапка. Такви сродни служби може да бидат други безбедносни служби од земјата и странство, како и судовите кои водат судски постапки поврзани со одреден случај. Дистрибуцијата на разузнавачките документи ја одредува лицето кое го изработува документот или негови претпоставени и истата се евидентира. Разузнавачките продукти се дистрибураат строго по принципот „потребно е да се знае", и согласно степенот на тајност т.е. на класификацијата на продуктот.[130] Дистрибуцијата може да биде направена преку курирски пренос или преку електронски пат (радио емисија, телефонска или информатичка линија). Електронската дистрибуција и покрај ранливоста која ја докажа Wikileaks[131], поради далечината на која се наоѓаат производителите на разузнавачки информации и корисниците на истите, како и потребата за добивање навремена информација, во идниот период најверојатно ќе биде доминантен начин за доставување.

## 4.8 Разменување на разузнавачки информации со сродни служби од други држави

Непријателите на државите оперираат на територијата на истата и надвор од неа. Тероризмот, организираниот криминал и бунтовничките организации се поврзани и делуваат низ повеќе земји. Тоа наметнува да и разузнавачките служби имаат потреба да делуваат и да добиваат информации и надвор од

[130] Во Р. Македонија дистрибуцијата на класифицираните информации, т.е. нивната достапност е регулирана со Закон за класифицирани информации

[131] Со неовластено добивање на класифицирани информации кои биле пренесувани и чувани на електронски начин и нивно објавување на интернет

територијата на својата земја. Доколку информациите треба да се собираат на територија на земја која е непријателски настроена, разузнавачките служби имаат опција само за тајна и прикриена работа. Доколку информации има потреба да се собираат на територија на земја или за жители на друга земја, која е спремна да соработува тогаш е можно да се регулира и практицира соработка меѓу разузнавачките служби на тие две земји. Во делото "Создавање отчетно разузнавање: Правни стандарди и најдобра практика за надзор над разузнавачките агенции", од Ханс Борн и Иан Ли, е објаснета суштината на потребата за меѓународна соработка меѓу разузнавачките служби. Во делото е посочено "Дури и таму каде што интересите на две нации не се целосно во иста насока, разузнавачките служби често соработуваат. Билатералната соработка обично вклучува споделување на разузнавачки информации и анализи на теми од заемен интерес. Ваквите билатерални односи може да се одржуваат и да продолжуваат само доколку обете страни целосно и доследно го почитуваат основниот договор што се наоѓа во основата на нивното споделување на разузнавачките информации: дека потеклото и деталите на разузнавачките информации што се добиени од партнерската служба ќе бидат заштитетни во сообразност со нивната тајност и нема да бидата пренесени на трети страни."[132] Како облици на билатерална соработка во областа на разунавањето во истото дело се посочени: размена на информации и анализи, дозвола за користење на територијата за операции за собирање информации од страна на странска разузнавачка служба која за возврат би ги споделила резултатите од таквото собирање со матичната служба во таа држава, заедничко работење на разузнавачите од двете земји, размена на аналитичари или на техничари, замена за обука и споделување вештини за други услуги од другата разузнавачка служба. Неопходноста за мултилатерално споделување на разузнавачки информации ја покажува и потпишување на повеќе договори помеѓу САД и Европската унија, а кои се однесуваат на размена на

[132] Ханс Борн, Иан Ли, Создавање отчетно разузнавање: Правни стандарди и најдобра практика за надзор над разузнавачките агенции, Скенпоинт, Скопје, глава 12, стр. 70

класифицирани информации и за нивно чување, а кои се однесуваат на спречување на тероризам и организиран криминал. [133] Проблеми во оваа соработка може да се појават доколку едната страна за добивање на разузнавачки инфрмации користи нехумани методи како мачење и убиства, а исто така и доколку информациите отстапени на една од страните не се обезбедни согласно степенот на класификација и истите дојдат до трета страна. Меѓународната соработка и покрај можните проблеми е нужност, која мора да постои и да биде јасно регулирана со постоечки законски акти и меѓународни договори.

## 4.9 Заклучок

Разузнавањето е процес кој вклучува планирање и насочување, собирање на информации, обработка на информациите, изработка на разузнавачки продукти и дистрибуција на разузнавачките продукти до корисниците во соодветна форма. Во вооружените сили улогата на разузнавањето во процесот на донесување на одлуки е високо формализиран. Во цивилните државни институции разузнавањето е исто така регулирано на начин кој соодветствува со процесите на донесување одлуки во истата. Разузнавачките служби се дел од националниот систем за безбедност на секоја модерна држава. Разузнавачките служби не ја креираат политиката на државата, во однос на безбедноста, но се неопходни за креирање на политика која се базира на реалната состојба, а не на субјективни желби и претстави на политичарите. Улогата на разузнавачката служба во државите вообичаено е уредена со закон. Разузнавачките служби се организации кои се обвиени со висок степен на тајност. Методите за доаѓање до информации и обученоста на персоналот за разузнавачки активности се специфични и сложени. Собирањето на разузнавачки информации е дел од разузнавачкиот процес кој следува после побарувањето за информации. Собирањето на разунавачките податоци е сложен процес кој опфаќа користење на повеќе разузнавачки дисциплини и

---

[133] http://www.fas.org/sgp/crs/row/RS22030.pdf (пристапено на 07.09.2012 година)

различни ресурси, истовремено и последователно. Она што е најважно за собирањето на разузнавачки податоци е тајноста. Разузнавачката служба не е институт кој прави јавни истражувања и кој ги објавува резултатите на истото, иако делови од проценките може да бидат јавни. Преку процесот на собирање на информации се добиваат сирови, необработени информации кои сами по себе не даваат одговор на прашањето поставено од побарувачите на разузнавачки информации. После собирањето се врши обработка на информациите т.е. класифицирање, преведување, толкување и други постапки на обработка преку кои стручни лица ќе ја претворат сировата информација во разбирлива и употреблива информација. После првичната обработка информацијата станува разузнавачка информација. За да бидат полесни за обработка потребно е разузнавачките информации да се изработуваат користејќи стандардизирани обрасци, исти термини за прецизно дефинирани поими и прецизни и јасни степени за одредување на кредибилитет на изворот и веродостојност на информацијата. **Разузнавачките продукти не се наменети за разузнавачите туку за политичарите и командантите.** После произведување на разузнавачките продукти тие се доставуваат до лицата кои врз основа на нив треба да донесат одлуки и до други лица кои го имаат побарано продуктот. Бидејќи непријателите на државите оперираат на територијата на истата и надвор од неа, а тероризмот, организираниот криминал и бунтовничките организации се поврзани и делуваат низ повеќе земји и разузнавачките служби имаат потреба да делуваат и да добиваат информации и надвор од територијата на својата земја. Билатералната соработка меѓу службите на различни земји обично вклучува споделување на разузнавачки информации и анализи на теми од заемен интерес. Меѓународната соработка меѓу разузнавачките служби и покрај можните проблеми е нужност, која мора да постои и треба да биде јасно регулирана со постоечки законски акти и меѓународни договори.

# 5 РАЗУЗНАВАЊЕ ВО ПРОТИВБУНТОВНИШТВО

## 5.1 Собирање на разузнавачки информации во противбунтовништво

Собирањето на разузнавачки информации зависи од тоа што ќе биде официјално побарано од разузнавачката служба да собира, како и од способностите на разузнавачите за собирање информации. Собирањето разузнавачки информации се реализира преку користење на различни разузнавачки дисциплини, а согласно план за собирање. Во војна со друга држава разузнавачите собираат информации за непријателската држава, нејзините вооружени сили, надворешна политика, индустрија, економија итн. Во противбунтовништво е потребно да се собираат информации пред се за сопствената популација, условите во својата држава, перцепциите на популацијата иако е потребно и собирање информации за држави кои ги поддржуваат бунтовниците или за организации и групи кои делуваат во странство. Може да се помисли дека за осознавање на мислењата на популацијата е доволно да се користат анкети, меѓутоа доколку постои недоверба на популацијата кон државните инситуции тоа значи дека тие не би ги изнеле своите вистински и критички ставови, кон институциите на државата, надвор од средина во која имаат доверба. Анкетите за ставови на популацијата се само еден од изворите кои може да користат на разузнавачите во процесот на планирање за собирање податоци, а подоцна во изработката на проценка. Процесот на собирање на разузнавачки податоци треба да биде стандардизиран. Врз основа на искуствата во НАТО земјите е создаен процес на собирање на разузнавачки информации на тактичко ниво, а кој е објаснет во прирачник со име „Пресекувајќи го Гордиевиот Јазол“.[134] Во прирачникот се дадени формати и насоки за тоа какви разузнавачки информации и од кои области се потребни да се собираат, за успешно водење противбунтовништво. Во прирачникот е одредено дека е потребно да се собираат податоци за цивилната средина и за суштинските причини за постоење на бунтовништво.

---

[134] LTC Mark Ulrich, Cutting the Gordian Knot, The Counterguerrilla's Guide to Defeating Insurgencies and Conducting Populist Centric Operations, 2010

Планот за собирање податоци за цивилната средина во себе содржи побарувања за собирање информации за **области** (реони, градови, села, маала), **структури** (училишта, болници, брани, верски објекти, пазари, електрични централи и сл.), **способности** (кој во заедницата е одговорен за јавни услуги), **организации** (владини, невладини и меѓународни заедници кои делуваат во областа), **луѓе** (локални лидери, етнички, верски и социјални групи) и **настани** (празници, пазарен ден, погреби на важни лица и други настани од важност за популацијата). Врз основа на овој план разузнавачите собираат податоци за локација, време и други основни податоци за цивилните фактори**, како и за нивното значење за популацијата, бунтовниците и за противбунтовниците.** Дел од податоци за цивилните фактори може да се добијат од државни инситуции како катастар, полиција, локални власти и др. Од друга страна дел од информациите како значењето на овие цивилни фактори за популацијата и за бунтовниците може да се добие само преку човечки контакт со истите.

| Табела бр. 4 | Образец за План за собирање податоци за цивилните фактори | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Разузнавачка подготовка на боиштето (Оперативна средина)** | | | | |
| Демографска група, Заедница, или соседство (Центар на влијание) | | | | |
| | **Податоци** | Популација | Бунтовници | Противбунтовници |
| **Област** | | | | |
| | | | | |
| **Структура** | | | | |
| | | | | |
| **Способност** | | | | |
| | | | | |
| **Организации** | | | | |
| | | | | |
| **Луѓе** | | | | |
| | | | | |
| **Настани** | | | | |
| | | | | |
| Извор: LTC Mark Ulrich, Cutting the Gordian Knot, The Counterguerrilla's Guide to Defeating Insurgencies and Conducting Populist Centric Operations, 2010, Стр. 2 | | | | |

Обемноста и разновидноста на податоците кои се потребни на разузнавачите укажува дека доколку разузнавачите немаат брз пристап до податоци за локалната средина како локации и карактеристики на објекти, персонални податоци за лица и статистички податоци за популацијата која живее во областа, тие не може навремено да одговорат на побарувањата за информации кои се потребни да се свати оперативната средина. Следниот план за собирање на разузнавачки информации е планот за собирање информации за суштинските причини за постоење на бунтовништво, т.е. собирање податоци за ранлива популација, лидери и недостаток на контрола од власта. Според овој

план треба да се собираат информации за незадоволствата и поплаките кои се заеднички за популацијата. Собирањето на таквите информации не е возможно на друг начин освен преку контакт со популацијата.

| Табела бр. 5 | Образец за План за собирање информации за суштинските причини за постоење на бунтовништво | | |
|---|---|---|---|
| **Предуслови** | **Чекор 1** | **Чекор 2** | **Чекор 3** |
| | Незадоволства и поплаки кои се заеднички за популацијата | Запрашај се зошто постојат тие незадоволства и поплаки | Запрашај се што лежи во суштината на одговорите на чекор 2 |
| Ранлива популација | → | → | → |
| Политички | | | |
| Воени | | | |
| Социјални | | | |
| Економски | | | |
| Лидерство | → | → | → |
| Политички | | | |
| Воени | | | |
| Социјални | | | |
| Економски | | | |
| Недостаток од контрола на власта | → | → | → |
| Политички | | | |
| Воени | | | |
| Социјални | | | |
| Економски | | | |
| Извор: LTC Mark Ulrich, Cutting the Gordian Knot, The Counterguerrilla's Guide to Defeating Insurgencies and Conducting Populist Centric Operations, 2010, Стр. 15 | | | |

Првиот чекор во собирање инфоромации согласно овој план е барање на изјави за незадоволство кои се повторуваат кај дел од популацијата. Меѓутоа после првичните информации за незадоволство веднаш се поставува прашањето „Зошто постојат тие поплаки и незадоволство?“. Одговорот на тоа прашање започнува со претпоставки за чие потврдување повторно е потребно собирање информации од човечки извори. На крај, во чекор 3, се дава одговор на прашањето „Што лежи во суштина на одговорот во чекор 2?“. Последната

колона е оценка од информациите добиени во процесот на собирање за одговарање на прашањата во првите два чекори. За собирање објективни информации според овој план е потребно да се располага со човечки извори на информации кои ја уживаат довербата на локалното население и кои може изворно да ги добијат информациите за незадоволствата. Иако е можно да се собираат податоци за незадоволствата од изјави во медиуми на локални лидери, резултати од анкети, резултати на референдуми и други изјаснувања, како и од статистички податоци сепак перцепцијата на популацијата може да се свати само преку директен контакт.

Собирањето на разузнавачки информации за суштинските причини за постоење на бунтовништво е клучно за да се отпочне со навремени и соодветни противбунтовнички актвности. Суштинските причини се услови кои овозможуваат бунтовништвото да започне. Откривајќи дека постојат предусловите и кои се причини за нивното постоење разузнавачите им обезбедуваат можност на донесувачите на одлуки да делуваат уште пред бунтовничката организација да се развие, а бунтовништвото да биде јавно видливо дека постои. Не е доволно само да се постави прашањето дали има бунтовнички активности кои се видливи, туку треба да се најде одговор и на прашањето дали постојат услови за почеток на бунтовништво. Доколку постојат условите противбунтовнички активности е потребно да бидат превземени активности во насока на собирање информации дали и како бунтовничка организација е активна и одредување како може да се отстранат суштинските причини за постоење на бунтовништво.

Карактеристично за бунтовништвата е тоа што тие потекнуваат од државата против чија власт се борат. Затоа разузнавачките служби ќе дадат приоритет на собирање информации за персоналот од државните институции за да ги откријат агентите на бунтовниците. Потребата за откривање на инфилтрираните припадници на бунтовниците во државните органи е клучен елемент за успех на противбунтовништвото. Тоа укажува дека разузнавачите

ќе треба да имаат пристап до секакви приватни информации како состојба на банкарски сметки, телефонска и интернет комуникација, лични контакти, политички ставови на вработените во државните органи и друго. Таквите потреби за расположиви информации за разузнавачите водат и кон потреба за регулирање за начинот на пристап до такви информации и спречување на злоупотреби. Мерките за спречување на злоупотреба не смеат да го спречуваат разузнавањето да биде ефикасно и ефективно. Покрај претходнонаведените карактеристики на собирање разузнавачки информации во противбунтовништво, разузнавачите собираат информации и за метео и географските услови, за опремата, формацијата, обученоста, способностите, локацијата и активностите на бунтовничките групи. На стратегиско ниво разузнавачите собираат информации и за меѓународните фактори кои влијаат врз противбунтовниптвото, како што се соседни држави, регионални и светски сили, меѓународни организации и други недржавни актери.

## 5.2 Класифицирање на разузнавачките дисциплини за собирање на информации во противбунтовништво

Како критериуми за класификација на разузнавачките дисциплини ќе бидат: можност за собирање на информации, можност за доаѓање до сеопфатна информација, можност за континуирано собирање, влијание на надворешни фактори (непријател, време, терен), тајност на собирањето, брзина на доставување на информацијата, можност за добивање информации за идни настани, и веродостојност на добиените информации. Разузнавачките дисциплини ќе бидат бодувани со оценки од 1 до 5.

| Табела бр. 6 | Оценување на соодветност на разузнавачки дисциплини во противбунтовништво | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Сеопфатн. | Континуир. | Надворешно влијание | Тајн. | Брзина/ наврем. | Идни настани | Верод. | вкупно |
| **ХУМИНТ** | 5 | 5 | 4 | 4 | 4 | 5 | 3 | **30** |
| **ОСИНТ** | 3 | 3 | 3 | 1 | 3 | 2 | 3 | **18** |
| **СИГИНТ** | 2 | 2 | 3 | 4 | 4 | 3 | 4 | **22** |
| **ИМИНТ** | 2 | 2 | 2 | 4 | 4 | 1 | 4 | **19** |

1- не го исполнува критериумот,

2- минимално го исполнува критериумот,

3- делумно го исполнува критериумот,

4 - го исполнува критериумот во целост но со можни ислучоци,

5 - целосно го исполнува критериумот.

Со ХУМИНТ може да се собираат информации за сите состојби и фактори, постојано и на таен начин. Можни проблеми за тајноста, при собирање на информации преку ХУМИНТ, е влијанието на противничките контраразузнавачи. Брзината на пренос на информациите собрани од човечки извори може да биде попречена во исклучителни ситуации кога не е можна средба или комуникација преку интернет или телефон. Она што ХУМИНТ посебно го издвојува е способноста да се дојде до информации за намерите, целите и идните активности на бунтовниците. При користење на ХУМИНТ проблем може да се појави во утврдување на веродостојноста на информацијата која е добиена од човечки извор поради психички и интелектуални карактеристики на изворот и собирачот на информации. Човечкиот извор може да работи за бунтовниците, може намерно или ненамерно да изнесува неточни или нецелосни информации итн. Информациите добиени од човечки извор има потреба да бидат проверувани, за да се утврди нивната вистинитост.

ОСИНТ како дисциплина во која се собираат информации од отворени извори не е дисциплина во која разузнавачот го насочува изворот да собира

информации. Во ОСИНТ не постои тајност во работата, не може да се влијае на континуирано добивање информации за некое прашање, ниту е можна сеопфатност. Не е можно да се очекува добивање на информации за тајни намери на бунтовниците кои се однесуваат за идниот период. Навременоста на добивањето на информации делумно задоволува бидејќи иако некогаш новинарите се на лице место на настанот и остваруваат директен телевизиски пренос, најчесто информациите се изнесуваат во јавноста после случување на настаните. Веродостојноста на информацијата често не може да се утврди и е потребна проверка.

СИГИНТ како разузнавачка дисциплина овозможува скоро целосна тајност на активностите, како следење на комуникации и вршење на мерења, меѓутоа проблем на оваа дисциплина е дека со неа може да се следат комуникации само кога постојат такви активности кај бунтовниците. Бунтовниците може да превземаат мерки за заштита кои ќе влијаат врз времето потребно да собраните информации се обработат и да се претворат во корисна разузнавачка информација. На пример само со користење на кодирани зборови во телефонска или интернет комуникација, пресретнатата комуникација е потребно да се обработи можеби и со месеци, за да се добие употреблива информација. Поради високиот степен на тајност, информациите добиени со оваа дисциплина се со висока веродостојност.

ИМИНТ е разузнавачка дисциплина која не може да се користи континуирано и врз која временските услови имаат силно влијание. Со ИМИНТ може да се дојде до информации за моменталната состојба, но не и за идните активности и намери. ИМИНТ е дисциплина која иако е со висока веродостојност сепак е подложна на измама од страна на бунтовниците, преку користење макети, лажни позиции, двојници и слично. Една од најслабите карактеристики на ИМИНТ е тоа што со ова дисциплина не може да се собираат голем број од потребните разузнавачки побарувања. Може да се заклучи дека најсоодветна дисциплина за собирање на разузнавачки

информации во противбунтовништво е ХУМИНТ, по неа следува СИГИНТ, а најмалку соодветни се ОСИНТ и ИМИНТ. Тоа не значи дека ОСИНТ и ХУМИНТ се непотребни. Сите разузнавачки дисциплини се потребни да се користат во противбунтовништво и тие меѓу себе се надополнуваат. Разузнавачките дисциплини како МАСИНТ, ГЕОИНТ и контраразузнавањето не се вклучени во споредбата. Дисциплините како МАСИНТ или ГЕОИНТ иако ќе се користат во противбунтовништво не може да бидат користени за најголем број од побарувањата за информации и може само да ги дополнуваат другите дисциплини. Од друга страна контраразузнавањето како дисциплина не се карактеризира со начинот на собирање на информации туку кои се побарувањата за информации. Всушност контраразузнавачот собира информации користејќи ОСИНТ, ХУМИНТ, СИГИНТ итн, но прашањата за кои се интересира се активностите на бунтовничките разузнавачи, нивното подземје, тероризам, саботажи, непријателски активности на странски разузнавачки служби и слично.

## 5.3 Обработка на податоците и изработка на разузнавачки продукти во противбунтовништво

Информациите собрани од разузнавачите треба да бидат обработени и класифицирани, а со тоа претворени во информации врз основа на кои преку процес на заклучување може да се дојде до проценки за состојбата и можните идни случувања. Процесот на обработка на разузнавачките податоци исто така мора да биде стандардизиран од аспект на постапката и од аспект на стручноста на лицата кои ја вршат истата. Само доколку постои таква стандардизација на постапката и обученоста на персоналот може да се добиваат разузнавачки продукти кои може да бидат меѓусебно споредувани, да бидат користени за идни проценки и за донесување одлуки. Обработката на податоците во противбунтовништво се карактеризира со тоа што разузнавачките информации се во голема мерка добивани од човечки извори. Во процесот на обработка на информации од човечки извори е најважно

определувањето на веродостојноста на информацијата и кредибилитетот на изворот. Одредувањето на кредибилитетот, т.е. дали изворот на изворот може да му се верува и дали информацијата е вистинита или е само можна не е едноставна работа. Во таквото одредување важно е познавањето на изворот, неговите способности и претходна работа. Од друга страна важно е да се знае во какви околности е дојдено до информацијата. Друга карактеристика на обработката на информации во противбунтовништво е фактот дека се обработуваат податоци за перцепија на популацијата. За да биде сватена перцепцијата на популацијата потребно е да се познаваат етничките, верските и социјалните карактеристики на популацијата. Во случај кога бунтот се засновува на етнички и верски разлики голема е веројатноста дека разузнавачот кој припаѓа на другата етнничка или верска група ќе има и психолошки проблем објективно да ги разгледува исказите за незадоволство на популацијата и да ги толкува причините за истите. Во обработката на информациите таквиот проблем мора да биде надминат со системски решенија. Субјективноста кај луѓето е тешко целосно да се острани и кога тоа е случај кај изворите и агентите и кога тоа е случај кај разузнавачите. Заклучувањето во разузнавачките служби треба да се засновува на научни методи на заклучување. Покрај разликите и карактеристиките во обработката на информации од страна на разузнавачите, постојат и разлики во продуктите кои ги изработуваат разузнавачите. Во случај на воен конфликт разузнавачите изработуваат текстуални и графички документи на кои се прикажуваат можните варијанти за дејствување на вооружените сили на противникот, како и сценарија за делување на политички и економски план. Но во противбунтовништво покрај приказите за локација и активности на силите на противникот (бунтовниците), се изработуваат и географски прикази на кои се покажува во кои области постојат услови за противбунтовништво. Наместо да бидат доминантни графичките прикази за можно воено делување на силите на противникот, во противбунтовништво разузнавачите развиваат варијанти како бунтовниците ќе ги искористат незадоволствата на популацијата на краток и

долг рок. Информациите собрани и внесени во планот за собирање на информации за суштинските причини за постоење на незадоволство се користат за одредување на можните активности на бунтовниците, т.е. како бунтовниците може да ги експлоатираат тие слабости за постигнување на нивните цели. Со таквиот продукт на политичарите, полициските и воени команданти им се даваат информации како може да делуваат бунтовниците на краток и на долг рок.

| Табела бр. 7 Одговор на бунтовниците за суштинските проблеми | | | |
|---|---|---|---|
| **Бунтовници: Како тие ќе се однесуваат во однос на суштинските причини?** | | | |
| Податоци од планот за одредување на суштинските причини | | **Постапки на краток рок** | **Постапки на долг рок** |
| **Ранлива популација** | | **(на краток рок)** | **(на долг рок)** |
| Политички | | | |
| Воени | | | |
| Социјални | | | |
| Економски | | | |
| **Лидерство за насочување** | | **(на краток рок)** | **(на долг рок)** |
| Политички | | | |
| Воени | | | |
| Социјални | | | |
| Економски | | | |
| **Недостаток од контрола на власта** | | **(на краток рок)** | **(на долг рок)** |
| Политички | | | |
| Воени | | | |
| Социјални | | | |
| Економски | | | |
| Извор: LTC Mark Ulrich, Cutting the Gordian Knot, The Counterguerrilla's Guide to Defeating Insurgencies and Conducting Populist Centric Operations, 2010, p. 15 | | | |

Она на што треба да одговорат разузнавачите во обработката на информациите и да дадат продукт е да одредат која е стратегијата и кои се тактиките кои ги користат бунтовниците. Во почетната фаза на бунтовништвото за истите може да се претпоставува, доколку се знае кои се претходните искуства на водачите на бунтовниците и кој ги има обучувано. Со траење на бунтовништвото, бунтовниците преку своите операции ќе прикажат со кои тактиките најчесто извршуваат одредени активности како: собирање финансиски средства, извршување заседи, употреба на експлозивни направи, атентати, пропаганда, заплашување итн. Со постојано собирање информации и нивна обработка ќе може да се заклучи која е стратегијата која

ја користат бунтовниците и во која фаза е бунтовиштвото. Пример за образец за таков разузавачки продукт е „Алатката за проценка на стратегијата на бунтовниците“. Во образецот најпрво се внесуваат информации за динамиката на бунтовништвото кои се познати, а потоа врз основа на тие информации и „Алатката за проценка на стратегијата на бунтовниците“ која е изнесена во прирачникот „Пресекувајќи го Гордиевиот јазол“, се одредува во која фаза на развој се динамиките на бунтовништвото. Во противбунтовништвото продуктите на разузнавачите, врз основа на кои треба да се донесуваат одлуки, ќе бидат текстови објаснети со табели, графички прикази на трендови и слично, а во помала мерка ќе бидат прикази на географски терени на кои ќе бидат нанесени локации и големина на бунтовничките сили. Кога последните ќе станат доминантни, значи дека бунтовниците преминале во последната своја фаза, т.е во маневарска војна, а противбунтовниците претходно направиле многу грешки.

| Табела бр. 8 Алатка за проценка на стратегијата на бунтовниците | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | факти и претпоставки од анализата на мисијата | | | |
| **Динамика и индикатори на бунтовништвото** | основно | напредно | да/не | непознато |
| 1. Лидери | | | | |
| | | | | |
| 2. Идеологија | | | | |
| | | | | |
| 3. Цели | | | | |
| | | | | |
| 4. Околина и географија | | | | |
| | | | | |
| 5. Надворешна политика | | | | |
| | | | | |
| 6. Внатрешна поддршка | | | | |
| | | | | |
| 7. Фази | | | | |
| | | | | |
| 8. Организација и начин на извршување операции | | | | |
| | | | | |
| Извор: LTC Mark Ulrich, Cutting the Gordian Knot, The Counterguerrilla's Guide to Defeating Insurgencies and Conducting Populist Centric Operations, 2010, p. 36 | | | | |




**Слика бр.17, Приказ на способностите на ХАМАС за ракетирање на Израел од појасот Газа,**

Извор: Некласифициран разузнавачки продукт од Израел, за објаснување зошто е започната операцијата против Хамас во Газа, Одбранбен столб, во 2012 година

Во противбунтовништво разузнавачите ќе изработуваат и разузнавачки продукти потребни за делегитимирање на бунтовништвото. Таков случај е прикажан преку следниот дел од разузнавачки продукт од Израел за оправдување на операција против Хамас и делегитимирање на Хамас. Во истиот се посочува незаконитоста на тактиките кои ги користи Хамас во борбата против Израел, преку текст, а со слики е прикажан лидерот на Хамас како држи во рака малолетно дете облечено во униформа и борец на Хамас кој извршува бунтовничка активност додека е опколен со малолетни деца.




**Слика бр.18, Објаснување за нелегитимноста на активностите на ХАМАС,**

Извор: Некласифициран разузнавачки продукт од Израел за објаснување зошто е започната операцијата против Хамас во Газа, Одбранбен столб, во 2012 година

Не помалку важни, а можеби и најважни продукти кои ќе ги изработуваат разузнавачите во противбунтовништво се контраразузнавачките продукти. Тие документи ќе ги разгледуваат не само активностите на разузнавачките служби на странски земји и разузнавачките служби на бунтовниците, туку и припадниците на противбунтовниците за кои постојат индиции дека соработуваат со претходнонаведените. Контраразузнавачките проценки ќе содржат проценка на ранливоста од активности на противничките разузнавачки служби. Контраразунавачките продукти со сигурност ќе бидат документи со најтесна дистрибуција и највисок степен на класификација.

## 5.4 Дистрибуција на разузнавачките продукти во противбунтовништво

Разузнавачките продукти во противбунтовништво, како што се разузнавачките информации, разузнавачките проценки, контраразузнавачките информации и контраразузнавачките проценки се доставуваат до лицата кои се овластени да донесуваат одлуки во областа на политиката, економијата и безбедноста. Неспорно е дека лицата кои донесуваат одлуки од наведените области имаат потреба од разузнавачките продукти за да ја осознаат реалната

состојба во моментот и да знаат како може да се развива ситуацијата во иднина. Доколку продуктите не се доставаат навремено до лицата кои се овластени да донесуваат одлуки разузнавачкиот процес е залуден. Разузнавачките продукти имаат за цел да го помогнат одлучувањето. Проблемот кој се јавува со доставување на класифицирани разузнавачки информации на политичари и лица од државната администрација е нивната способност да ја зачуваат тајноста на класифицираните информации добиени од разузнавачите. Лицето кое треба да знае може да ја наруши безбедноста на информацијата, а со тоа и самата корист од разузнавачката информација. Такви случаеви се имаат случувано и со сигурност ќе се случуваат и во иднина. Во противбунтовништво е уште поголема веројатноста дека дел од донесувачите на одлуки на некој начин се поврзани со бунтовниците. Можноста да бунтовниците имаат свои агенти во рамки на политичките тела на државата кои имаат пристап до класифицирани информации, па и до разузнавачки продукти е реалност. Поради тоа дистрибуцијата на разузнавачките продукти треба да е по принципот „потребно е да знае", но и да постои ефективна контраразузнавачка контрола над лицата кои имаат пристап до разузнавачките информации. Се наметнува само по себе дека во противбунтовништво државата треба да ги открие агентите на бунтовниците кои се инфилтрирани во нивните инситуции. Доколку не се случи тоа, целото разузнавање и разузнавачките продукти, колку и да се квалитетни нема да водат кон добри одлуки, бидејќи бунтовниците ќе знаат точно што знаат противбунтовниците и ќе го искористат тоа во своја полза веднаш после дистрибуција на разузнавачките информации.

## 5.5 Разменување на разузнавачки информации со сродни служби од други држави

Противбунтовништвото исто како и бунтовништвото не може да се води на територија на една земја. Тоа наметнува потреба на остварување на соработка на политичко, економско но и на разузнавачко ниво со служби од

други држави. Информациите кои може да се разменуваат може да се лични податоци и досеа за осомничени припадници на бунтовничкото движење или нивни соработници до класични разузнавачки информации како организација, опрема, способности и цели на бунтовниците. Во многу противбунтовништва, на територијата на земјата која се соочува со бунтовништво, се распоредени и безбедносни сили на држави сојузници кои земаат активности учество во противбунтовничките операции. Таквите можни ситуации наметнуваат потреба од прецизно регулирање на процесот на соработка и размена на разузнавачки информации со сродни безбедносни служби од други држави. Соработка треба да биде регулирана со договор меѓу државите чии разузнавачки служби ќе разменуваат информации. Во таквото регулирање на процесот на размена на класифицирани информации меѓу разузнавачките служби во пишана и електронска форма треба да се регулира и размената на информации и соработка на разузнавачите кои оперативно работат на терен и во ситуации на висока итност за размена на информации.[135] Доколку не се даде слобода на пониско ниво на размена на разузнавачки информации од тактичка важност, тогаш се создава опасност размената да биде бавна и информациите кои ќе се разменуваат во моментот на размена да немаат важност. Затоа размената меѓу разузнавачки служби на сојузнички држави, треба да се регулирани но со овозможување на размена на разузнавачки информации и на тактичко ниво, како и за брза размена на разузнавачки информации во случаеви на висока итност.

## 5.6 Можен развој на улогата на разузнавањето во противбунтовништво

Разузнавањето во земјите кои се соочуваат со бунтовништво или со можност за истото во иднина најверојатно ќе има зголемени законски овластувања и поголема поврзаност со истражни органи за водење на судски постапки, информатичко поврзување со сите бази на податоци од државните институции како и со организации за кои постојат услови и потреба, ќе се

[135] Во ситуации кога на територијата на земјата е одобрено да изведуваат разузнавачки активности и служби на сојузничка држава

изучуваат културните разлики во општеството и психологија, развој на користење на КОМИНТ во социјални информатички мрежи, вложување во ХУМИНТ, зголемување и развој на аналитичките тела и постапки и зголемување на персоналот наменет за контраразузнавање. Разузнавачките служби во државата меѓу себе ќе може да соработуваат и да разменуваат информации на тактичко ниво. Разузнавачките служби ќе изгледаат потранспарентни во работата, поради користење на разузнавачки продукти во операциите за информирање.

### 5.7 Заклучок

Разузнавачите во противбунтовништво е потребно да собираат податоци за цивилната средина и за суштинските причини за постоење на бунтовништво. За да го остварат тоа тие го изработуваат планот за собирање податоци за цивилната средина кој во себе содржи побарувања за собирање информации за области, структури, способности, организации, луѓе и настани. Дел од бараните информации за цивилните фактори може да се добијат од државни инситуции како катастар, полиција, локални власти, а друг **дел може да се добие само преку човечки контакт со популацијата.** Друг план за собирање на разузнавачки информации во противбунтовништво е планот за собирање информации за суштинските причини за постоење на бунтовништво, т.е. **собирање податоци за ранлива популација, лидери и недостаток на контрола од власта.** За собирање објективни информации според овој план е потребно да се располага со човечки извори на информации кои ја уживаат довербата на локалното население и кои може изворно да ги добијат информациите за незадоволствата. Откривајќи дека постојат предуслови и кои се причини за нивното постоење, разузнавачите им обезбедуваат можност на донесувачите на одлуки **да делуваат уште пред бунтовничката организација да се развие, а бунтовништвото да биде јавно видливо дека постои**. Една од клучните задачи на разузнавачите во противбунтовништво е откривање на бунтовнците инфилтрирани во структурите на државата, т.е.

контраразузнавање. Покрај претходното, разузнавачите собираат информации и за метео и географските услови, за опремата, формацијата, обученоста, способностите, локацијата и активностите на бунтовничките групи. На стратегиско ниво разузнавачите собираат информации и за меѓународните фактори кои влијаат врз противбунтовништвото, како што се соседни држави, регионални и светски сили, меѓународни организации и други недржавни актери. Најсоодветна дисциплина за собирање на разузнавачки информации во противбунтовништво е ХУМИНТ, по неа следува СИГИНТ, а помалку соодветни се ОСИНТ и ИМИНТ. Обработката на податоците во противбунтовништво се карактеризира со тоа што разузнавачките информации се во голема мерка добивани од човечки извори. Во процесот на обработка на информации од човечки извори е најважно одредувањето на веродостојноста на информацијата и кредибилитетот на изворот. Друга карактеристика на обработката на информации во противбунтовништво е фактот дека се обработуваат податоци за перцепија на популацијата. За да биде сватена перцепцијата на популацијата потребно е да се познаваат етничките, верските и социјалните карактеристики на популацијата. Субјективноста кај луѓето е тешко целосно да се отстрани и кога тоа е случај кај изворите и агентите и кога тоа е случај кај разузнавачите. Заклучувањето во разузнавачките служби треба да се засновува на научни методи на заклучување. Наместо да бидат доминантни графичките прикази за можно воено делување на силите на противникот, во противбунтовништво разузнавачите развиваат варијанти како бунтовниците ќе ги искористат незадоволствата на популацијата на краток и долг рок. Во противбунтовништвото продуктите на разузнавачите, врз основа на кои треба да се донесуваат одлуки, ќе бидат текстови објаснети со табели, графички прикази на трендови и слично, а во помала мерка ќе бидат прикази на географски терени на кои ќе бидат нанесени локации и големина на бунтовничките сили. Кога последните ќе станат доминантни, значи дека бунтовниците преминале во последната своја фаза, т.е во маневарска војна, а противбунтовниците претходно направиле многу грешки. Но колку и да се

квалитетни доколку продуктите не се доставаат навремено до лицата кои се овластени да донесуваат одлуки разузнавачкиот процес е залуден. Проблемот кој се јавува со доставување на класифицирани разузнавачки информации на политичари и лица од државната администрација е нивната способност да ја зачуваат тајноста на класифицираните информации добиени од разузнавачите. Во противбунтовништвото е голема веројатноста дека дел од донесувачите на одлуки на некој начин се поврзани со бунтовниците. Заради тоа разузнавачите треба да ги откријат агентите на бунтовниците кои се инфилтрирани во нивните инситуции. Доколку не се случи тоа, целото разузнавање и разузнавачките продукти, колку и да се квалитетни нема да водат кон добри одлуки, бидејќи бунтовниците ќе знаат точно што знаат противбунтовниците и ќе го искористат тоа во своја полза веднаш после дистрибуција на разузнавачките информации. Противбунтовништвото исто како и бунтовништвото не може да се води на територија на една земја. Тоа наметнува потреба на остварување на соработка на политичко, економско но и на разузнавачко ниво со служби од други држави.

## 6. ИСТОРИСКИ ПРЕГЛЕД НА УЛОГАТА НА РАЗУЗНАВАЊЕТО ВО ПРОТИВБУНТОВНИШТВА НА КРАЈОТ ОД 20-ОТ И ПОЧЕТОКОТ НА 21-ОТ ВЕК

Разузнавачките служби се тајни во своето делување, а нивните документи се декласифицирани многу години после создавањето. Таквата ситуација не остава голем простор за утврдување што навистина тие имаат работено во конфликти кои се случувале во блиското минато. Она што е достапно за разгледување се изјави на политичари, команданти и припадници на разузнавачките служби дадени за медиуми, како и нивни статии или објавени книги. Проценките дадени за улогата на разузнавачите во конфликтите во Косово, Македонија, Авганистан, Ирак и Израел ќе бидат засновени и на информации добиени од учесници во конфликтот во 2001 година во Македонија и учесници во мисијата ИСАФ од други земји. Податоци за тие лица нема да бидат изнесувани.

### 6.1 Косово

Косовската приказна може да се каже дека е приказна во која Србите, вклучувајќи ги и нивните разузнавачи се обиделе, со користење на методи и начин на размислување од Студената војна, да се справат со бунтовништво во Свет доминиран во тој момент од САД и нејзините сојузници. Разузнавачките служби на Југославија немале доживеано ниту значајни организациони ниту персонални промени, а најмалку биле сменети методите на работа, од оние кои биле користени во СФРЈ. Методите биле успешни во СФРЈ, но во сосема други услови. Во Војската на Југославија сеуште командите и штабовите биле мали, а одлучувањето било доминатно оставено да биде реализирано од командантите. Од друга страна менталитетот од ЈНА сеуште влијаел да командантите се интересираат повеќе за тоа кој зборува против нив и нивните неправилности во работата, отколку за непријателот на државата. За тие нивни потреби ги користеле и органите за безбедност. Раширената корупција во општеството не го одминало ниту Министерството за внатрешни работи и

Војската на СР Југославија. Еден од најинтересните извори за работа на разузнавачите а Југославија во Косово е емисија пренесена на телевизија Б92, од Србија, која е достапна и на интернет[136]. Во емисијата поранешен припадник на воеото разузнавање на Војската на Југославија, поручник Радован Миладиновиќ, дава многу детали за неговата работа во Косово во периодот од мај 1998 година до повлекувањето од Косово во 1999 година.

Во неговото излагање кое обилува со детали е изнесено следното:

-Органите за државна безбедност немале добра соработка со воеото разузнавање, па дури и го прислушкувале воеото разузнавање;

-Разузнавачките известувања од државната безбедност биле прилагодувани согласно потребите на локалните политичари и биле контрадикторни со известувањата на воеото разузнавање;

-Локалните припадници на државната безбедност и Министерството за внатрешни работи биле поврзани со организираниот криминал и биле корумпирани;

-Разузнавачите кои работеле на терен знаеле дека изјавата на генералот Небојша Павковиќ, дека ОВК во 2008 година веќе не постои не соодветствува со реалноста;

- Разузнавачите знаеле за тактиките и опремата на ОВК и знаеле детали за злосторствата кои ги вршела ОВК, а истото го знаел и командниот кадар и политичарите;

- Разузнавачите на Југославија знаеле дека припадници на МВР и Војската на Југославија вршеле криминални активности како кражби, силувања и убиства;

- Немало разузнавачка соработка меѓу единиците на Војската на Југославија, со единиците кои биле од резервен состав или составени од доброволци;

---

[136] http://www.youtube.com/watch?v=ZO9Y2A7KE78 (пристапено на 20.12.2012 година)

- Команден кадар на Војската на Југославија и на Посебните единици на полицијата бил инволвиран во криминални активности и прекршувања на Законот за воен конфликт, но и покрај тоа напредувал во кариерата;

- Команден кадар на Војската на Југославија вршел притисок врз органите за безбедност (офицери одговорни за разузнавање и контраразунавање) дека ништо не работат, "шуруваат" со Албанците и дека не се гледало што тие работат;

-Било пракса испрашувањето на заробеници да не го вршат разузнавачи, а во постапката се користело физичко малтретирање;

-Разузнавачите не добивале редовни разузнавачки известувања од повисоко дури и за местата каде биле испраќани[137];

- Акциите не биле водени врз основа на претходно добиени разузнавачки информации туку поради политички или криминални мотиви;

-Команден кадар вршел притисок да се добијат информации за да се оправдаат постапките за иселување на Албанците од одредени села;

-Не постоела изградена разузнавачка мрежа на човечки извори.

Други интересни изјави на лице кое било инволвирано во разузнавачки работи и давало информации на разузнавањето на Југославија се изјавите на Југослав Петрушиќ „Доминик" за емисијата „Во Центар" на новинарот Васко Ефтов[138]. Југослав кој наводно бил припадник на разузнавачка служба на Р. Франција во емисијата изјавува дека имал дадено информации на разузнавачка служба на Југославија за ОВК и интервенцијата на НАТО. И тој изјавува дека високите офицери на ЈНА биле корумпирани и инволвирани во криминални активности. Според Југослав и дел од офицерите на Војската на Југославија биле предавници и требало да помогнат во соборување на власта во Југославија после интервенцијата на НАТО. Бројната состојба на ОВК,

[137] Како пример е наведено ангажирање во с. Прилепица, Косово
[138] http://www.youtube.com/watch?v=jhxGbjz4Odc (пристапено на 22.12.2012)

опременоста, обученоста и плановите за делување биле доставени од негова страна на највисокото раководство на Југославија. Српските разузнавачки служби знаеле за распоредот и активности на силите на НАТО во Албанија, за местото каде биле хелихоптерите Апачи и за плановите за копнена интервенција преку Кошара. Никаде не се спомнува дека разузнавачите вршеле анализи за суштинските причини за незадоволство на популацијата во Косово или дека го согледувале конфликтот како бунтовништво.

## 6.2 Ирак

Во Ирак разузнавањето било доминантно реализирано од разузнавачките служби на САД. Во известувања на Сенатот[139] [140], после извршени истраги за работата на разузнавачката заедница на САД, а во врска со оправдување на нападот врз Ирак и проценките за развојот на состојбата во Ирак доколку дојде до интервенција се наведени пропусти но и точни проценки на разузнавачите. Наведените грешки се во однос на продуктите изработени од аналитичарите. Заклучоците во разузнавачките проценки не биле поткрепени со разузнавачки информации. Биле утврдени недостатоци во контрола над аналитичарите и собирачите на информации, но и недостаток на човечки извори на разузнавачките служби на САД во Ирак, после напуштање на Ирак од инспекторите за оружје. Сомнежите дека врз разузнавачите аналитичари имало притисок од политичари да бидат дадени проценки кои би оправдале напад врз Ирак не биле докажани од комисијата на Сенатот. Но освен за погрешната проценка за причината за почеток на интервенцијата, за се останато разузнавачите дале точни проценки. Сепак во извесувањето на комисија на Сенатот на САД од 2004 година, за разузнавачките проценки за пост-воен Ирак направени пред почнување на воената интервенција во Ирак е наведено дека разузнавачките проценки биле направени со мал број разузнавачки информации, а со повеќе претходни сознанија и експертиза за Ирак и регионот.

[139] http://www.intelligence.senate.gov/prewar.pdf (пристапено на 22.12.2012 година)
[140] http://en.wikipedia.org/wiki/Senate_Report_on_Pre-war_Intelligence_on_Iraq#General_conclusions_on_intelligence_relating_to_Iraq.27s_WMD_and_ties_to_terrorism (пристапено на 22.12.2012 година)

Во разузнавачките проценки пред интервенцијата на САД во Ирак било наведено дека: демократизација на Ирак ќе биде долг, тежок и турбулентен процес, Ал Каеда ќе го засили делувањето за време и после интервенцијата, терористичките активности ќе растат во првите 3 до 5 години за после тоа да опаѓаат, во Ирак после интервенција на САД би започнале внатрешни борби освен доколку САД не ги сопре, интервенција на САД најверојатно би предизвикал бунт предводен од политички исламски организации кои би бил спонзорирани од терористички организации, надворешна помош би била потребна за да се задоволат хуманитарните потреби, економската обнова на Ирак би била полесна од демократизацијата на земјата, интервецијата на САД би предизвикала демонстрации и незадоволство во соседните муслимански земји итн. Од сега јавни објавените разузнавачки документи[141] за Ирак се гледа дека бунтовништвото во Ирак било предвидено во разузнавачките проценки. Разузнавачките служби на САД се служби каде работата е високо формализирана со постоење концепции; доктрини; правила; дефинирани тактики, техники и процедури; воспоставени информатички мрежи и база на податоци итн. Персоналот на овие служби е обучен и искусен, а на располагање има финансиски и технички средства. Сепак и тие грешеле. Разузнавачите на САД направиле една клучна грешка, која за некој кој нема работено во високо формализирана средина на НАТО му е тешко да ја свати. Во разузнавачките служби на САД секој термин кој се користи е дефиниран. За различни закани постојат различни правила, тактики, техники и процедури. Според анализа изработена од Инситутот за стратегиски студии за Ирак[142] како клучен проблем за неуспешното водење на активностите на САД во Ирак било неправилното сваќање на природата на конфликтот. Конфликтот бил оценет како борба меѓу коалиционите сили со терористи. **Наместо термините бунтовништво и противбунтовништво биле користени термините тероризам и нерегуларна војна. Во анализата се наведува дека**

[141] http://www.intelligence.senate.gov/prewar.pdf (пристапено на 22.12.2012 година)
[142] Steven Metz, learning from Iraq: Counterinsuregency in American Strategy, Strategic Studie Institute, 2007, стр 62

**противничките сили не биле нарекувани бунтовници од политички причини, за да не им се даде легитимитет. Иако таквата терминологија помагало во политичката поддршка, таа оневозможувала сваќање на природата на конфликтот и создавање на соодветна стратегија. Гледајќи од аспект на нерегуларна војна и тероризам, бил запоставен политичкиот и психолошкиот аспект на конфликтот, кои се позначајни.** Друг проблем кој се појавил кај разузнавачките служби на САД бил фактот дека не располагале со доволен број лица кои го знаеле локалниот јазик и култура. Со тоа тие тешко ја сваќале оперативната средина, тешко остварувале контакт и воспоставувале соработка со човечки извори, а била бавна и обработката на информации како текстови, аудио и видео снимки. Разузнавачите имале проблем со сваќање на комплексната социјална средина и со сваќање на културните разлики.[143] Друг проблем бил фактот дека разузнавачите доаѓале и после 12 месеци се враќале во САД, што не е довилно долго за развивање на ХУМИНТ мрежа, или пак доколку останувале подолго време тие имале други проблеми поврзани со нивниот приватен живот и психичко здравје. Сепак разузнавачките служби на САД брзо ги осознавале своите грешки и истите биле исправани. За таквиот процес е многу важен фактот дека биле правени проценки за ефективноста и ефикасноста на разузнавачите и таканаречени „научени лекции", кои подоцна резултирале во промени во формации, правила, методи, процес на едукација на разузнавачкиот кадар и др. Проблем било создавање и одржување на мрежа на човечки извори и квалитетно контраразузнавање кога не се располагало со база на податоци за населението. Овој проблем можел да се надмине со развивање на Ирачка разузнавачка служба кој би била носител на разузнавачките активности, а пред се на контраразузнавачките активности[144]. Сепак во Ирак бунтовниците успевале да се инфилтрираат во брзо растечките институции на државата. Она што до крај на конфликтот ги оптоварувало разузнавачите во САД биле истрагите и

---

[143]Исто стр. 75

[144] Ирачката национална разузнавачка служба била формирана во 2004 година и финасирана од САД

притисокот кој настанал поради погрешната проценка за постоење на оружје за масовно уништување во Ирак, а од друга страна оваа грешка влијаела да аналитичките методи на проверка на разузнавачките информации бидат подобрени.[145]

## 6.3 Авганистан

Авганистан за разузнавачите на САД во осумдесетите години на 20-от век бил средиште на најголемата тајна операција водена од САД, операција „Циклон". Разузнавачите на САД лично биле инволвирани во обучување, организирање и опремување на муџахедините. Мула Омар, Гулбудин Хекматјар и Џалалудин Хакани биле лица кои соработувале со ЦИА. Ниту водачите, ниту опремата и тактиките на талибаните не биле непознаница за разузнавачите од САД. Соработката со пакистанските разузнавачки служби била воспоставена и развиена во истиот период. Географијата на Авганистан исто така била добро позната на разузнавачите на САД. Не случајно првите жртви на САД во конфликтот биле припадници на ЦИА.[146] Кога се зборува за разузнавачите на противбунтовниците во Авганистан се зборува за голем број на разузнавачи од коалиционите сили и разузнавачките служби на ИР Авганистан. Авганистан е место каде разузнавачките служби на САД ги користеа сите свои ресурси но и научените лекции од Ирак. Аналитичките работи, свеста за културните разлики, лингвистичките бариери и други проблеми биле надминувани. Соработката меѓу разузнавачките служби била подигната на повисоко ниво. Разузнавачките проценки биле сеопфатни и го согледувале политичкиот, етнички, верски, социјален и човечки аспект на конфликтот. Коалиционите сили повеќе вложувале во опремување и обука на разузнавачките служби на Авганистан. Разузнавачите на Авганистан биле носени на обука во разузнавачките центри во САД. Националниот директорат за безбедност (НДБ), како разузнавачка служба на ИР Авганистан имала

[145] http://www.neuroscience-arena.com/journals/pdf/papers/fjss_lr_3-52.pdf (пристапено на 24.12.2012 година)
[146] http://en.wikipedia.org/wiki/Johnny_Micheal_Spann (пристапено на 24.12.2012 година)

развиено силна мрежа на човечки извори која не може да ја развие надворешна разузнавачка служба. Земањето биометриски податоци од населението на Авганистан и развивањето на НДБ значително ја подобриле контраразузнавачката способност на противбунтовниците. Во Авганистан одредени разузнавачи од коалиционите сили биле ангажирани на мисија во вкупно траење од неколку години. Само така е возможно да странци ги надминат пречките кои ги носи различната култура и географија, објективно да ја осознаат оперативната средина и да може да развиваат и користат човечки извори за разузнавачки информации.

Разузнавачите на противбунтовниците во Авганистан имаат пристап до најразлични проценки за Авганистан од областите на: географија, демографија, политика, криминал, тактики на бунтовниците, опрема, идеологија, цели, активности и идни намери на бунтовниците. Се располага и со биометриски податоци на сите приведувани лица, а и со информации за случувања од интерес во соседните земји. За сите лица кои се во работен однос преку цивилни фирми за потребите на коалиционите сили постои база на податоци. Како дополна на ова се информации кои се добиваат по национална линија, преку офицери за контакт во Националниот директорат за безбедност и на други начини. Разузнавачите поминуваат подготвителни курсеви пред нивното ангажирање во Авганистан и се запознаваат со оперативната средина. Како дел од подготовките и при извршување на мисијата е и изучување на локалните јазици и култура. Како резултат на работата на разузнавачите во Ирак и Авганистан бил создаден прирачникот „Пресекувајќи го Гордиевиот Јазол“, каде се објаснети карактеристиките на работата на разузнавачите во противбуновништво. Покрај сите добри страни и напредоци Авганистан е место каде постојат гласини дека разузнавачите од страна на противбунтовниците (од ИР Авганистан но и од САД) сеуште користат физичко и психичко малтретирање, при испрашување на затвореници и приведени лица. Иако разузнавачите имаат детални и реални проценки за идните настани во Авганистан на стратегиско ниво, на тактичко ниво

разузнавачите немаат успеано да развијат разузнавачка мрежа способна да ги открие сите напади на бунтовниците. Авганистан е место каде се забележани големи контраразузнавачки пропусти и многу жртви кај коалиционите сили предизвикани од припадници на бунтовниците инфилтрирани во безбедносните сили на Авганистан. Од 2008 година до 2012 година имало постојан пораст на таквите напади[147]. Еден од најголемите контраразузнавачки пропусти во ИСАФ било неуспехот да се предвиди, спречи и открие во најрана фаза врбувањето, како агент на разузнавачка служба на Иран, на преведувачот на командантот на ИСАФ, Даниел Џејмс. Даниел Џејмс во 2006 година бил преведувач на генерал сер Дејвид Ричард.[148] Сепак контраразузнавачите на ИСАФ успеале да го откријат и фатат, а потоа и да ја докажат неговата вина на суд во Велика Британија. Авганистан на разузнавачите им стана добар пример како да делуваат, но пред се на разузнавачите на надворешните сојузници на земјата која се соочува со бунтовништво. Во однос на разузнавачките служби на Авганистан им покажа дека во противбунтовништво клучно е поседување мрежа на човечки извори и силно контраразузнавање, особено доколку се сака да се спречи понатамошно инфилтрирање на бунтовниците во структурите на државата.

## 6.4 Израел

Израелските разузнавачки служби како Шабак[149], Мосад[150] и Аман, имаат репутација на едни од најдобри во Светот. Со посета на нивните официјални интернет страни се гледа големата разлика меѓу нив. Шабак како разузнавачка служба ги следи сите внатрешни трендови поврзани со тероризмот против Израел, додека Мосад е насочен кон делување надвор од Израел и не е транспарентен во однос на детали за своите интереси, резултати и проценки.

[147] http://www.longwarjournal.org/archives/2012/08/green-on-blue_attack.php (пристапено на 24.12.2012 година)

[148] http://www.guardian.co.uk/uk/2008/nov/05/daniel-james-spy-iran (пристапено на 24.12.2012 година)

[149] http://www.shabak.gov.il/english/enterrordata/pages/default.aspx (пристапено на 24.12.2012 година)

[150] http://www.mossad.gov.il/Eng/AboutUs.aspx (пристапено на 24.12.2012 година)

Военото разузнавање, Аман, е насочено на разузнавачко делување кон соседите на Израел и териториите контролирани од Палестинските авторитети. Шабак тесно соработува со Аман и израелските одбранбени сили за да ги уништи лидерите на ХАМАС како и инсталациите и опрема на ХАМАС, кои се клучни за извршување на напади врз Израел.[151] Израелските разузнавачки служби за извршување на операцијата, Одбранбен столб, во 2012 година успеале да ги откријат локациите на клучната инфраструктура, опрема и персонал на ХАМАС, а за да се овозможи извршување на прецизни напади со што помала колатерална штета.[152] Паралелно разузнавачите обезбедиле информации за нарушување на легитимитетот на ХАМАС пред меѓународната јавност. Израелските разузнавачки служби повеќе пати имаат покажано дека се способни да дојдат до навремени и точни информации. Тоа тие го прават не само со користење на нивната врвна технологија, туку со многу развиена мрежа на човечки извори која дава информации на разузнавачите на Израел. Трите разузнавачки служби Шабак, Мосад и Аман тесно соработуваат. Разузнавачките служби на Израел се составено од голем број на персонал, земајќи ја во обзир популацијата на земјата, кои се поделени на повеќе функционални целини. На пример военото разузнавање АМАН има делови за: продукција на разузнавачки производи, дел за тајно собирање податоци, дел за теренска безбедност и воено цензурирање, дел за меѓународни односи како и други делови. Военото разузнавање е одговорно за тајно собирање податоци, за користење агенти во соседните земји на Израел и во териториите контролирани од Палестинските Авторитети.[153]

Она што е карактеристично за Израел е фактот дека конфликтот меѓу Израел и Палестинците е судир во кој се инволвирани многу силни надворешни фактор. Поради тоа разузнавачките служби на Израел покрај

[151] http://www.jewishpress.com/news/breaking-news/idf-and-shabak-targeting-hamas-personnel-with-artillery/2012/11/14/ (пристапено на 24.12.2012 година)
[152] http://www.breitbart.com/Big-Peace/2012/11/25/British-Commander-Of-Afghanistan-Forces-Says-Israel-Achieved-Tremendous-Success-In-Gaza (пристапено на 24.12.2012 година)
[153] http://www.serendipity.li/cia/counterspy/secret_cia_documents_on_mossad.htm#25 (пристапено на 24.12.2012 година)

собирање информации за Израел, окупираните територии и палестинските организации мора да собираат информации за политичките, економски, технолошки и воени промени во поширокото опкружување. Поддршката од САД и политиката на Европската унија, како и способностите на земјите од Арапската лига се клучни фактори за динамиката на судирот меѓу Израел и Палестинците. Поради тоа разузнавачките служби на Израел мора да бидат насочени на извршување на разузнавачки активности и во земјите на Арапската лига. Таквите задачи се доминатно извршувани од Мосад.

Разузнавачките служби на Израел се почитувани и сакани во Израел, а надвор се респектирани. Тоа не е случајно. На пример во едно известување за персоналот на Мосад е наведено дека персоналот на Мосад е способен да извршува задачи за научник, аналитичар, оперативец, паравоен офицер и на крај на супер шпион.[154] Мосад и останатите разузнавачки служби на Израел во минатото се обвинувани за шпионирање на своите соседи и сојузници, за мачење и за атентати надвор од земјата. Еден од атентатите врз висок припадник на ХАМАС, од страна на Мосад во Дубаи е документиран и со видео снимки [155]. Мосад се има обидено да го убие и лидерот на ХАМАС во Јордан, Калид Машал. Ретки се земјите кои поседуваат служби способни за извршување на сложени операции надвор од земјата и чии политичари побаруваат такви активности. Израел е пример на земја со високо способни разузнавачки служби кои од политичарите добиваат побарувања но и потребни ресурси, регулативи и поддршка за изведување на операции во и надвор од Израел

### 6.5 Македонија

Иако за конфликтот во Македонија во 2001 година има многу книги, сепак за работата и сознанијата на разузнавачките служби во најголем дел од

[154] http://www.chabotstrategies.com/pdf/Article_Ian_Mossad.pdf (пристапено на 24.12.2012 година)
[155] http://www.youtube.com/watch?v=bzLjirV4jd8&list=PLE5D69A9EA5A9330D (пристап до 25.12.2012 година)

нив нема многу детали. Информации може да се собираат од книги, интервјуа или од директни контакти со припадници на разузавачките служби. Од книгите и интервјуата интересни од разузнавачки аспект се емисијата на Васко Ефтов „Во центар“ со Југослав Петрушиќ и книгата „ОНА терористичка паравојска во Македонија“ од Иван Бабановски. Покрај овие извори секако од посебен интерес се и информациите од сведочењето на Горан Стојков, на судењето за „Раштански лозја“ и информациите изнесени во книгата на Панде Петровски „Сведоштва 2001“.

Во емисијата „Во центар“ на Васко Ефтов, во која гостин е Југослав Петрушиќ[156], според Петрушиќ конфликтот во Македонија бил планиран уште во 1998 година и бил планиран како продолжеток на конфликтот во Косово. Самиот тогашен премиер Љубчо Георгиевски и Срѓан Ќерим во истата емисија изјавуваат дека 10 денови пред почетокот на конфликтот биле запознаени од Зоран Ѓинѓиќ дека во Македонија ќе има бунт па дури им биле дадени податоци за локации на одредени настани. Срѓан Ќерим изјавил во интервјуто дека тие информации се оствариле. Посебно е интересна констатацијата на Срѓан Ќерим дека Србите знаеле повеќе за состојбата во Македонија отколку тие. Оваа констатација укажува дека разузнавачките служби на Македонија не располагале со информации за она што се случува во Македонија, а најверојатно уште помалку за она што се случувало во Албанија и Косово. Сосема е логично дека штом Зоран Ѓинѓиќ го запознал политичкиот врв на Македонија дека ќе започне конфликт во Македонија 10 денови порано укажува дека тој и српските разузнавачки служби го знаеле податокот многу порано. Такви податоци не се отстапуваат на толку високо ниво доколку не се проверени, доколку не се размисли кога, каде, на кого во која форма и со која содржина ќе биде отстапено. Она што разузнавачките служби на Р. Македонија го знаеле во тој момент била листа на луѓе со лични податоци за истите кои се инволвирани во екстремистички и криминални активности, пропагандни активности, нивна поврзаност со странски претставници, организации и

[156] http://www.youtube.com/watch?v=fhPWVS3N3B0 (пристапено на 22.12.2012 година)

слично. Информации за планови за дејствување и детали за истите биле добиени од странски разузнавачки служби. Интересна е тезата изнесена во интервјуто од страна на Југослав дека битката за Арачиново е испланирана и реализирана за да се согласи Македонија да прифати наметнато решение за конфликтот. Присуството на странските инструктори и државјани на САД кои учествувале во битката за Арачиново од страна на ОНА била информација со која располагале Министерот за одбрана и Министерот за внатрешни работи на Р. Македонија. Според Југослав конфликтот во Македонија бил планиран и насочуван од разузнавачки служби на странска земја.

Од издадените книги од македонски автори после 2001 година се издвојува книгата „ОНА терористичка паравојска во Македонија", од Иван Бабановски. Во книгата иако преполна со емоции, се содржат голем број информации за ОНА и странски разузнавачки служби што би го интересирале секој разузнавач кој работи со ОСИНТ. Споредувајќи ги дел од информациите за наведените лица припадници на ОНА и нивни активности, со информации од мои лични извори утврдив дека истите се вистините, а со тоа и дека целокупната книга заслужува интерес. Богатството на информации потврдува дека за разузнавачките служби на Македонија не биле непозанница луѓето кои стојат на чело на ОНА и лицата и организациите кои ги поддржувале и насочувале. Сепак не може да се утврди дали се располагало со навремени и детални информации за извршување на офанзивни операции со специјални сили, иако такви беа изведувани во Скопје и кај познатите „Раштански лозја" а чија успешност и позадина е оспорувана. Според сведочењето на Горан Стојков, командант на единицата „Лавови", информацијата за терористичка група од Пакистан била добиена од страна на британската разузнавачка служба МИ6, а дадена на ДБК, за потоа тој да биде обвинет на суд дека учествувал во

убиство направено од политички причини, а не во легитимна антитерористичка операција.[157]

Од разговори со учесници на конфликтот во Македонија, припадници на безбедносните структури на Р. Македонија и од лични искуства имам утврдено дека на ниво на единици со ранг баталјон немало плански разузнавачки активности и редовен проток на разузнавачки информации. Разузнавачките информации скоро во целост биле насочени од долу кон горе, а скоро и да немало проток на информации од горе кон долу. Разузнавачите немале сеопфатни планови за собирање на разузнавачки информации, **а посебно не за перцепцијата и ставовите на локалната популација.** Контактите меѓу разузнавачи од МВР и ВСБиР постоеле. Единици извршувале задачи без воопшто да располагаат со информации за јачина и распоред на силите на ОНА. Не е забележан случај да на ниво на баталјон биле добиени детални проценки за опременост, обученост, тактики, способности, распоред и цели на силите на ОНА. Разузнавачи неретко биле користени од командантите за активности кои не биле поврзани со разузнавање. Иако постоеле разузнавачи на тактичко ниво кои успевале да дојдат до квалитетни човечки извори во нив не се вложувало. Се оставал впечаток дека командниот и разузнавачкиот врв не сакал да споделува информации на пониско ниво, а со тоа и не го користел тактичкото ниво да собира информации и да се добива објективна слика од лицата кои биле на терен. Во книгите и изјавите на политичарите и командантите во Р. Македонија од 2001 се гледа дека истите имале многу различни гледишта на случувањата. Тоа укажува дека **тие немале заедничка оперативна слика за ситацијата, т.е. не располагале со истите информации и проценки**. Многу е веројатно дека различни политичари добивале информации од различни домашни или странски разузнавачи, врз основа на лични или партиски припадности и контакти. Таква ситуација е

[157] http://books.google.mk/books?id=-7dq8mi0DWkC&pg=PA129&lpg=PA129&dq#v=onepage&q&f=false (пристапено на 22.12.2012 година)

опишувана и во книгата на генералот Панде Петровски во која е наведено дека различни политичари добивале информации од дипломати или од свои партиски извори. Координацијата и соработката меѓу различните разузнавачки служби била слаба страна на разузнавачката заедница.

Контраразузнавањето во редовите на македонските безбедносни сили било на ниско рамниште. Ангажирање на голем број на резервисти и војници на отслужување на воениот рок, кои не биле запознаени ниту со концептот на класифицирана информација, предизвикувало да информации за состојбата на боиштето истекува преку телефонски разговори со семејството, блиски пријатели и колеги, од кои имало и соработници на ОНА. Во АРМ имало инфилтрирано голем број агенти на ОНА, за што укажува фактот дека и офицери на АРМ имаат дезертирано и се имаат приклучено на ОНА.

Разузнавачките служби на Македонија имале и успеси во следење на комуникација на агенти на ОНА, инфилтрирани во АРМ и во цивилна средина, а со задачи да ги следат и известуваат за движењата и активностите на единиците на АРМ. Разузнавачите служби на Р. Македонија успевале да дојдат до информации за број, активности и проблеми кои ги имале припадниците на ОНА. Сепак еден од основните проблеми е што голем број од разузнавачите во Македонија го гледале конфликтот како воен судир, а не како конфликт во кој имало борба за добивање на поддршката на етничките Албанци и на меѓународната јавност и за тој аспект воопшто и да не се собирале информации и не се изработувале проценки. Разузнавачката заедница на Македонија била малубројна, со ограничената техничка и финансиска поддршка и доминантната насоченост за делување пред се на својата територија.

## 6.6 Заклучок

| Табела бр 9 | Преглед на карактеристики на разузнавањето во разгледуваните примери | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Држава** | **Македонија** | **Косово** | **Авганистан** | **Израел** | **Ирак** |
| **Успех на противбунтовниците** | не | не | делумно[158] | делумно[159] | Делумно[160] |
| **Успешност на собирање раз. инф.** | не | не | да | да | да |
| **Ефекти од раз. продукти** | мал | не | да | да | да |
| **Ефективност на раз. продукти** | мала | не | да | да | да |
| **Ефикасност на раз.** | Не е утврдено | Не е утврдено | Не е утврдено | Не е утврдено | Не е утврдено |
| **Способност за противбунтовништво** | мала | мала | голема | голема | голема |
| **Собирање разузнавачки инф.** | Не било реализ. по координиран план | Не било реализ. по координиран план | Според план и координирано | Според план и координирано | Според план и координирано |
| **Користење различни разузнавачки дисциплини** | Не се користеле сите дисциплини плански и систематски | Не се користеле сите дисциплини плански и систематски | да | да | да |
| **Време на достапност** | за идни случувања на краток рок | Имало достапни информации за идни случувања | Постојано достапни информации за идни случувања | Постојано достапни информации за идни случувања | Постојано достапни информации за идни случувања |

158 Бунтовничките организации не се уништени

159 Израел со повремени офанзивни активности само времено ги онеспособува бунтовниците за офанзивни операции против Израел

160 Бунтовничкте организации иако постојат немаат способност за соборување на власта или за придобивање на поголемиот дел од популацијата

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **содржина** | неразновидна[161] | неразновидна | Застапеност на слики, снимки, текст | Застапеност на слики, снимки, текст | Застапеност на слики, снимки, текст |
| **обемност** | Не е утврдена | Не е утврдена | Голема[162] | Не е утврдена | Голема |
| **Способност на раз. да собираат информаци надвор од земјата** | мала | мала | голема | голема | голема |
| **Правна регулираност на разузнавање во противбунтовништво** | постоела општа недетална регулатива за работа на службите | постоела општа недетална регулатива за работа на службите | Регулирано за странските сили | Постои правна регулатива за работа на раз. служби[163] [164] | Регулирано за странските сили |

Од изнесените податоци во табелата се гледа дека противбунтовниците постигнале лоши резултати кога имале разузнавачки служби кои: не биле способни за собирање на информации со сите разузнавачки дисциплини, немале развивано проценки за случување на среден и долг рок, разузнавачките продукти не им биле разновидни, работата на службите во противбунтовништво не била правно регулирана ниту пак била регулирана со постоење на доктрини и правила за работа на службите во противбунтовништво. Земјите кои имале способни разузнавачки служби, кои биле способни за собирање на информации со користење на сите разузнавачки дисциплини, кои биле способни за собирање информации во и надвор од земјата каде се случува бунтовништвото, кои доставувале обемни и

161 Доминантно се користел текст и слики

162 На разузнавачите им се постојано достапни разновидни проценки и известувања, графички прикази за целиот Свет, со графички нанесени податоци за настани со детали за истите, итн

163 Израел има регулирано давање државјанство и паричен надоместок на странски дравјани кои ја играле улогата на агенти за разузнавачките служби на Израел

164 http://books.google.mk/books?id=eLeyxNVgnSsC&pg=PA152&lpg=PA152&dq=how+is+legally+regulated+mossad&source=bl&ots=vwPH8Dabh8&sig=GUH7OoWJHyoBO19AFKVCeGiuFog&hl=en&sa=X&ei=rP3aUMeRKsjd4QSo_oCgAQ&redir_esc=y#v=onepage&q=how%20is%20legally%20regulated%20mossad&f=false (пристапено на 26.12.2012 година)

разновидни по содржина информации, кои доставувале проценки за развојот на настаните на краток, среден и долг рок, не дозволиле бунтовниците да ги исполнат своите цели. Израелските разузнавачки служби и југословенските разузнавачки служби како два примери во кој противбунтовништвото не го води коалиција туку само земјата која се соочува со бунт, покажуваат дека разликите во способностите на службите придонеле да се случат два спротивни исходи. Додека Југославија ја изгубила меѓународната поддршка, Израел успева да одржи рамнотежа во надворешната поддршка, доминација во однос на бунтовниците и со прецизни удари времено да ги онеспособува бунтовниците за офанзивни операции. Секако тоа не е вина само на разузнавачите туку и на оние кои раководат со нив и им ги доделуваат задачите и ресурсите.

Во идните бунтовништва најверојатно ќе има многу широк спектар на побарувања за информации од разузнавачките служби. Побарувањата нема да се доминантно за способности, локација и активности на вооружени групи и формации туку од сите области на општествениот живот, а пред се за вистинските и перцепираните проблеми на популацијата како и за надворешните фактори. За согледување на мислењето на популацијата ќе се користат во голема мерка и социјалните мрежи на интернет, а разузнавачите ќе мора да ги развијат способностите за користење на најразновидни извори и да ги надминат пречките кои ги носи различна религија, јазик и култура. Разузнавачките производи во различна форма ќе бидат достапни на многу корисници, а не само на лицата кои донесуваат одлуки. Разузнавачите ќе собираат и докази противбунтовниците, а за понатамошно судско процесуирање или за користење на истите во операции за информирање. Разузнавачките служби ќе соработуваат со сите државни органи и ќе имаат потреба за брз и таен пристап до сите податоци со кои располагаат истите. Разузнавачките служби ќе имаат големи аналитички тела и способност за брза обработка на голем број информации. Располагање со разузнавачки служби кои не се централизирани, координирани и не ги разменуваат разузнавачките

информации може да води кон создавање на контрадикторни проценки, лоши одлуки и нарушување на легимимитетот и довербата и кон разузнавачките служби и кон политичарите и командантите. Тоа е посебно можно во случај кога станува збор за мали служби кои располагаат со мал број информации и со мали аналитички тела. Работата на разузнавачките служби треба да биде прецизно регулирана со закони и подзаконски акти. Во таквите акти е потребно да се регулираат механизми кои би спречиле злоупотреби од страна на разузнавачите, но и злоупотреби и притисоци од политичарите и командантите, посебно во случај на противбунтовништво. Разузнавачите во случај на противбунтовништво ќе треба да ги изнесуваат и перцепциите и сомнежите за погрешни одлуки на политичарите и за нивна корумпираност и вмешаност во криминал. Но кому би ги изнеле таквите информации доколку политичкиот врв не сака да си ги признае грешките или и самиот е инволвиран во криминал? Поради постоење на ваквите можности разузнавачите треба да се одговорни на самиот политички врв, како претседател или премиер, а не на структури на пониско ниво. Со таквата поставеност би се намалила можноста да се врши притисок врз разузнавачите за промена на нивните известувања и проценки или истите да бидат спречувани во нивната работа.

# 7. УЛОГА НА ВОЕНАТА СЛУЖБА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И РАЗУЗНАВАЊЕ ВО СПРАВУВАЊЕ СО ПРОТИВБУНТОВНИШТВО

## 7.1 Правна регулатива

Во однос на работата на Воената служба за безбедност и разузнавање важни се следните законски и подзаконски акти: Закон за одбрана, Кривичен законик, Закон за следење на комуникациите, Закон за класифицирани информации, Концепт за воено разузнавање и контраразузнавање за поддршка на мисиите на воените сили, Правилник за остварување на разузнавањето, контраразузнавањето и спречување и откривање на кривични дела во одбраната и Закон за управување со кризи. Работата на Воената служба за безбедност и разузнавање, т.е. Сектор-служба за воена безбедност и разузнавање (С-СВБиР) се регулира подетално со насоки, наредби, упатства и планови. Не постојат прирачници и правила со кои во детали би се регулирала работата на разузнавачите за користење на различните разузнавачки дисциплини и за аналитичка работа. Во НАТО и националните разузнавачки служби на САД постојат прирачници во кои се регулирани тактиките, техники и процедурите при користење на различните разузнавачки дисциплини, како и за аналитичка работа. Работите кои не се регулирани со доктрини и прирачници се регулираат со одобрени важечки оперативни процедури кои се во согласност со сите повисоки правно нормативни документи. На пример во Обединетото Кралство само за работата на контраразунавањето во Министерството за одбрана постои класифициран документ кој содржел 2389 страни.[165] Тоа укажува дека е потребно повисок степен на формализација на работата на ВСБиР.

165 http://mirror.wikileaks.info/wiki/UK_MoD_Manual_of_Security_Volumes_1,_2_and_3_Issue_2,_JSP-440,_RESTRICTED,_2389_pages,_2001/ (пристапено на 27.12.2012 година)

## 7.2 Моментна организација и способности за поддршка на противбунтовништво

Сегашната Воена служба за безбедност и разузнавање е составена од Сектор-служба за воена безбедност и разузнавање и потчинети секции кои се составен дел од Генералштабот на АРМ, Здружената оперативна команда и другите потчинети команди и штабови во АРМ. Секциите во штабовите на АРМ немаат директен пристап до податоци за жителите на Р. Македонија која ја поседува МВР, како и до бази на податоци од други институции како Министерство за правда, Управа за јавни приходи, Министерство за труд и социјала и други. Тоа оневозможува брз пристап до информации за проценка на состојбата меѓу популацијата и нивните проблеми. Персоналот во командите и штабовите има свои штабни должности, а истовремено извршува задачи за потребите на С-СВБиР, т.е. постои раководење и командување од страна на командантите на единиците, а насочување по линија на С-СВБиР. Уште од примопредавање на надлежностите за границата на Граничната полиција интеракцијата меѓу АРМ и популацијата во пограничните области е намалена. Друг проблем е малата брзина на достапност на информации од сите други државни установи, која е потребно да биде брза и тајна. Немањето директен пристап до базите на податоци на државните институции негативно влијае врз способноста да се следат моменталните трендови и да се проценат идните настани и да се осознае суштината на можни незадоволства кај популацијата. Може да се заклучи дека кај ВСБиР има простор за подобрувања на способностите за собирање информации, потребни за водење на противбунтовништво на територија на Македонија. Она што е предност на ВСБиР е што поседува кадар кој е образуван во повеќе НАТО земји и кој има учествувано во меѓународни мисии извршувајќи разузнавачки задачи во поддршка на противбунтовништвата во Авганистан и Ирак. Таквото образование и меѓународно искуство дава солидна подлога за иден развој на воеността разузнавање од аспект на поддршка на противбунтовништво.

### 7.3 Заклучок за улогата на ВСБиР во справување со бунтовништво

Работата на Воената служба за безбедност и разузнавање е регулирана со мал број документи, со кои се регулирани само општите рамки и термини. Не се регулирани тактиките, техниките и процедури за користење на разузнавачките дисциплини. Такво регулирање е важно за да се обезбеди ефикасен и ефективен начин на делување кое ќе биде ускладено меѓу сите припадници на ВСБиР. Нискиот степен на формализираност на работата на ВСБиР оневозможува висок степен на униформност на постапките, а ја зголемува веројатност на грешки од персоналот. Можно е поради недефинираноста на тактиките, техниките и процедурите да биде избегнувано користење на разузнавачки дисциплини чија употреба е сложена и ризична, како ХУМИНТ и КОМИНТ, а да се дава значај на оние кои се помалку ризични за користење како ОСИНТ, ГЕОИНТ и други. Таквата можност е во спротивност со потребата на користење токму на ХУМИНТ како најважна дисциплина за водење на разузнавачки активности во противбунтовништво. Малата бројна состојба на ВСБиР и нискиот степен на формализација на работата негативно влијаат врз способноста на ВСБиР за следење на индикатори со кои би можело да се утврди постоење на предуслови за противбунтовништво. Друга состојба која ја намалува способноста на ВСБиР да открие дали постојат предуслови за бунтовништво е фактот дека истата нема директен пристап до базите на податоци на државните институции и добивање податоци од истите е релативно бавен процес. Но покрај слабостите, **ВСБиР располага со образован и кадар со меѓународно искуство, оспособен да извршува разузнавачки активности согласно НАТО доктрините, тактики, техники и процедури.** Таквиот кадар дава основа за идниот развој на ВСБиР. Може да се заклучи дека токму меѓународното образованието и уникатното, за Македонија, искуството кое го има кадарот на ВСБиР, го прави воеността разузнавање клучно во моменталните спсособности на Р. Македонија за водење противбунтовништво.

# 8.ЗАКЛУЧОК

Бунтовништвото после 2001 година интензивно се проучува во САД и членките на НАТО, додека во остатокот од Светот сеуште доминираат термините „тероризам“, „герилско војување“, „војна од низок интензитет“ и др. Земјите на НАТО се имаат договорено за една заедичка дефиниција, но имаат и свои посебни дефиниции за бунтовништво, кои не се меѓусебно контрадикторни. За Македонија е најприфатлива, поради политичката и бебедносна насоченост, дефиницијата на НАТО ***бунтовништво*** е збир на активности на организирана, често пати идеолошки мотивирана група или движење, кое има за цел да предизвика или да спречи политички промени од страна на владеачките авторитети, фокусирајќи се на убедување и заплашување на популацијата, користејќи насилство или субверзија“. Бунтовништвото како активност е насочено кон придобивање на популацијата. За да може да се појави бунтовништво потребно е да постои **незадоволство** кај дел од популацијата на државата **и да постојат предуслови** како недостаток на контрола на власта над популацијата, ранлива популација и лидери. Елементи на бунтовништвото како организација се: лидери, герила, подземје, поддржувачи и популација која дава пасивна поддршка. Бунтовниците може да користат различни **тактики** како: тероризам, герилска војна, конвенционално војување, саботажа, субверзија, пропаганда, демонстрации и инфилтрирање. Која тактика ќе доминира зависи од повеќе фактори. Доколку власта има способни безбедносни сили, а популацијата живее пред се во урбани средини најпогодна ќе биде терористичката тактика, додека доколку безбедносните сили на власта се помалку способни, а популацијата е доминантно во рурална средина најпогодна за примена е герилската тактика. Бунтовниците за постигнување на своите цели може да користат различни стратегии и тоа: урбана терористичка, воена, долга популистичка војна, фокусирана на идентитетот, конспиративна и композитна стратегија. Бунтовниците е тешко да се откријат, бидејќи тие потекнуваат од населението и живеат меѓу населението. Бунтовниците лесно може да се инфилтрираат во структурите на

власта и да ги осознаат способностите и намерите на власта. Бунтовниците не се обврзани со почитување на закони, доктрини ниту пак имаат некоја цврста формална организација која би ги направила предвидливи. Ним им одговара долготрајност на конфликтот. Покрај предностите, бунтовниците имаат и очигледни слабости. Тие мора да имаат своја безбедна база од каде ќе ги водат операциите. Помошта од странство е суштински важна, бидејќи бунтовниците мора од некаде да добиваат обука, оружје и опрема. Бунтовничката организација обично не е строго централизирана и тоа наметнува можност за нејзино фракционирање како и за нарушување на безбедноста на информациите кои тие сакаат да ги заштитат. Бунтовниците се ранливи на разузнавање преку прислушкување и следење на комуникација. За ширење на пропаганда, бунтовниците се ограничени кои медиуми може да ги користат. Комуникацијата човек на човек останува клучен начин за ширење на пропаганда и придобивање на популацијата.

Анализирајќи ги исходите од внатрешните конфликти во Косово, Ирак, Авганистан, Македонија и Израел, може да се заклучи дека во случаевите кога една од спротивставените страни нема на своја страна светска сила која активно ја помага, таа страна најверојатно ќе биде поразена. Од друга страна кога бунтовниците имаат активна поддршка од соседна земја скоро да е невозможно тие целосно да бидат воено поразени, без разлика на воената сила на противбунтовниците. Бунтовниците не успеваат само поради своите паметни одлуки, туку пред се преку експлоатирање на грешките на противбунтовниците и незадоволството на популацијата. Бунтовниците со своите првични акции се обидуваат да предизвикат погрешна реакција на противбунтовниците која тие ќе може да ја експлоатираат за добивање внатрешна и надворешна поддршка. Тие не мора да нудат решенија, доволно е да ги истакнат маните на власта. Поради големата зависност од поддршка од барем една соседна земја, власта во земјата која ги поддржува бунтовниците може да влијае врз целите на бунтовничката организација. За исходот на противбунтовништвото голема улога имаат и меѓународните фактори. Секоја

држава може да има различен став, согласно своите национални интереси. Државите и меѓународните организации не застануваат од страна на правдата и меѓународното право, туку се однесуваат во согласност со своите интереси. Клучна е поддршка од соседните земји, поради обезбедување контрола на границата. Покрај соседите важни фактори во меѓународната средина се светските и регионалните сили. **Воените победи не се клучни. Многу е поважно кој ќе победи во медиумскиот простор и во надворешната политика.** Од историски анализи на противбунтовништвата е дојдено до одредување на принципи кои треба да се почитуваат за успешно водење на противбунтовништвото: сваќање на оперативната средина, легитимитет на власта, единство на напорите, политичарите се најважни, операциите треба да бидат водени врз основа на разузнавачки информации, бунтовниците мора да бидат изолирани од нивната цел и од поддршката која ја добиваат, безбедност и почитување на законите, менаџирање на изјавите на авторитетите и очекувањата на популацијата, употреба на соодветно ниво на сила, учење и адаптирање, давање на овластувања на најниско ниво и поддршка на домашната власт.

Има 3 варијабли од кои зависи успехот, т.е. неуспехот на противбунтовништвата. **Тие фактори се: способноста на безбедносните сили, начин на владеење и надворешна поддршка на бунтовниците со постоење засолниште за истите.** Политичарите се на врвот од сите три столба на кое се засновува противбунтовништвото, т.е. на чело на политиката, економијата и безбедноста. За да бидат успешни во тоа**, политичарите треба да се лица кои се запознаени со противбунтовништвото од теоретски аспект.** Воените и полициските сили може само времено да компензираат во недостаток на политичко решение за конфликтот. Противбунтовништвото е конфликт во кој победник не е оној кој убил повеќе, **туку оној кој ќе ја убеди популацијата дека ќе победи и дека со нив ќе им биде подобро.** Полициските и воените сили треба да ја сватат природата и карактеристиките на противбунтовништвото. Секој припадник на овие сили со своја погрешна

постапка може да нанесе стратегиска штета на противбунтовниците. Разузнавачката заедница би требало да биде првата структура на државата која би ја открила и осознала заканата од бунтовништвото и од бунтовничката организација. Разузнавањето како и самото противбунтовништво треба да биде водено од земјата која се соочува со бунтовништво, а во соработка со надворешни сојузници. Разузнавачките служби, на државата која се соочува со бунтовништво, треба да бидат способни да собираат информации за предусловите за постоење на бунтовништво и факторите кои влијаат врз истото, како и за самата бунтовничка организација. Доколку разузнавањето е расцепкано и има долги процедури за добивање на информации од другите државни институции тоа ќе биде неспособно за реализиција на својата улога во противбунтовништво. Неспособно разузнавање ќе оневозможи лицата кои донесуваат одлуки, да ги донесуваат истите врз објективни проценки за реалноста, туку сосема обратно одлуките ќе бидат донесувани врз нецелосни или погрешни проценки. Противбунтовништвото не се состои само од постапки, туку и од креирање на перцепции кај популацијата, бунтовниците, противбунтовниците и кај меѓународните фактори. Како дел од секоја операција на противбунтовниците треба да биде и операцијата за менаџирање со информации. Свои ОИ ќе имаат и бунтовниците, а медиумите ќе известуваат од двете страни. Една од стапиците во кои може да влезат противбунтовниците е самите да си створат перцепција дека против нив има заговор и дека медиумите од другите земји се пристрасни кон бунтовниците. **За секоја операција на противбунтовниците потребно е паралелно со нејзино планирање, да се подготви и план за информирање на сите целни групи, од страна на противбунтовниците**. Како клучен процес за успешно противбунтовништво е и процесот на разоружување, демобилизација и реинтеграција. Овој процес дава шанса на бунтовниците, самоволно да станат член на општеството, кој ја признава власта и законите во државата. Тој се состои во собирање на оружјето од бунтовниците но и во нивно повторно реинтегрирање во општеството, како суштински дел и основна цел на овој

процес. Неуспех во овој процес и покрај поразување на бунтовништвото, може да води кон ново насилство во форма на оружан криминал или ново бунтовништво. Држава која се соочува со бунтовништво несомнено ќе се соочи со потребата за промени во повеќе сектори. Трите столба на противбунтовништвото се политика, безбедност и економија, а предусловите за почеток на бунтовништво е постоење на незадоволство. Со тоа се подразбира дека во тие три сектори ќе бидат потребни реформи кои на крај би довеле до отстранување на основните причини поради кое бунтовништвото почнало. Реформите во безбедносниот сектор се првите кои треба да се направат, а реформите во политиката се најважни. Добро политичко помирување без економска помош може да води кон стабилност, додека никаков степен на макроекономска подршка не може да доведе до стабилност во отсуство на валиден политички процес.

Разузнавањето е клучен процес во противбунтовништвото и е процес кој вклучува планирање и насочување, собирање на информации, обработка на информациите, изработка на разузнавачки продукти и дистрибуција на разузнавачките продукти до корисниците во соодветна форма. Во вооружените сили улогата на разузнавањето во процесот на донесување на одлуки е високо формализиран. Во цивилните државни институции разузнавањето е исто така регулирано на начин кој соодветствува со процесите на донесување одлуки во истите. Разузнавачките служби не ја креираат политиката на државата, во однос на безбедноста, но се неопходни за креирање на политика која се базира на реалната состојба, а не на субјективни желби и претстави на политичарите. Улогата на разузнавачката служба во државите вообичаено е уредена со закон. Методите за доаѓање до информации и обученоста на персоналот за разузнавачки активности се специфични и сложени. Разузнавањето е поделено на дисциплини со кои се собираат информации. Собирање на разузнавачки информации е дел од разузнавачкиот процес кој следува после побарувањето за информации. Собирање на разузнавачките податоци е сложен процес кој опфаќа користење на повеќе разузнавачки дисциплини и различни ресурси,

истовремено и последователно. Она што е најважно за собирањето на разузнавачки податоци е тајноста. Преку процесот на собирање на информации се добиваат сирови, необработени информации кои сами по себе не даваат одговор на прашањето поставено од побарувачите на разузнавачки информации. После собирањето се врши обработка на информациите т.е. класифицирање, преведување, толкување и други постапки на обработка преку кои стручни лица ја претвораат сировата информација во разбирлива и употреблива информација. После првичната обработка информацијата веќе станува разузнавачка информација. За да бидат полесни за обработка потребно е разузнавачките информации да се изработуваат користејќи стандардизирани обрасци, исти термини за прецизно дефинирани поими и прецизни и јасни степени за одредување на кредибилитет на изворот и веродостојност на информацијата. **Разузнавачките продукти не се наменети за разузнавачите туку за политичарите и командантите.** После произведување на разузнавачките продукти тие се доставуваат до лицата кои врз основа на нив треба да донесат одлуки и до други лица кои го имаат побарано продуктот. Бидејќи непријателите на државите оперираат на територијата на истата и надвор од неа, а тероризмот, организираниот криминал и бунтовничките организации се поврзани и делуваат низ повеќе земји и разузнавачките служби имаат потреба да делуваат и да добиваат информации и надвор од територијата на својата земја. Билатералната соработка меѓу службите на различни земји обично вклучува споделување на разузнавачки информации и анализи на теми од взаемен интерес. Меѓународната соработка и покрај можните проблеми е нужност, која мора да постои и да биде јасно регулирана со постоечки законски акти и меѓународни договори.

Разузнавачите во противбунтовништво е потребно да собираат податоци за цивилната средина и за суштинските причини за постоење на бунтовништвото. За да го остварат тоа тие изработуваат план за собирање податоци за цивилната средина кој во себе содржи побарувања за собирање информации за области, структури, способности, организации, луѓе и настани. Дел од бараните

информации за цивилните фактори може да се добијат од државни институции како катастар, полиција, локални власти, а друг **дел може да се добие само преку човечки контакт со популацијата.** Друг план за собирање на разузнавачки информации во противбунтовништво е планот за собирање информации за суштинските причини за постоење на бунтовништво, т.е. **собирање податоци за ранлива популација, лидери и недостаток на контрола од власта.** За собирање објективни информации според овој план е потребно да се располага со човечки извори на информации кои ја уживаат довербата на локалното население и кои може изворно да ги добијат информациите за незадоволствата. Откривајќи дека постојат предуслови и кои се причини за нивното постоење, разузнавачите им обезбедуваат можност на донесувачите на одлуки **да делуваат уште пред бунтовничката организација да се развие, а бунтовништвото да биде јавно видливо дека постои**. Една од клучните задачи на разузнавачите во противбунтовништво е откривање на бунтовниците инфилтрирани во структурите на државата, т.е. контраразузнавањето. Покрај претходното, разузнавачите собираат информации и за метео и географските услови, за опремата, формацијата, обученоста, способностите, локацијата и активностите на бунтовничките групи. На стратегиско ниво разузнавачите собираат информации и за меѓународните фактори кои влијаат врз противбунтовништвото, како што се соседни држави, регионални и светски сили, меѓународни организации и други недржавни актери. Најсоодветна дисциплина за собирање на разузнавачки информации во противбунтовништво е ХУМИНТ, по неа следува СИГИНТ, а помалку соодветни се ОСИНТ и ИМИНТ. Обработката на податоците во противбунтовништво се карактеризира со тоа што разузнавачките информации се во голема мерка добивани од човечки извори. Во процесот на обработка на информации од човечки извори е најважно одредувањето на веродостојноста на информацијата и кредибилитетот на изворот. Друга карактеристика на обработката на информации во противбунтовништво е фактот дека се обработуваат податоци за перцепија на популацијата. За да биде сватена

перцепцијата на популацијата потребно е да се познаваат етничките, верските и социјалните карактеристики на популацијата. Субјективноста кај луѓето е тешко целосно да се острани и кога тоа е случај кај изворите и агентите и кога тоа е случај кај разузнавачите. Заклучувањето во разузнавачките служби треба да се засновува на научни методи на заклучување. Наместо да бидат доминантни графичките прикази за можно воено делување на силите на противникот, во противбунтовништво разузнавачите развиваат варијанти како бунтовниците ќе ги искористат незадоволствата на популацијата на краток и долг рок. Во противбунтовништвото продуктите на разузнавачите, врз основа на кои треба да се донесуваат одлуки, ќе бидат текстови објаснети со табели, графички прикази на трендови и слично, а во помала мерка ќе бидат прикази на географски терени на кои ќе бидат нанесени локации и големина на бунтовничките сили. Кога последните ќе станат доминантни, значи дека бунтовниците преминале во последната своја фаза, т.е во маневарска војна, а противбунтовниците претходно направиле многу грешки. Но колку и да се квалитетни, доколку продуктите не се достават навремено до лицата кои се овластени да донесуваат одлуки разузнавачкиот процес е залуден. Ефектите од разузнавачките продукти зависат од времето кога стануваат достапни, обемот и содржината во која ќе се достапни и од персоналот на кого ќе бидат достапни. Проблемот кој се јавува со доставување на класифицирани разузнавачки информации на политичари и лица од државната администрација е нивната способност да ја зачуваат тајноста на класифицираните информации добиени од разузнавачите. Разузнавачките продукти може да бидат доставувани електронски (преку информатичка, радио или телефонска мрежа) или курирски. Таму каде далечината е голема, а брзината е важна, ќе доминира електронскиот пренос на информациите. Таму каде тајноста е клучна, а брзината не е толку суштинска курирскиот пренос е посоодветен.

Во противбунтовништво е голема веројатноста дека дел од донесувачите на одлуки на некој начин се поврзани со бунтовниците. Заради тоа разузнавачите треба да ги откријат агентите на бунтовниците кои се

инфилтрирани во нивните инситуции. Противбунтовништвото исто како и бунтовништвото не може да се води на територија на една земја. Тоа наметнува потреба на остварување на соработка на политичко, економско, но и на разузнавачко ниво со служби од други држави.

Од истражувањето на неколку бунтовништва беше заклучено дека противбунтовниците постигнале лоши резултати кога имале разузнавачки служби кои: не биле способни за собирање на информации со сите разузнавачки дисциплини, немале развивано проценки за случување на среден и долг рок, разузнавачките продукти не им биле разновидни, работата на службите во противбунтовништво не била правно регулирана нниту пак била регулирана со постоење на доктрини и правила за работа на службите во противбунтовништво. Земјите кои имале разузнавачки служби: кои биле способни за собирање на информации со користење на сите разузнавачки дисциплини, кои биле способни за собирање информации во и надвор од земјата каде се случува бунтовништвото, кои доставувале обемни и разновидни по содржина информации, кои доставувале проценки за развојот на настаните на краток, среден и долг рок, не дозволиле бунтовниците да ги исполнат своите цели. Успешноста на водење на противбунтовништво на власта, зависи од добивање проценки како може да се развива состојбата на краток, среден и долг рок, во однос на факторите кои влијаат на противбунтовништвото и од истовремено користење различни разузнавачки дисциплини на територијата на матичната држава и надвор од неа.

Од анализа на согледуваните примери во истражувањето може да се заклучи дека во идните бунтовништва најверојатно ќе има многу широк спектар на побарувања за информации од разузнавачките служби. Властите на државата која се соочува со бунтовништво може да побарува информации од областа на внатрешната и надворешната политика, организиран криминал, економски проблеми и тенденции во државата, перецепции на популацијата и нивни незадоволства, постоење на нелегални политички организации со

проценки за нивните способности и делување, постоење на радикални религиозни и етнички организации со проценки за нивни способности и делување, инфилтрирани агенти на странски разузнавачки служби во власта и делување на странски разузнавачки служби, интереси на други држави, цели на други држави и проблеми кај истите кои може да имаат импликации врз државата. За согледување на мислењето на популацијата ќе се користат во голема мерка и социјалните мрежи на интернет, а разузнавачите ќе мора да ги развијат способностите за користење на најразновидни извори и да ги надминат пречките кои ги носи различна религија, јазик и култура. Разузнавачките производи во различна форма ќе бидат достапни на многу корисници, а не само на лицата кои донесуваат одлуки. Разузнавачите ќе собираат и докази за противбунтовниците, а за нивно понатамошно судско процесуирање или за користење на истите во операции за информирање. Разузнавачките служби ќе соработуваат со сите државни органи и ќе имаат потреба за брз и таен пристап до сите податоци со кои располагаат истите. Разузнавачките служби ќе имаат големи аналитички тела и способност за брза обработка на голем број информации.

Работата на разузнавачките служби треба да биде прецизно регулирана со закони и подзаконски акти. Во таквите акти е потребно да се регулираат механизми кои би спречиле злоупотреби од страна на разузнавачите, но и злоупотреби и притисоци од политичарите и командантите, посебно во случај на противбунтовништво. Разузнавачите во случај на противбунтовништво ќе треба да ги изнесуваат и перцепциите и сомнежите за погрешни одлуки на политичарите и за нивна корумпираност и вмешаност во криминал. Разузнавачите треба да се одговорни на самиот политички врв, како претседател или премиер, а не на структури на пониско ниво. Со таквата поставеност би се намалила можноста да се врши притисок врз разузнавачите за промена на нивните известувања и проценки или истите да бидат спречувани во нивната работа. Правната регулираност на употребата на

разузнавачките служби во противбунтовништво влијае врз ефективноста и ефикасноста на разузнавањето во противбунтовништво.

Согледувајќи ја улогата и способностите на ВСБиР во МО на Р. Македонија, се дојде до следниот заклучок: малата бројна состојба на ВСБиР, ниският степен на формализација на работата и немањето брз пристап до сите бази на податоци на државните инситуции негативно влијаат врз способноста на ВСБиР за следење на индикатори со кои би можело да се утврди постоење на предуслови за противбунтовништво. Но покрај слабостите, **ВСБиР располага со образован и кадар со меѓународно искуство, оспособен да извршува разузнавачки активности согласно НАТО доктрините, тактики, техники и процедури.** Таквиот кадар дава основа за идниот развој на ВСБиР. Меѓународното образование и уникатното, за Македонија, искуството кое го има кадарот на ВСБиР, го прави воеността разузнавање клучно во моменталните спсособности на Р. Македонија за водење противбунтовништво.

Може да се заклучи дека разузнавањето има клучно влијание врз успешноста на водење противбунтовништво, бидејќи разузнавачките служби се единствени способни да дадат објективна и сеопфатна слика за факторите, во и надвор од државата, од кои зависи успешноста на противбунтовништво.

## 9.БИБЛИОГРАФИЈА


1. Адријан Гелке “Новата ера на тероризмот и меѓународниот политички систем“, Магор, Скопје, 2009;
2. Иван Бабановски, „ОНА терористичка паравојска во Македонија“, ВЕДА-Скопје, 2002 година;
3. Квигин Томас, Да се Види Невидливото, Разузнавањето за Националната Безбедност во Несигурно Време, World Science Puplishing Co. Pte. Ltd., 2007;
4. Мајкл Херман “Моќта на разузнавањето во мир и во војна“, Академски печат, Скопје, 2009;
5. Методија Дојчиновски, Фердинанд Оџаков, “Разузнавачки операции и асиметрични закани“, Скопје, 2010;
6. Митко Котовчевски “Борба против тероризмот“, Македонска цивилизација, Скопје, 2004;
7. Митко Котовчевски “Современи разузнавачки служби“, Македонска цивилизација, Скопје, 2002;
8. Митко Котовчевски, Тајни Служби, Македонска Цивилизација, Скопје, 1999;
9. М. Котовчевски, С. Божиновска, *Англиско-Македонски Речник на Разузнавачка Терминологија*, Скопје, Филозофски Факултет, 2007;
10. Панде Петровски “ Сведоштва-2001“, Киро Дандаро, Битола, 2006;
11. Радошин Рајовић, „Уставни развој од конституисања аутономије до реформе 1989“, Косово: Прошлост и садашњост, Међународна политика, Белград, 1989;
12. Рина Киркова, “Статусот на Косово: меѓу минатото и иднината“, Македонска ризница, Скопје 2004;
13. Херман Мајкл, Моќта на Разузнавањето во Мир и Војна, Cambridge University Press, 1996, Академски печат, 2009;
14. Amit R. Paley, “In Baghdad a Force Under the Militias' Sway“ Washington Post, 2006;
15. Azriel Peskowitz, IO on the Counterinsurgency battlefield: Three case studies, Queens College, Flushing, NY, USA, 2010;
16. Central Intelligence Agency, *A Consumers Guide to Intelligence*, Office of Public Affairs, 1999;
17. Christopher Paul, Colin P. Clarke, Beth Grill, Victory has Thousand Fathers, Sources of Success in Counterinsurgency, RAND, 2010;
18. COL Ralph O. Baker “ The Decisive Weapon: A Brigade Combat Team Commander's Perspective on Information Operations,” Military Review , May-June 2006;

19. David Kilcullen, The Accidental Guerrila: Fighting Small Wars in the Midst of a Big One, Oxford University Press, 2009;

20. David Galula, Counter-Insurgency Warfare Theory and Practice, Frederick A. Praeger, Inc., New York, USA, 1964;

21. Department of Defense, USA, Defense Science Board Task Force on Defense Intelligence, Counterinsurgency (COIN) Intelligence, Surveillance and Reconnaissance (ISR) Operations, Washington, DC, February 2011;

22. David Binder,"In Yugoslavia Rising Ethnic Strife Brings Fears of Worse Civil Conflict" , The New York Times, Nov 1 1987,

23. DoD, JP 1-02-Dictionary od Military Associated Terms, USA, 2010;

24. German Army Office, Prelimenary basics for the role of land forces in counterinsurgency, Colougne 2010;

25. Forest, James J. F. Countering terrorism and insurgency in the 21st Century: international perspectives, volume 1: strategic and tactical considerations. Wesport, CT: Praeger Security International, 2007;

26. Forest, James J. F. Countering terrorism and insurgency in the 21st Century: international perspectives, volume 2: combating the sources and facilitators. Wesport, CT: Praeger Security International, 2007;

27. Forest, James J. F. Countering terrorism and insurgency in the 21st Century: international perspectives, volume 3: lessons for the fight against terrorism. Wesport, CT: Praeger Security International, 2007;

28. Foulk, Vincent L. The battle for Fallujah: occupation, resistance and stalemate in the Iraq war. Jefferson, NC: McFarland, 2007;

29. Hardesty, Steven. Countering irregular threats: a comprehensive approach. Quantico, VA: Marine Corps Combat Development Command, 2006, 12 p. available online at http://library/resources/e-docs/usa/usmc%20publications/usmc_countering_irregular_threats.pdf;

30. Headquarters of the Army, USA, FM-3-24.2, Tactics in Counterinsurgency, Washington, DC, April 2009;

31. Headquarters of the Army, USA, FM 3-24, Counterinsurgency, Washington, DC, December 2006;

32. Hoffman Bruce, *Insurgency and Counterinsurgency in Iraq*, Rand Corporation, National Security Research Division, 2004;

33. Hulnick S. Arthur, *OSINT: Is it really Intelligence?,* 2008, http://citation.allacademic.com//meta/p_mla_apa_research_citation/2/8/1/2/1/pages281211/p281211-3.php;

34. HQ, Department of the Army, USMC, FM 101-5-1, MCRP 5-2A, Operational Terms and Graphics, Washington, DC, September 1997;

35. HQ, Department of the Army, FM 34-3, Intelligence Analysis, Washington, DC, March 1990;
36. HQ, Department of the Army, FM 34-130, Intelligence Preparation of the Battlefield, Washington, DC, July 1994;
37. HQ, Department of the Army, FM 2-01 ISR Syncronization, Washington, DC, March 2009;
38. HQ, Department of the Army, FM 2-0, Intelligence, Washington, DC, March 2009;
39. ICR Balkans Report 109, The Macedonian Question, Reform or Rebellion, April 2001, Skopje/Brusseles;
40. Jens Ringmose, Kenneth Pedersen, Lars Mouritsen, Peter Dahl Thruelsen, The Anatomy of Counterinsurgency Warfare, Faculty of Strategy and Military Operations, Royal Danish Defence College, Copenhagen, 2008;
41. Joint Chiefs of Staff, Joint Publication 3-24, Counterinsurgency operations, USA October 2009;
42. Keith W. Mines, Economic Tools in Counterinsurgency and Postconflict Stabilization: Lessons learned (and relearned) in al Anbar, Iraq, 2003–04, http://www.fpri.org/enotes/20060928.military.mines.economictoolscounterinsurgency.html;
43. Long, Austin. "On other war": lessons from five decades of RAND counterinsurgency research. Santa Monica, CA: RAND Corporation, 2006, 101 p. available online at http://www.rand.org/pubs/monographs/2006/RAND_MG482.pdf;
44. Lowenthal M. Mark, *Intelligence, From Secret to Policy*, CQ Press, Washington DC 20037, 2006;
45. LTC Mark Ulrich, Cutting the Gordian Knot, The Counterguerrilla's Guide to Defeating Insurgencies and Conducting Populist Centric Operations, 2010;
46. LTC Philippe Moreaux, COIN for the Company Commander: A Few Thoughts for Those in the Fight, CAAT, ISAF, Kabul, Avfganistan, October, 2010;
47. Mackinlay, John. Defeating complex insurgency: beyond Iraq and Afghanistan. Whitehall Paper No. 64. London: RUSI, 2005;
48. Marine Corps Combat Development Command. Tentative manual for countering irregular threats: an updated approach to counterinsurgency operations. Quantico, VA: Marine Corps University, 2006, 157 p. Online only at http://library/resources/e-docs/usa/usmc%20publications/usmc_tentative_manual_counterinsurgency.pdf;
49. Mao Tse-tung, On Guerrila Warfare, Department of the US Navy, April 1989;
50. Marrin Stephen, Preventing Intelligence Failures by Learning from the Past, International Journal of Intelligence and Counterintelligence, 17/4, 2004;

51. Mercado C. Stephen, *Sailing the Sea od OSINT in the Information Age*, Studies of Intelligence, vol. 48, no.3, 2004, https://www.cia.gov/library/center-for-the-study-of-intelligence/csi-publications/csi-studies/studies/vol48no3/article05.html;

52. NATO, Allied Joint Doctrine for Counterinsurgency (COIN) AJP-3.4.4, February 2011;

53. Nagl, John A. Learning to eat soup with a knife: counterinsurgency lessons from Malaya and Vietnam. Chicago: University of Chicago Press, 2002;

54. North Atlantic Treaty Organization, *NATO Open Source Intelligence Handbook*, 2001, http://www.au.af.mil/au/awc/awcgate/nato/osint_hdbk.pdf;

55. North Atlantic Treaty Organization, Intelligence Exploitation of the Internet, 2002, http://www.au.af.mil/au/awc/awcgate/nato/exploit_internet.pdf;

56. North Atlantic Treaty Organization, *NATO OSINT Reader*, 2002, http://www.au.af.mil/au/awc/awcgate/nato/osint_reader.pdf;

57. PIPA, The Iraqi Public on the US Presence and the Future of Iraq, 2006, http://www.worldpublicopinion.org/pipa/pdf/sep06/Iraq_Sep06_rpt.pdf;

58. Raimundo Rodriguez Roca, Information Operations during Counterisnurgency Operations: Essential Option for a limited Response, Athena Intelligence Journal, Vol. 3, No 1, 2008;

59. Rapp N. Jeffrey, Intelligence Requirements for Military Operations Other than War: A Low Technology Business, Now and in the Future, U.S Army War College, Carlisle Barracks, 1998;

60. Seth G. Jones, Counterinsurgency in Afghanistan, RAND National Defense Research Institute, 2008;

61. Steele David Robert, *Open Source Intelligence*, Draft Chapter for The Handbook of Intelligence Studies, http://www.oss.net/dynamaster/file_archive/060318/4f0e72062574bcc6ecd90aa05b586f8c/Draft%20Chapter%20for%20Handbook%2c%20Open%20Source%20Intelligence%201.2.doc;

62. Steven Metz, Raymond Millen, Insurgency and Counterinsurgency in the 21st Century: Reconceptualising threat and response, Strategic Insitute Studies Insitute, 2004;

63. Steven Metz, learning from Iraq: Counterinsurgency in American Strategy, Strategic Studies institute, 2007;

64. Seth G. Jones, Counterinsurgency in Afghanistan, RAND National Defense Research Institute, 2008;

65. Thomas R. Mockaitis, THE IRAQ WAR: LEARNING FROM THE PAST, ADAPTING TO THE PRESENT, AND PLANNING FOR THE FUTURE, Strategic Studies Institute, Pennsylvania, 2007;

66. Violeta Petroska-Beska, Mirjana Najcevska, MACEDONIA Understanding History, Preventing Future Conflict, US Institute of Peace, Washington, DC, February 2004;

Интернет извори:

1. http://www.au.af.mil
2. http:// www.americankafir.com
3. http://www.amnesty.org
4. http:// www.web.archive.org
5. http:// www.articles.latimes.com
6. http://www.b92.net
7. http:// www.books.google.mk
8. http://www.breitbart.com
9. http://www.britains-smallwars.com
10. https://www.cia.gov
11. http://www.chabotstrategies.com
12. http://www.defense.gov
13. http://www.deshmoretekombit.com
14. http:// www.economics.ouls.ox.ac.uk
15. http:// www.etd.lsu.edu
16. http:// www.en.wikipedia.org
17. http://www.fundforpeace.org
18. http://www.guardian.co.uk
19. http://www.geetha.mil.gr
20. http:// www.hdr.undp.org
21. http://www.hrw.org
22. http://www.independent.co.uk
23. http://www.intelligence.senate.gov
24. http://www.iraqbodycount.org
25. http:// www.ispeak4palestine.wordpress.com
26. http://www.isaf.nato.int
27. http://www.internal-displacement.org

28. http://www.jewishpress.com
29. http:// www.sim.law.uu.nl
30. http://www.smallwarsjournal.com
31. http://www.longwarjournal.org
32. http://www.merriam-webster.com
33. http:// www.mirror.wikileaks.info
34. http://www.mfa.gov.il
35. http://www.mossad.gov.il
36. http://www.neuroscience-arena.com
37. http:// www.news.bbc.co.uk
38. http:// www.old.btselem.org
39. http:// www.osgoodcenter.org
40. http:// www.oxforddictionaries.com
41. http://www.pravo.org.mk
42. http://www.rand.org
43. http://www.regjeringen.no
44. http://www.realclearworld.com
45. http://www.roa.org
46. http://www.scribd.com
47. http://www.strategicstudiesinstitute.army.mil
48. http://www.shabak.gov.il
49. http://www.serendipity.li
50. http:// www.sq.wikipedia.org
51. http://www.terrorism-info.org.il
52. http://www.usip.org
53. http:// www.uk.reuters.com
54. http:// www.wesscholar.wesleyan.edu
55. http://www.washingtonpost.com
56. http://www.youtube.com